# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ



25 YEARS SKOPJE OFFICE
FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

БРОЈ 11
09|2021




http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/18268.pdf

# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ИМПРЕСУМ

**ПРЕДИЗВИЦИ** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четири пати годишно
(март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА III
БРОЈ 11
СЕПТЕМВРИ 2021
бесплатен примерок

**ИЗДАВА**
ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА – СКОПЈЕ

**РЕДАКЦИЈА:**
м-р Нита Старова
Огнен Малески
д-р Ванчо Узунов
д-р Ана Чупеска
м-р Лура Положани

**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Ели Гроздановска, КОНТУРА

**ПЕЧАТИ:**
КОНТУРА

**ТИРАЖ:**
150



Текстовите се примаат на адреса:
Фридрих Еберт Фондација
бул. 8 Септември 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

# ЕДИТОРИЈАЛ



ОГНЕН МАЛЕСКИ

Во подготовките на секој нов број на „Предизвици“ за Уредувачкиот тим најделикатно прашање отсекогаш беше да се одбере водечката тема којашто по својата актуелност и значењето во општеството во дадениот миг најмногу кореспондира со интересот на читателите. Овој пат се случи спротивното – темите самите се наметнаа. Тие имаат толку големо значење и исклучителна важност за македонската држава/општество и сите нејзините граѓани што при нивното утврдување немаше никакви разногласија или дилеми. Најнапред, станува збор за највисокиот државен празник 8 Септември и значајниот јубилеј – 30 години независна и суверена Република Северна Македонија. Следниот тематски блок е посветен на одбележувањето на 20-годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, по што следи (за жал) веќе години на ред актуелната тема – добивањето датум за отпочнување на преговорите за членство во Европската Унија.

„Граѓани и граѓанки на Македонија! Дозволете ми вечерва на вас и на сите граѓани на Македонија да ви ја честитам слободна, суверена и самостојна Македонија“. Со овие едноставни зборови, искажани со многу емоции, тогашниот претседател на Републиката, Киро Глигоров, им го честиташе резултатот од Референдумот на граѓаните собрани на централниот плоштад во Скопје, како и на целокупната македонска јавност. Од тој 8-ми Септември 1991 година, до денес, Република Северна Македонија мина низ многу премрежиња: негирања и блокади, воени закани на границите, мачен процес на меѓународно признавање, атентат на претседателот на државата со цел нејзина дестабилизација, внатрешен вооружен конфликт, бегалски кризи, итн. Со мудрост и истрајност македонските граѓани, честопати и со активно учество и поддршка од меѓународниот фактор, успеваа секогаш да дојдат до неопходниот консензус и да направат сериозен исчекор кон реализацијата на своите национални приоритети. Денес, Република Македонија е рамноправна членка на меѓународната заедница, активен партиципиент во глобалните и регионалните организации и иницијативи, од

минатата година членка на најголемиот воено-политички сојуз во светот, НАТО, и држава којашто во целиот изминат период остана целосно посветена на својата аспирација, јавно прокламирана уште при првото самостојно стапнување на меѓународната сцена – полноправно членство во Европската Унија.

Настаните од 2001 година – воениот конфликт кој сериозно ги разниша темелите на македонската држава/општество – преставуваа сериозен тест за иднината на земјата. Но, и овој пат надвладеаја: мудроста, разумот и заедничкиот интерес на граѓаните на Република Северна Македонија, што доведе до потпишување на Охридскиот рамковен договор и негово натамошно преточување во правниот систем на земјата. Овој документ овозможи мирна иднина и натамошна демократска изградба на општеството, со рамноправно учество на сите етнички заедници. Во процесот на неговото договарање значајно беше и учеството на меѓународниот фактор, преку претставниците на: САД, ЕУ, НАТО и ОБСЕ. Периодот од дваесет години од неговото потпишување претставува, секако, добар повод за повторно навраќање, потврда и/или (пре)оценување на неговото историско значење и ефектите врз општествениот развој кој следеше по него.

Во моментот на договарање на третата тема, очекувањата на политичарите, аналитичарите и на целокупната македонска јавност беа насочени кон вторите парламентарни избори во Бугарија (јули 2021) кои требаше да водат кон формирање на нова политичка влада, со што би се овозможило деблокирање на разговорите/преговорите кои треба да доведат до ревидирање на бугарското вето, односно давање согласност за добивање на датум за преговори за членство во Европската Унија. За жал, очекувањата (слично како и по првите избори во април 2021 година) не се остварија и политичките партии во Бугарија не успеаја да се согласат околу формирањето на коалициона влада. Сега надежите и очекувањата се свртени кон следните, трети по ред, парламентарни избори коишто ќе се одржат на 14-ти ноември, заедно со претседателските избори. Но, што реално можеме да очекуваме во периодот што следи? Дали нашите заложби и поддршката од САД, ЕК и дел од влијателните членки на ЕУ може да доведе до позитивно придвижување? Тоа се само дел од бројните прашања поврзани со нашите европерспективи кои повторно се актуелизираат и бараат објективна анализа.

На овие три теми во овој најнов број на нашето списание се осврнуваат носители на највисоките државни функции во Република Северна Македонија, како и истакнати поединци од научните кругови, од јавниот живот и аналитичари кои на нив им приоѓаат и ги анализираат од оваа временска дистанца.

*Член на Редакцијата на списанието*

# СОДРЖИНА


3 ЕДИТОРИЈАЛ

6 ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ: ШТО НАПРАВИВМЕ И ШТО ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ ВО ИДНИНА?

СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ

12 ДОСТИГНУВАЊАТА ИЛИ ПРОМЕНИТЕ ПО ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР

ARRITJET OSE NDRYSHIMET PAS MARRËVESHJES SË OHRIT

ТАЛАТ ЏАФЕРИ

26 ГОРДА СУМ ШТО 30-ГОДИШНИНАТА ОД НЕЗАВИСНОСТА ЈА ПРОСЛАВИВМЕ КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА

35 САМИ НА СВОЕТО?!

ГОРДАН ГЕОРГИЕВ

47 ГОВОР ПО ПОВОД ЧЕСТВУВАЊЕТО НА ИЛИНДЕН НА МЕЧКИН КАМЕН

НИКОЛА РИСТАНОВСКИ

52 ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА – КРИТИЧКА РЕТРОСПЕКТИВА И ПОГЛЕДИ КОН СЛЕДНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

ИВАН ДАМЈАНОВСКИ

66 ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (1991-2021)

ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО – ОД МИТ ДО РЕАЛНОСТ

НАНО РУЖИН

82 КОН „САМИ НА СВОЕТО“ – КРАТКА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НЕЗАВИСНОСТ (1990-1993)

ДАЛИ УЧИМЕ ОД СОПСТВЕНИТЕ ГРЕШКИ?

МИШО ДОКМАНОВИЌ

94 КОМЕМОРИРАЊЕ И МЕМОРИЈАЛИЗАЦИЈА НА КОНФЛИКТОТ ОД 2021 ГОДИНА: КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

ЛИДИЈА ГЕОРГИЕВА
НАУМ ТРАЈАНОВСКИ

105 ИДНИНАТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ИДЕЈА ЗА СЛОБОДАТА ПО 2020

КАТЕРИНА КОЛОЗОВА


## *МИСЛЕЊА*


110 ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ И ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ

ИРЕНА ШУМЕНКОВСКА

115 ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ, ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ОХРИДСКИ РАМКОВЕН ДОГОВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ КАКО НАЈБИТНА ОДРЕДНИЦА НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЗЕМЈАТА

ПЕТАР ЗДРАВКОВСКИ

118 КАДЕ ЌЕ БИДЕМЕ ВО 2041 ГОДИНА?

СТЕФАН ИВАНОВСКИ

123 ЕТНОЦЕНТРИСТИЧКА МЕНТАЛНА НАВИКА – ПЛОДНО ТЛО ЗА ПРОПАГАНДИЗИРАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

ТАМАРА ЈОВАНОВИЌ



# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ: ШТО НАПРАВИВМЕ И ШТО ТРЕБА ДА ПРАВИМЕ ВО ИДНИНА?

СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ

**ВО ОВИЕ ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ИМАВМЕ ПРИЛИКА ДА ПОТВРДИМЕ ЕДНА ВИСТИНА, ЕДНА РЕАЛНОСТ, А ТАА Е ДЕКА ОПСТОЈОТ И ПРОСПЕРИТЕТОТ НА НАШАТА НЕЗАВИСНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА ЗАВИСАТ ОД ДВА ПРОЦЕСА: ОД ВНАТРЕШНАТА ИНКЛУЗИВНОСТ И ОД НАДВОРЕШНАТА ИНТЕГРИРАНОСТ. МУЛТИЕТНИЧКИОТ СОЖИВОТ И ВЕКОВНАТА ТРАДИЦИЈА НА ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТА СЕ НАШАТА НАЈГОЛЕМА ВРЕДНОСТ И ТОА НЕ Е ТАКА САМО ВО ПИШАНИТЕ ДОКУМЕНТИ СО КОИ ЌЕ СЕ ФАЛИМЕ ПРЕД СВЕТОТ, ЗА ТОА ПОСТОЈАТ МНОГУБРОЈНИ ПРИМЕРИ ВО НАШЕТО СЕКОЈДНЕВИЕ КАДЕ ШТО И РАДОСТА И ТАГАТА ЛУЃЕТО ЕДНАКВО ЈА ДЕЛАТ, НЕЗАВИСНО ОД НИВНАТА ВЕРА ИЛИ НАЦИЈА**

Кога еден народ создава своја држава, тогаш секој поединец неминовно доаѓа до сознанието дека неговата судбина и иднина, неговиот развој и напредок се нераскинливо поврзани со судбината и иднината на државата што ја создал. Како што државата е одговорна за своите граѓани, така и секој еден од нас е одговорен за државата, затоа што од нас самите зависи нејзиниот опстанок и нејзините перспективи.

Оттука, 30-годишниот јубилеј на независноста на македонската држава е можност и за колективно преиспитување на нашата совест. Прашањето коешто уште во далечната 1903-та го постави Крсте Петков Мисирков за нашата генерација и денес има еднаква тежина: Што направивме и што треба да правиме во иднина? Искрениот и реален одговор е дека ова е прашање за секој еден од нас, но, најмногу за сите досегашни политички раководства, чија одговорност е далеку најголема и пред предците кои ги оставија коските по планините за да ја направат оваа држава, не помалку за нашите деца и внуци, за нашата младост.

За да дојде до своја држава нашиот народ во изминатиот век и половина има поминато низ една од најголемите голготи што ја памети европската историја. Само да се потсетиме дека во завршната етапа, независноста ја стекнавме во исклучително сложени геополитички и безбедносни околности, на крајот на Студената војна и на почетокот на крвавиот распад на југословенската федерација. Во такви услови, сите критериуми за меѓународно признавање ги исполнивме без употреба на навреди и насилство, ниту кон соседите, уште помалку кон сопствените граѓани. Тогашното лидерство имаше тешка задача, да изгради плурални демократски институции за кои немавме претходно историско искуство, да ја трансформира економијата врз нови основи, да создаде нови општествени правила и навики за да ѝ овозможи на државата да опстане и да се развива во новиот глобален поредок.

Во овие триесет години имавме прилика да потврдиме една вистина, една реалност, а таа е дека опстојот и просперитетот на нашата независна македонска држава зависат од два процеса: од внатрешната инклузивност и од надворешната интегрираност. Мултиетничкиот соживот и вековната традиција на почитување на различноста се нашата најголема вредност и тоа не е така само во пишаните документи со кои ќе се фалиме пред светот, за тоа постојат многубројни примери во нашето секојдневие каде што и радоста и тагата луѓето еднакво ја делат, независно од нивната вера или нација.

Тргнувајќи од Крушевскиот манифест, преку Рамковниот договор, сè до денешните модели на заедничко живеење, се провлекува суптилната нишка на инклузивноста која ги држи различните етникуми заедно и во добро, и во лошо. Најголем успех на државата е ако сите нејзини граѓани, независно дали се: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци или припадници на помалите етнички групи, независно дали се: христијани, муслимани, Евреи или атеисти, ја чувствуваат како своја татковина.

Но, истовремено, иднината на државата зависи и од нашата целосна интеграција во битните меѓународни организации затоа што малите држави не можат да опстанат во денешниот глобален и немирен свет, ако се сосема сами, без сојузници и пријатели. Уште на самите почетоци на независноста, сите релевантни политички и општествени субјекти постигнаа општ консензус околу неопходноста од членство во Северноатлантската алијанса и во Европската

економска заедница. Освен што ја јакнеа меѓуетничката кохезија, евроатлантските интеграции ги помируваа и политичките противници. Интеграциските процеси беа, и сè уште се, и мотив и средство за достигнување на европските стандарди на живеење во многу области.

Земени заедно, внатрешната инклузивност и надворешната интеграција се клучните оски за долгорочна стабилност и просперитет на нашата држава. Северна Македонија може да напредува само ако сите нејзини граѓани ја чувствуваат како своја татковина, и ако е целосно интегрирана во западната заедница на народите.

Овие две оски на нашата стабилност секогаш не беа усогласени. Понекогаш тоа беше поради притисокот на надворешните фактори врз кои ние немавме никакво влијание. Негирањата и заканите, двојните стандарди, политичките блокади на нашите интегративни процеси ни одзедоа премногу време и енергија. Затоа, направивме тешки, но неопходни политички компромиси, со цел да отвориме нови перспективи и да излеземе од изолацијата во која некои свесно нè туркаа.

Но, да бидеме искрени, за дел од проблемите сме и самите виновни. Години и години изгубивме додека се обидувавме да извршиме историски инженеринг врз нашето потекло и корени кои се неспорни и одамна потврдени или кога некои права поврзани со статусот и вклученоста на етничките заедници во заедничката држава долго време ги држевме на маргините. Од време, на време, прекумерната етнизација на политиката и партизацијата на институциите дополнително ја влошуваа состојбата, што доведуваше до меѓуетнички тензии, политички кризи и длабоки поделби меѓу граѓаните коишто ја нарушија нивната доверба во сопствената држава.

Ефектите од долгата и мачна транзиција придонесоа постепено пред наши очи да се оформи најголемата опасност и закана за нашата иднина, а тоа е – масовното иселување на нашите граѓани. Младите, но и повозрасните, се иселуваат тогаш кога ќе престанат да веруваат дека државата може да обезбеди услови за пристоен живот, достоен за човекот во 21-от век.

Во овој контекст, некои го поставуваат прашањето дали воопшто ја заслуживме независноста. Според мене, тоа е прашање од сосема поинаков категоријален статус коешто не треба да го мешаме

**А, ТОА ШТО НИ НЕДОСТАСУВА СИТЕ ГО ЗНАЕМЕ: ДА СЕ ПОЧИТУВАМЕ МАЛКУ ПОВЕЌЕ МЕЃУ СЕБЕ, ДА РАЗБЕРЕМЕ ДЕКА ПОИНАКВИОТ ОД НАС НЕ Е НАШ НЕПРИЈАТЕЛ, ДЕКА ПОЛИТИКАТА Е БОРБА ЗА ИДЕИ И КОНЦЕПТИ ЗА ПОДОБРО ДЕНЕС И УТРЕ, А НЕ БОРБА НА ЖИВОТ И СМРТ. АКО УСПЕЕМЕ ДА СЕ ПОМИРИМЕ И ДА ГО КАНАЛИЗИРАМЕ ЦЕЛОКУПНИОТ НАШ ПОТЕНЦИЈАЛ НИКОЈ НЕМА ДИЛЕМА ДЕКА ОВОЈ НАРОД: ИМА СИЛИ, ИМА ЗНАЕЊЕ, ИМА ЕНЕРГИЈА, ИМАМЕ ПАМЕТНИ МЛАДИ ЛУЃЕ КОИ ЌЕ ЗНААТ ДА СИ ЈА ДОУРЕДАТ ДРЖАВАТА**

со главното. Независноста стекната во 1991-та е третата и последна фаза на најголемиот национален проект во нашата историја, започнат и развиван преку двата Илиндена. Прашањата од типот, зошто денес имаме 450 евра просечна плата, а не илјада, дали бројката на невработени и иселени мораше да биде толку висока, или за квалитетот на услугите коишто државата ги испорачува на граѓаните, се апсолутно легитимни. Не треба да бегаме од фактот дека тие проблеми и тешкотии го проблематизираат ефектот од владеењето на сите политички елити од независноста, до денес. Меѓутоа, тоа на ниеден начин не ја поткопува идејата, не го негира историскиот императив да имате независна, слободна, и конечно, и најважно, наша, сопствена држава. Со сите свои недостатоци, власта којашто нашите граѓани ја избираат на слободни избори не може да биде полоша од било која власт однадвор наметната, а такви, за жал, во нашата историја имавме предолго.

И да не заборавиме дека сите наши: научни, уметнички, спортски и стратешки дострели во изминативе 30 години не ќе беа можни во таков обем ако немавме наша сопствена држава. Затоа, без и една секунда двоумење, без трунка сомнеж, можеме да кажеме дека македонската државност и независност е нашето најголемо историско достигнување со кое треба да се гордееме.

Но, што е со вториот дел од прашањето на Мисирков? Што треба да правиме во иднина, во наредните години и децении за да имаме побогата и подостоинствена живејачка? Самиот Мисирков го дава одговорот кога вели дека „за да си ја очистиме совеста пред народот наш за дадените од него жртви, треба да се зафатиме за ... работа." А тоа, почитувани сограѓани е само другото име на патриотизмот, бидејќи патриотизам се секојдневните жртви, но и секојдневното посветено работење за државата: за граѓаните, за семејството, за најблиските. Вистинскиот патриотизам значи почитување

на законите, одговорно користење на ресурсите и чување на животната средина бидејќи друга немаме. Вистинскиот патриотизам подразбира да ги воспитуваме нашите млади да бидат доблесни и одговорни личности.

А, тоа што ни недостасува сите го знаеме: да се почитуваме малку повеќе меѓу себе, да разбереме дека поинаквиот од нас не е наш непријател, дека политиката е борба за идеи и концепти за подобро денес и утре, а не борба на живот и смрт. Ако успееме да се помириме и да го канализираме целокупниот наш потенцијал никој нема дилема дека овој народ: има сили, има знаење, има енергија, имаме паметни млади луѓе кои ќе знаат да си ја доуредат државата.

Во Манифестот на АСНОМ се вели: „Каква Македонија ќе изградиме, таква ќе ја имаме." Но, уште поважно е да знаеме во каква држава сакаме да живееме. Ако сакаме младите генерации да останат во земјата и тука да живеат, да работат и создаваат иднина, мора да се потрудиме повеќе како држава и да им обезбедиме услови да успеат дома, во својата земја.

Република Северна Македонија треба да ја градиме како држава во која владеењето на правото ќе биде без алтернатива. Да вложуваме во квалитетно образование што ќе ги подготви младите да се вклучат во глобалната дигитална револуција. Да инвестираме во здравствен систем што ќе се грижи за здравјето на граѓаните, вреднувајќи го трудот на здравствените работници. Да го негуваме културното и историско наследство и да вложуваме во новата генерација артисти кои не се подолу од врвните во светот. Да градиме држава во која сите нејзини граѓани ќе чувствуваат дека имаат еднакви права и можности, држава без привилегирани и потчинети, без домаќини и гости. Солидарно и хумано општество што ќе го гарантира достоинството и на најранливите, и на најслабите негови членови.

**И ОВАА ГОДИНА, КОГА ГО ПРАЗНУВАМЕ КОНТИНУИТЕТОТ НА ТРИТЕ НАШИ ИЛИНДЕНИ, НЕ ТРЕБА ДА ИЗГУБИМЕ ОД ПРЕДВИД ДЕКА ДА СЕ ИМА СОПСТВЕНА, НЕЗАВИСНА ДРЖАВА Е ГОЛЕМА ПРИВИЛЕГИЈА, НО И ГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ. НИЕ НЕМАМЕ РЕЗЕРВНА ТАТКОВИНА. ОВА Е НАШИОТ ЕДИНСТВЕН, ЗАЕДНИЧКИ ДОМ И ТОЈ ЌЕ БИДЕ ПРИСТОЈНО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ САМО ДОКОЛКУ СЕКОЈ ОД НАС ГО ВЛОЖУВА ВО НЕГО СВОЈОТ ТРУД И СВОЈАТА СОВЕСТ**

И оваа година, кога го празнуваме континуитетот на трите наши Илиндени, не треба да изгубиме од предвид дека да се има

сопствена, независна држава е голема привилегија, но и голема одговорност. Ние немаме резервна татковина. Ова е нашиот единствен, заеднички дом и тој ќе биде пристојно место за живеење само доколку секој од нас го вложува во него својот труд и својата совест. Притоа, се разбира дека одговорноста е најголема кај оние коишто ја добиваат честа да ја водат: општината, градот, владата или државата. Апсолутно сум убеден дека ако секој од нас се вложи за таа кауза до крај, без остаток, без калкулации, тогаш ќе имаме држава со којашто сите ќе се гордееме.

*(Авторот е Претседател на Република Северна Македонија)*




# ARRITJET OSE NDRYSHIMET PAS MARRËVESHJES SË OHRIT

TALAT XHAFERI

**VENDI I VOGËL ME PROBLEMET "E MËDHA" BALLKANIKE, RREZIKONTE SIGURINË RAJONALE DHE PIKËRISHT KJO ISHTE ARSYEJA PSE ISHTE ME RËNDËSI ESENCIALE DHE NË INTERES TË VENDEVE TË MËDHA DHE TË FUQISHME, TË ALEANCAVE, TË INKUADROHEN NË LEHTËSIMIN E ARRITJES SË ARMËPUSHIMIT MIDIS PALËVE DUKE NËNSHKRIMIT TË MARRËVESHJES. DHE JO, NUK ISHTE NËNSHKRIMI MIDIS FITIMTARËVE DHE HUMBËSVE, MIDIS FITUESVE DHE DËSHTUESVE, THJESHT, ISHTE NJË MËNYRË PËR TË VENDOSUR THEMELET PËR PAQEN DHE RELAKSIMIN DHE MË PAS RREGULLIMIN E MARRËDHËNIEVE NDËRETNIKE TË KOMUNITETEVE ETNIKE NË PLANIN E BRENDSHËM.**

Më 13 gusht 2021, shënuam 20-vjetorin e nënshkrimit të Marrëveshjes Kornizë të Ohrit ose siç e quajnë, Marrëveshjes së Paqes. Shënimi ishte në formën e manifestimit shumëditor që ishte një përzierje e ngjarjeve të ndryshme që përfshinin institucione të shumta nga aparati shtetëror, institucionet publike dhe pushteti lokal. Sidoqoftë, më duhet të konstatoj se sikurse nënshkrimi 20 vjet më parë, ashtu edhe shënimi, nuk shihen dhe pranohen në mënyrë të barabartë nga të gjithë faktorët politikë, intelektualë, kulturorë në vend, dhe rrjedhimisht edhe nga qytetarët e vendit, apo? Për atë se pse u nënshkrua Marrëveshja e Ohrit, mendoj se nuk ka nevojë të hyj në detaje, sepse, çfarëdo që të them, do të jetë diçka e përsëritur shumë herë deri më tani. Megjithatë, është fakt i padiskutueshëm se ka pasur konflikt ndëretnik që rrezikonte sigurinë e qytetarëve, integritetin territorial dhe sovranitetin e vendit. Palët e përfshira në konflikt nuk ishin as të panjohur, dhe as të huaj. Për disa ishin "terroristë", për disa "luftëtarë për liri", por një e vërtetë ishte e pamohueshme se, ishin qytetarë të vendit të cilët, qartë, në pamundësi për të arritur në mënyrë paqësore ato që quhen të drejta dhe liri legjitime, u orientuan kah mënyra e vetme që e kishin të mundur - konflikti i armatosur që paraqiste rre-

zik shtesë për të kaluar përtej kufijve të vendit dhe për të çrregulluar gjendjen e sigurisë edhe ashtu të lëkundur dhe të brishtë pas shpërbërjes së ish-Jugosllavisë. Vendi i vogël me problemet "e mëdha" ballkanike, rrezikonte sigurinë rajonale dhe pikërisht kjo ishte arsyeja pse ishte me rëndësi esenciale dhe në interes të vendeve të mëdha dhe të fuqishme, të aleancave, të inkuadrohen në lehtësimin e arritjes së armëpushimit midis palëve duke nënshkrimit të marrëveshjes. Dhe jo, nuk ishte nënshkrimi midis fitimtarëve dhe humbësve, midis fituesve dhe dështuesve, thjesht, ishte një mënyrë për të vendosur themelet për paqen dhe relaksimin dhe më pas rregullimin e marrëdhënieve ndëretnike të komuniteteve etnike në planin e brendshëm.

**KUPTOHET QË MARRËVESHJA KORNIZË E OHRIT, ISHTE MOMENT I RI PËR TË GJITHË NE, MEGJITHATË NËSE SHIKOJMË NGA PERSPEKTIVA E SOTME, AKTI QË NDRYSHOI TË ARDHMEN E VENDIT TONË, NË TË NJËJTËN KOHË ISHTE UDHËRRËFYESI JONË MË E MIRË PËR TË SIGURUAR STABILITET, QËNDRUESHMËRI DHE DIALOG KONSTRUKTIV, ISHTE SFIDË DHE NË VETVETE, E CILA I MUNDËSOI REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT TË JETË NJË RRËFIM I SUKSESSHËM QË ËSHTË SHEMBULL, JO VETËM NË RAJONIN TONË POR EDHE MË GJERË, NË NIVEL GLOBAL**

Përfaqësuesit e atëhershëm politikë, me mbështetjen dhe inkurajimin e parezervë të partnerëve strategjikë ndërkombëtarë dhe miqve shumë herë të dëshmuar, me guxim dhe urtësi ndihmuan në arritjen e armëpushimit me dialog të hapur dhe të drejtpërdrejtë politik në Ohër, qyteti ku u shtrua struktura e re për kohezionin tonë ndëretnik, duke vendosur rregullat e reja të kohezionit shoqëror, i cili do të jetë themeli më i fortë dhe më solid mbi të cilin të gjithë do të ndërtojmë së bashku të ardhmen tonë euroatlantike.

Nëse mendojmë dhe e shikojmë në mënyrë objektive diskursin e atëhershëm shoqëror, është për të ardhur keq që duhej të vendoset mekanizëm me të cilin do të rregullohen marrëdhëniet midis bashkësive, sigurimi i të drejtave të bashkësive që nuk janë shumicë në vend, mundësimi i të drejtës së shprehjes dhe mësimit në alfabetin dhe gjuhën e vet, e drejta e shprehjes së identitetit dhe veçorive të bashkësive etnike në sferën e kulturës, informimit, botimit dhe fushave të tjera dhe, zbatimi i parimit të përfaqësimit të drejtë dhe përkatës të qytetarëve që u përkasin të gjitha bashkësive në organet e pushtetit shtetëror dhe në institucionet tjera publike në të gjitha nivelet. Them për të ardhur keq, sepse të gjitha këto janë të drejta kaq natyrale dhe elementare, të cilat nuk duhej të ishin në rend dite, nëse të gjithë do të ishim mjaft

të vetëdijshëm dhe të çliruar nga paragjykimet, nga vetëpëlqimi dhe mendimi jo real se dikush ka më shumë dhe dikush ka më pak të drejtë ta ndiej këtë vend të vogël por të bukur të vetin dhe të gëzojë të gjitha të drejtat dhe bekimet që i ofron jeta në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Kuptohet që Marrëveshja Kornizë e Ohrit, ishte moment i ri për të gjithë ne, megjithatë nëse shikojmë nga perspektiva e sotme, akti që ndryshoi të ardhmen e vendit tonë, në të njëjtën kohë ishte udhërrëfyesi jonë më e mirë për të siguruar stabilitet, qëndrueshmëri dhe dialog konstruktiv, ishte sfidë dhe në vetvete, e cila i mundësoi Republikës së Maqedonisë së Veriut të jetë një rrëfim i suksesshëm që është shembull, jo vetëm në rajonin tonë por edhe më gjerë, në nivel global. Është marrëveshje e cila mundësoi hapësirë për trajtim të çështjeve që kanë të bëjnë me mundësimin dhe respektimin e të drejtave të të gjitha bashkësive në vend, potencoj, të gjithave, jo vetëm bashkësisë shqiptare. Edhe pse, dikush parapëlqen të thotë se është marrëveshje e cila i rregullon marrëdhëniet vetëm ndërmjet bashkësive më të mëdha etnike në vend, shqiptare dhe maqedonase, unë do të pyes me zë dhe me vendosmëri do ta demantoj këtë. A vlen me të vërtetë vetëm për bashkësitë shqiptare dhe maqedonase? Vallë përfaqësimi i drejtë dhe përkatës, përfshirja në vendimmarrjen politike dhe institucionale nuk vlen dhe nuk zbatohet në mënyrë të barabartë për të gjitha bashkësitë etnike? Vallë nuk kanë të gjitha bashkësitë dobi nga zbatimi i atij parimi të njëjtë? Kuptohet se kanë. Pikërisht ky është përfitim i rëndësishëm nga Marrëveshja Kornizë e Ohrit, respektivisht, edhe pse parim i imponuar, ai ndikoi në ngritjen e vetëdijes civile në drejtim të saj se çdo qytetar në vend është i barabartë dhe i ka të drejtat dhe obligimet e njëjta dhe se për bashkëjetesë dhe përparim të vërtetë, pjesëmarrja, kontributi dhe angazhimi i secilit individ është më se i vlerësuar dhe i mirëpritur. Parimi zbatohet në të gjitha

**U BËNË NDRYSHIME LIGJORE QË ISHIN ME RËNDËSI THELBËSORE PËR PËRFSHIRJEN E QYTETARËVE NGA KOMUNITETE TË NDRYSHME ETNIKE NË PUSHTETIN EKZEKUTIV, GJYQËSOR, NË RADHËT E ARMATËS, POLICISË, QEVERISJES VENDORE DHE RRJEDHIMISHT EDHE NË PUSHTETIN LEGJISLATIV, DUKE VENDOSUR KËSHTU THEMELE MË TË FORTA PËR DEMOKRATIZIMIN E INSTITUCIONEVE DHE FUNKSIONIMIN MË TË DREJTË TË SHOQËRISË SEPSE, INTEGRIMI NË SISTEM ËSHTË THELBËSOR PËR TË PASUR BESIM OSE PËR TË RIKTHYER BESIMIN E QYTETARËVE NË TË NJËJTIN SISTEM KU BËJNË PJESË EDHE VETË. DHE, QYTETARË TË KËNAQUR, NËNKUPTON, QYTETARË BESNIKË**

**EDHE ATËHERË KISHTE, EDHE TANI EKZISTOJNË PERSONA QË NUK JANË PLOTËSISHT TË BINDUR PËR DOMOSDOSHMËRINË, FUQINË, EFEKTIVITETIN DHE REZULTATET E KËSAJ MARRËVESHJEJE, POR NËSE JEMI PLOTËSISHT TË SINQERTË ME VETEN DHE TË GJITHË, NUK DO TË JEMI NË GJENDJE T'I MBYLLIM SYTË PARA TRANSFORMIMIT TË DUKSHËM TË SHOQËRISË SONË DHE DO TË DUHET TË PRANOJMË SE MARRËVESHJA KORNIZË E OHRIT PËRCAKTOI RREGULLAT E REJA TË KOHEZIONIT SHOQËROR DHE FUNKSIONIMIN MË TË MIRË NDËRETNIK, ISHTE THEMELI MË I FORTË DHE MË SOLID MBI TË CILIN E TRANSFORMUAM NË MËNYRË TË DUKSHME SHOQËRINË TONË MULTIETNIKE, MULTIKONFESIONALE DHE MULTIKULTURORE**

nivelet e pushtetit qendror dhe lokal, nga eshalonët më të lartë deri në më të ulët. Kemi Ministrinë e Sistemit Politik dhe Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive, në komunat ekzistojnë Komisionet e Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive. Domethënë, vetëm duhet të jepet, ose preferoj të them, të mundësohet hapësirë për çdo individ të mund ta japë kontributin e vet në shtëpi dhe jashtë. Megjithatë, ndryshimet e shprehive janë të vështira për pranim, ke ndjenjë sikur dikush është i paraprirë për gjithçka dhe se vetëm nga mëshira e tij varet se sa do i jepet tjetrit. Marrëveshja Kornizë e Ohrit, përmes mekanizmave që i vendosi, siç është votimi me Badenter, për parandalimin e majorizimit të një bashkësie etnike mbi tjetrën, përmes organeve të sapoformuara që i themeloi, siç është për shembull Komiteti i Marrëdhënieve Ndërmjet Bashkësive si trup konkret i dalë nga Marrëveshja Kornizë e Ohrit, i themeluar nga Kuvendi, me kompetenca të përcaktuara në pajtim me Amendamentin XII të Kushtetutës dhe Ligjin për Komitetin për Marrëdhënie ndërmjet Bashkësive, mundësuan hapësirë, kohë dhe vend për shprehjen e nevojave, arsyetimin e gjendjeve, shqyrtimin e çështjeve të cilat në mënyrë të drejtpërdrejtë i preknin bashkësitë etnike në vendin tonë marrëdhënia e ndërsjellë e të cilëve ose mungesa e marrëdhënieve në përgjithësi, paraqiste gur pengues dhe pengesë për rritjen dhe zhvillimin e vendit, pengesë për përparimin, integrimin dhe kontributin në proceset dhe veprimet rajonale dhe evropiane, ndërsa nuk mund të kontribuojmë globalisht, nëse nuk kemi paqe dhe marrëdhënie të qeta brenda, në shtëpi, me respekt të ndërsjellë të secilit anëtarë të familjes, qoftë edhe më i vogli, apo jo?

U bënë ndryshime ligjore që ishin me rëndësi thelbësore për përfshirjen e qytetarëve nga komunitete të ndryshme etnike në pushtetin ekzekutiv, gjyqësor, në radhët e Armatës, policisë, qeverisjes vendore

**DO TË PËRFUNDOJ ME FJALËT SE NUK ISHTE ASPAK E LEHTË, AS QË SHKOI GJITHÇKA PA PROBLEME, POR KUR KA TOLERANCË, DËSHIRË PËR PAQE DHE PËRPARIM, VULLNET, GATISHMËRI PËR KOMPROMIS DHE VEÇANËRISHT, GUXIM POLITIK DHE PËRGJEGJËSI PËR TË ARDHMEN E VENDIT, TË RINISË SONË, ATËHERË NUK KA ASNJË ÇËSHTJE APO MOSMARRËVESHJE QË NUK MUND TË ZGJIDHET NË TRYEZË, ME KARTA TË HAPURA DHE DIALOG TË DREJTPËRDREJTË DHE TË PALODHSHËM, DERI NË SHTERJEN E MUNDËSISË MË TË VOGËL PËR ARRITJEN E NJË KOMPROMISI APO NJË MARRËVESHJEJE TË PRANUESHME, SEPSE VETËM ME NJË KOMPROMIS DYPALËSH MUND TË VIJMË NË NJË REZULTAT POZITIV. MARRËVESHJA KORNIZË E OHRIT ËSHTË PIKËRISHT NJË REZULTAT I ATILLË**

dhe rrjedhimisht edhe në pushtetin legjislativ, duke vendosur kështu themele më të forta për demokratizimin e institucioneve dhe funksionimin më të drejtë të shoqërisë sepse, integrimi në sistem është thelbësor për të pasur besim ose për të rikthyer besimin e qytetarëve në të njëjtin sistem ku bëjnë pjesë edhe vetë. Dhe, qytetarë të kënaqur, nënkupton, qytetarë besnikë.

Një nga përfitimet që dukej e vështirë për t'u pranuar ishte mundësia për tu drejtuar e deputetëve, personave të zgjedhur dhe të emëruar në gjuhën e tyre amtare. Ushtrimi i kësaj të drejte shkonte me shumë vështirësi dhe paqartësi dhe kërkim të çdo justifikimi për pengim. Krahas ngritjes së vetëdijes së qytetarëve, ishte e nevojshme të përgatiteshin institucionet dhe administrata për funksionim në pajtim me Ligjin për përdorimin e gjuhëve. Kuptohet, trajnimi i kuadrit të kërkuar të përkthyesve dhe interpretuesve është sfidë më vete.

Këtu vijmë në një moment të ri, një përfitim të ri: Universiteti i Evropës Juglindore, zyrtarizimi i Universitetit të Tetovës, themelimi i Universitetit të ri Shtetëror "Nënë Tereza". Gjithë këto janë institucione të arsimit të lartë të sapokrijuara që edukojnë të rinj të bashkësisë shqiptare por edhe nga të gjitha bashkësitë tjera në mënyrë që ata të mund të kontribuojnë në rritjen dhe zhvillimin e vendit. Janë krijuar një sërë institucionesh të tjera në fushën shkencore, kulturore, historike, të cilat ruajnë, kultivojnë zhvillojnë dhe i afrojnë te të gjithë qytetarët veçoritë e të gjitha bashkësive etnike që janë pjesë e shoqërisë në Republikën e Maqedonisë së Veriut. Vetëm me respekt të ndërsjellë për veçoritë, do të njihemi më mirë dhe do të jemi në gjendje të ndërtojmë një të ardhme të përbashkët për shtetin tonë të përbashkët.

Edhe atëherë kishte, edhe tani ekzistojnë persona që nuk janë plotësisht të bindur për domosdoshmërinë, fuqinë, efektivitetin dhe

rezultatet e kësaj marrëveshjeje, por nëse jemi plotësisht të sinqertë me veten dhe të gjithë, nuk do të jemi në gjendje t'i mbyllim sytë para transformimit të dukshëm të shoqërisë sonë dhe do të duhet të pranojmë se Marrëveshja Kornizë e Ohrit përcaktoi rregullat e reja të kohezionit shoqëror dhe funksionimin më të mirë ndëretnik, ishte themeli më i fortë dhe më solid mbi të cilin e transformuam në mënyrë të dukshme shoqërinë tonë multietnike, multikonfesionale dhe multikulturore. U transformuam si shoqëri, maturuam si politikanë, si qytetarë, horizontet tona u hapën dhe arritëm të shohim tablonë e madhe para së cilës qëndrojmë të gjithë së bashku, me një qëllim të qartë të përbashkët para nesh - dhe kjo është Republika e Maqedonisë së Veriut të jetë një rrëfim suksesi për demokraci të avancuar parlamentare, moderne, tani më vend-anëtar i plotfuqishëm në NATO, me shpresë së shpejti dhe anëtare e familjes së madhe evropiane, por mbi të gjitha, shtëpi e të gjithë anëtarëve të bashkësive të ndryshme etnike, fetare, kulturore, shtëpi e të gjithë qytetarëve. Kemi mbështetjen e pa rezervë të miqve tanë ndërkombëtarë dhe partnerëve strategjikë që ishin me ne dhe e ndihmuan konceptin dhe arritjen e paqes përmes dialogut të hapur dhe të drejtpërdrejtë politik dhe janë pranë nesh edhe tani kur i gëzojmë rezultatet e domosdoshmërisë, fuqisë dhe efektivitetit të Marrëveshjes së Ohrit. Marrëveshja e Ohrit, si instrument efektiv për demokratizimin e vendit, duke ruajtur ekuilibrin etnik në vendimmarrjen politike me konsensus në praktikë konfirmohet si model i suksesshëm që mund të miratohet dhe zbatohet edhe nga vendet tjera, veçanërisht ato në rajon që kanë probleme të ngjashme ndëretnike. Ajo dhe Marrëveshja e Prespës, e cila mbylli kontestin e emrit me Greqinë, janë modele se si të eliminohen dyshimet dhe mungesa e besimit mes njerëzve dhe së bashku të kontribuohet në zhvillimin dhe të ardhmen e vendeve dhe rajonit. Me këto dy marrëveshje me të cilat Republika e Maqedonisë së Veriut arriti të mbyllë dy konteste të mëdha që na kanë shoqëruar që nga pavarësia, jo vetëm deklarativisht por edhe praktikisht konfirmoi se është faktor stabiliteti në rajon.

Do të përfundoj me fjalët se nuk ishte aspak e lehtë, as që shkoi gjithçka pa probleme, por kur ka tolerancë, dëshirë për paqe dhe përparim, vullnet, gatishmëri për kompromis dhe veçanërisht, guxim politik dhe përgjegjësi për të ardhmen e vendit, të rinisë sonë, atëherë nuk ka asnjë çështje apo mosmarrëveshje që nuk mund të zgjidhet në tryezë, me karta të hapura dhe dialog të drejtpërdrejtë dhe të palodhshëm,

deri në shterjen e mundësisë më të vogël për arritjen e një kompromisi apo një marrëveshjeje të pranueshme, sepse vetëm me një kompromis dypalësh mund të vijmë në një rezultat pozitiv. Marrëveshja Kornizë e Ohrit është  pikërisht një rezultat i atillë.

*(Autori është Kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut)*

# ДОСТИГНУВАЊАТА ИЛИ ПРОМЕНИТЕ ПО ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР

ТАЛАТ ЏАФЕРИ

**МАЛАТА ДРЖАВА СО „ГОЛЕМИТЕ“ БАЛКАНСКИ ПРОБЛЕМИ, ЈА РИЗИКУВАШЕ РЕГИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ТОКМУ ЗАТОА БЕШЕ ОД СУШТИНСКА ВАЖНОСТ И ВО ИНТЕРЕС И НА ГОЛЕМИТЕ И МОЌНИ ЗЕМЈИ, СОЈУЗИ, ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ОЛЕСНУВАЊЕТО НА ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ПРИМИРЈЕТО МЕЃУ СТРАНИТЕ СО ПОТПИШУВАЊЕ НА ДОГОВОР. И НЕ, НЕ БЕШЕ ТОА ПОТПИШУВАЊЕ МЕЃУ ПОБЕДНИЦИ И ПОРАЗЕНИ, МЕЃУ ДОБИТНИЦИ И ГУБИТНИЦИ, БЕШЕ, ЕДНОСТАВНО, НАЧИН ДА СЕ ПОСТАВИ ОСНОВАТА ЗА МИРОТ И РЕЛАКСИРАЊЕТО А ПОТОА И РЕГУЛИРАЊЕТО НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ВНАТРЕШЕН ПЛАН**

На 13 август 2021 година, одбележавме полни 20 години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор или како што го нарекуваат, Договорот на мирот. Одбележувањето беше во вид на повеќедневна манифестација која беше сплет на разновидни настани кои вклучуваа бројни институции од државниот апарат, од јавните институции и локалната власт. Сепак, морам да констатирам дека како и потпишувањето пред 20 години, така и одбележувањето, не се гледаат и прифаќаат подеднакво од сите: политички, интелектуални, културни чинители во земјава, следствено и граѓаните на земјава, нели? За тоа, зошто дојде до потпишувањето на Договорот во Охрид, мислам дека нема потреба да одам во детали, бидејќи што и да речам ќе биде нешто многупати досега повторено. Меѓутоа, неспорен факт е дека дојде до меѓуетнички конфликт којшто ризикуваше: да ја загрози безбедноста на граѓаните, територијалниот интегритет и суверенитет на земјата. Страните вклучени во конфликтот не беа ниту непознати, ниту странци. За некого беа „терористи“, за некого беа „борци за слобода“, меѓутоа, непобитна вистина е дека беа граѓани на земјава кои, очигледно, во неможност за мирно постигнување на

тоа што се нарекува легитимни права и слободи, посегнаа по единствениот начин којшто им беше можен – оружен конфликт. Тоа претставуваше дополнителна опасност од прелевање и надвор од границите на земјата и нарушување на, и така разнишаната и фрагилна безбедносна ситуација по распаѓањето на поранешна Југославија. Малата држава со „големите" балкански проблеми, ја ризикуваше регионалната безбедност и токму затоа беше од суштинска важност и во интерес и на големите и моќни земји, сојузи, да се вклучат во олеснувањето на постигнувањето на примирјето меѓу страните со потпишување на договор.  И не, не беше тоа потпишување меѓу победници и поразени, меѓу добитници и губитници, беше, едноставно, начин да се постави основата за мирот и релаксирањето а потоа и регулирањето на меѓуетничките односи на етничките заедници на внатрешен план.

**СЕ РАЗБИРА ДЕКА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР БЕШЕ НОВ МОМЕНТ ЗА СИТЕ НАС, МЕЃУТОА АКО ПОГЛЕДНЕМЕ ОД ДЕНЕШНА ПЕРСПЕКТИВА, АКТОТ ШТО ЈА ПРОМЕНИ ИДНИНАТА НА НАШАТА ЗЕМЈА, ИСТОВРЕМЕНО БЕШЕ НАШ НАЈДОБАР ПАТОКАЗ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА, ОДРЖЛИВОСТА И КОНСТРУКТИВНИОТ ДИЈАЛОГ, БЕШЕ ПРЕДИЗВИК И САМ ПО СЕБЕ, ШТО ОВОЗМОЖИ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДА БИДЕ УСПЕШНА СТОРИЈА КОЈА Е ПРИМЕР, НЕ САМО ВО НАШИОТ РЕГИОН, ТУКУ И ПОШИРОКО, ГЛОБАЛНО**

Тогашните политички претставници, со безрезервна поддршка и охрабрување од меѓународните стратешки партнери и досега многупати докажани пријатели, храбро и мудро помогнаа во постигнувањето на примирјето со отворен и непосреден политички дијалог во Охрид, градот во којшто се постави новата структура за нашата меѓуетничка кохезија, со воспоставување на новите правила на општествена кохезија која ќе биде најцврстиот и најсолиден темел врз којшто ќе ја градиме сите заедно нашата евроатланска иднина.

Ако размислуваме и гледаме објективно на тогашниот општествен дискурс, тажно е што мораше да се воспостави механизам со кој ќе се регулираат односите меѓу заедниците, обезбедувањето на правата на заедниците кои не се мнозинство во земјава, овозможувањето на правото на изразување и настава на свое писмо и јазик, правото на изразување на идентитетот и особеностите на етничките заедници во областа на: културата, информирањето, издавачката дејност и други области и,

имплементацијата на принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите јавни институции на сите нивоа. Велам тажно, затоа што сè се тоа толку природни и елементарни права кои и не требаше да бидат на дневен ред, доколку сите бевме доволно свесни и растоварени од предрасудите, самобендисаноста и нереалното мислење дека некој има повеќе, а некој помалку право да ја чувствува оваа мала, но прекрасна земја, своја и да ги ужива сите права и благодати што ги нуди животот во Република Северна Македонија.

**СЕ НАПРАВИЈА ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ КОИ БЕА ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ОД РАЗЛИЧНИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ВО: ИЗВРШНАТА, СУДСКАТА ВЛАСТ, ВО РЕДОВИТЕ НА АРМИЈАТА, ПОЛИЦИЈАТА, ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ, СЛЕДСТВЕНО И ВО ЗАКОНОДАВНАТА ВЛАСТ. СО ТОА СЕ ПОСТАВИЈА ПОЦВРСТИ ТЕМЕЛИ ЗА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ И ПОПРАВИЧНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО. ИНТЕГРИРАЊЕТО ВО СИСТЕМОТ Е СУШТИНСКО ВО ИМАЊЕТО ДОВЕРБА ИЛИ, ПАК, ВРАЌАЊЕТО НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ ВО ИСТИОТ ТОЈ СИСТЕМ ЧИЈ ДЕЛ СЕ И САМИТЕ. А ЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ, ЗНАЧИ, ЛОЈАЛНИ ГРАЃАНИ**

Се разбира дека Охридскиот рамковен договор беше нов момент за сите нас, меѓутоа ако погледнеме од денешна перспектива, актот што ја промени иднината на нашата земја, истовремено беше наш најдобар патоказ за обезбедувањето на стабилноста, одржливоста и конструктивниот дијалог, беше предизвик и сам по себе, што овозможи Република Северна Македонија да биде успешна сторија која е пример, не само во нашиот регион, туку и пошироко, глобално. Тоа е договор којшто овозможи простор за третирање на прашања поврзани со овозможувањето и почитувањето на правата на сите заедници во земјава, потенцирам, на сите, не само на албанската заедница. Иако некој претпочита да каже дека е договор што ги регулира односите само помеѓу двете најголеми етнички заедници во земјава, албанската и македонската, јас гласно ќе запрашам и одлучно ќе го демантирам тоа. Дали навистина важи само за албанската и македонската заедница? Зарем правичната и соодветна застапеност, вклучувањето во политичкото и институционалното одлучување не важи и не се имплементира подеднакво за сите етнички заедници? Зарем немаат сите заедници полза од имплементацијата на тој ист принцип? Се разбира

дека имаат. Токму тоа е значајна придобивка од Охридскиот рамковен договор, односно иако наметнат принцип, тој влијаеше врз издигнувањето на граѓанската свест во насока на тоа дека секој граѓанин во земјава е еднаков и ги има истите права и обврски и дека за вистински соживот и напредок, учеството, придонесот и заложувањето на секој поединец е повеќе од ценет и добредојден. Принципот се применува во сите нивоа на централната и локалната власт, од највисоките, до најниските ешалони. Имаме Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, во општините постојат комисии за односи меѓу заедниците. Значи, само треба да се даде, или претпочитам да кажам, да се овозможи простор за секој поединец да може да го даде својот придонес дома и надвор. Меѓутоа, промените на навиките се тешки за прифаќање, се има чувство како некој да е предодреден на сѐ и само од неговата милост зависи колку ќе се даде на другиот. Со Охридскиот рамковен договор се воспоставија механизми, како што е гласањето по Бадентер (за спречување на мајоризација на една етничка заедница врз друга), новоформирани конкретни тела, како што е, на пример, Комитетот за односи меѓу заедниците (основан од Собранието), со надлежности утврдени согласно Амандманот XII од Уставот и Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Овие механизми овозможија: простор, време и место за искажување на потребите, образложување на состојбите, разгледување на прашањата коишто на директен начин ги тангираа етничките заедници во нашата земја, а чијшто заемен однос или, пак, немање однос воопшто, претставуваше „камен на сопнување" и пречка за раст и развој на земјата, пречка за напредување, интегрирање и придонесување во регионалните, европските и светските процеси и делувања. Ако нема мир и релаксирани односи внатре, дома, со заемна почит на секој еден член на семејството, па бил тој и најмалиот, нели, не може да придонесуваме и глобално?

Се направија законски измени кои беа од суштинско значење за инклузија на граѓаните од различните етнички заедници во: извршната, судската власт, во редовите на Армијата, полицијата, локалната власт, следствено и во законодавната власт. Со тоа се поставија поцврсти темели за демократизација на институциите и поправично функционирање на општеството. Интегрирањето во системот е суштинско во имањето доверба или, пак, враќањето на довербата

**И ТОГАШ, И СЕГА ИМА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ СОСЕМА УВЕРЕНИ ВО: НЕОПХОДНОСТА, МОЌТА, ЕФЕКТИВНОСТА И РЕЗУЛТАТИТЕ НА ОВОЈ ДОГОВОР, МЕЃУТОА ДОКОЛКУ БИДЕМЕ ЦЕЛОСНО ИСКРЕНИ ПРЕД СЕБЕ И ПРЕД СИТЕ, НЕМА ДА МОЖЕМЕ ДА ГИ ЗАТВОРИМЕ ОЧИТЕ ПРЕД ОЧИГЛЕДНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО И ЌЕ МОРАМЕ ДА ПРИЗНАЕМЕ ДЕКА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ГИ ПОСТАВИ НОВИТЕ ПРАВИЛА НА ОПШТЕСТВЕНАТА КОХЕЗИЈА И ПОДОБРОТО МЕЃУЕТНИЧКО ФУНКЦИОНИРАЊЕ, БЕШЕ НАЈЦВРСТИОТ И НАЈСОЛИДЕН ТЕМЕЛ ВРЗ КОЈ ВИДЛИВО ГО ТРАНСФОРМИРАВМЕ НАШЕТО: МУЛТИЕТНИЧКО, МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНО И МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО**

на граѓаните во истиот тој систем чиј дел се и самите. А задоволни граѓани, значи, лојални граѓани.

Една од придобивките која, се чини, беше тешка за прифаќање, беше можноста за обраќање на мајчин јазик на: пратениците, избраните и именуваните лица. Практикувањето на тоа право одеше со многу тешкотии и нејасности и барање на секакви изговори за попречување. Покрај издигнувањето на свеста на граѓаните, беше потребно и да се подготват институциите и администрацијата за функционирање во согласност со Законот за употреба на јазиците. Се разбира, оспособувањето на потребниот кадар на преведувачи и толкувачи е предизвик сам по себе.

Тука доаѓаме до еден нов момент, нова придобивка: Универзитетот на Југоисточна Европа, официјализацијата на Тетовскиот универзитет, основањето на новиот Државен универзитет „Мајка Тереза“. Сè се тоа новоформирани високообразовни институции во кои се образуваат млади кадри од албанската, меѓутоа и од сите други заедници, за да можат да го дадат својот придонес во растот и развојот на државата. Формирани се и ред други институции од: научната, културната, историската област, кои: ги чуваат, негуваат, развиваат и приближуваат до сите граѓани особеностите на сите етнички заедници кои се дел од граѓанството во Република Северна Македонија. Само со заемно почитување на особеностите, ќе се запознаеме подобро и ќе можеме да градиме заедничка иднина за нашата заедничка држава.

И тогаш, и сега има лица кои не се сосема уверени во: неопходноста, моќта, ефективноста и резултатите на овој договор, меѓутоа доколку бидеме целосно искрени пред себе и пред сите, нема да можеме да ги затвориме очите пред очигледната трансформација на нашето општество и ќе мораме да признаеме дека Охридскиот

рамковен договор ги постави новите правила на општествената кохезија и подоброто меѓуетничко функционирање, беше најцврстиот и најсолиден темел врз кој видливо го трансформиравме нашето: мултиетничко, мултиконфесионално и мултикултурно општество. Се трансформиравме како општество, созреавме како политичари, како граѓани, ни се отворија хоризонтите и успеавме да ја согледаме големата слика пред која стоиме сите заедно, со една заедничка јасна цел пред нас, а тоа е – Република Северна Македонија да биде успешна приказна за напредна парламентарна демократија, современа, сега веќе полноправна земја-членка на НАТО, со надеж набрзо и член на големото европско семејство, меѓутоа над сè, дом на сите припадници на различните: етнички, верски, културни заедници, дом на сите граѓани. Имаме безрезервна поддршка од нашите меѓународни пријатели и стратешки партнери кои беа до нас и го помогнаа концептот и постигнувањето на мирот, со отворен и непосреден политички дијалог и се до нас и сега кога ги уживаме резултатите од неопходноста, моќта и ефективноста на Охридскиот договор. Како ефикасен инструмент за демократизација на земјата, одржувајќи го етничкиот баланс во донесувањето на политичките одлуки со консензус, Охридскиот договор во пракса се потврдува како успешен модел кој може да се присвои и спроведе и од другите држави, особено оние во регионот кои имаат слични меѓуетнички проблеми. Тој, и Договорот од Преспа, со кој се затвори спорот околу името со Грција, се модели за тоа како може да се елиминираат сомнежите и отсуството на доверба меѓу луѓето и заедно да се придонесе во развојот и иднината на државите и регионот. Со овие два договора успеавме да затвориме два големи спорови кои нè придружуваа уште од независноста. Иста така, не само декларативно, туку и практично потврдивме дека Република Северна Македонија е фактор на стабилноста во регионот.

**ЌЕ ЗАКЛУЧАМ СО ЗБОРОВИТЕ ДЕКА НЕ БЕШЕ ВООПШТО ЛЕСНО, НИТУ ОДЕШЕ СÈ ГЛАТКО. МЕЃУТОА, КОГА ПОСТОИ: ТОЛЕРАНЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА МИР И НАПРЕДОК, ВОЛЈА, СПРЕМНОСТ ЗА КОМПРОМИС А ОСОБЕНО, ПОЛИТИЧКА СМЕЛОСТ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ИДНИНАТА НА ЗЕМЈАТА, НА НАШАТА МЛАДИНА, ТОГАШ НЕМА ПРАШАЊЕ ИЛИ СПОР ШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ РЕШИ НА МАСА, СО ОТВОРЕНИ КАРТИ И НЕПОСРЕДЕН И НЕУМОРЕН ДИЈАЛОГ, СÈ ДО ИСЦРПУВАЊЕ И НА НАЈМАЛАТА МОЖНОСТ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА КОМПРОМИС, ИЛИ ПРИФАТЛИВ ДОГОВОР. САМО СО КОМПРОМИС ОД СТРАНИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЕДЕН СПОР СЕ ДОАЃА ДО ПОЗИТИВЕН РЕЗУЛТАТ. ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР Е ТОКМУ ТАКОВ РЕЗУЛТАТ**

Ќе заклучам со зборовите дека не беше воопшто лесно, ниту одеше сѐ глатко. Меѓутоа, кога постои: толеранција, желба за мир и напредок, волја, спремност за компромис а особено, политичка смелост и одговорност за иднината на земјата, на нашата младина, тогаш нема прашање или спор што не може да се реши на маса, со отворени карти и непосреден и неуморен дијалог, сѐ до исцрпување и на најмалата можност за постигнување на компромис, или прифатлив договор. Само со компромис од страните вклучени во еден спор се доаѓа до позитивен резултат. Охридскиот рамковен договор е токму таков резултат.

*(Авторот е претседател на Собранието на Република Северна Македонија)*



# ГОРДА СУМ ШТО 30-ГОДИШНИНАТА ОД НЕЗАВИСНОСТА ЈА ПРОСЛАВИВМЕ КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА

**КОГА ЌЕ СЕ СВРТАМ НАЗАД ВО 30 ГОДИНИ САМОСТОЈНОСТ НА МАКЕДОНИЈА И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ГЛЕДАМ ЕДЕН ТРНЛИВ ПАТ, ИСПОЛНЕТ СО МНОГУ ПРЕПРЕКИ, КОЈ НЕМАШЕ ДА БИДЕ ИЗОДЕН АКО НЕ БЕА ОВДЕШНИТЕ СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИ. И САКАМ ЗА ТОА НАВИСТИНА ДА ДАДАМ ПРИЗНАНИЕ НА СЕКОЈ ПОЕДИНЕЧЕН СОЦИЈАЛДЕМОКРАТ, НА СЕКОЈ ЛИДЕР КОЈ ГИ ПРЕДВОДЕШЕ ВО ОВИЕ 30 ГОДИНИ, ПРАВЕЈЌИ ЕДНА ПАТЕКА ИЛИ ТРАК РЕКОРД КОЈА ЗБОРУВА ЗА УСПЕСИ И ПАДОВИ, НО УСПЕСИТЕ ПРЕОВЛАДУВАА ЗАТОА ШТО ВО СПРОТИВНО ДЕНЕС НЕМАШЕ ДА БИДЕМЕ ТОА ШТО СМЕ: ДРЖАВА КОЈА ЈА ПРОСЛАВИ 30-ГОДИШНИНАТА ОД НЕЗАВИСНОСТА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО**

Малку невообичаено, но сакам да почнам со честитка до германските социјалдемократи, во овој специјален момент за германската историја, за нивната победа која ќе биде инспирација за сите социјалдемократи ширум Европа. Herzlichen Glückwunsch zu Ihrem Sieg, liebe deutsche Sozialdemokraten. Сега сите погледи се свртени кон вас. Сигурна сум дека Германија направи добар избор и дека новите политики ќе одговорат на предизвиците на новото време што доаѓа.

Не случајно почнав со „политика“ бидејќи кога ќе се свртам назад во 30 години самостојност на Македонија и Северна Македонија, гледам еден трнлив пат, исполнет со многу препреки, кој немаше да биде изоден ако не беа овдешните социјалдемократи. И сакам за тоа навистина да дадам признание на секој поединечен социјалдемократ, на секој лидер кој ги предводеше во овие 30 години, правејќи една патека или трак рекорд која зборува за успеси и падови, но успесите преовладуваа затоа што во спротивно денес немаше да бидеме тоа што сме: држава која ја прослави 30-годишнината од независноста како

членка на НАТО. И на тоа сум посебно горда бидејќи и самата учествував во тие процеси, одблизу ги видов сите „ангели и демони" кои нѐ следеа на тој пат. Ѝ благодарам на Фондацијата „Фридрих Еберт" која ни овозможува низ такви ретроспективи да се потсетиме низ какви сцили и харибди сме поминале, и со тоа да се потсетиме дека треба: да си ги чуваме, негуваме и зголемуваме достигнувањата.

Минатиот месец бев во прва посета на Соединетите Американски Држави откако станавме членка на НАТО. Во САД како политичар сум била повеќе пати. Но, она што при оваа посета беше различно е третманот што го добив како членка на Владата и како министерка за одбрана. Секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин, се сретна со мене и покрај исклучително строгите ковид протоколи кои ги применува американската администрација. Пентагон широко ни ги отвори вратите, а беше организирана и свечена церемонија на откривање на македонското знаме во холот на НАТО во Пентагон, кое ќе стои таму заедно со знамињата на останатите 29 членки на Алијансата. Покрај Пентагон, вратите ни беа отворени и во Стејт Департментот каде имав средба и со новиот специјален пратеник на претседателот Бајден за Западен Балкан, Габриел Ескобар.

Политички посети и средби имало, и ќе има, но она што сакам да го потенцирам со епизодата во Вашингтон е колкав напредок сме постигнале од 8 Септември 1991 година кога со трепет во срцето и чувството на неизвесност ја прославивме успешната референдумска одлука за самостојност. Светот оваа вест ја дочека различно, дури и во соседството од каде добивме мешани реакции, од брзи одлуки за признавање на нашата самостојност (Бугарија), до нервозни реакции (Грција). Но, со оглед на земјотресот со кој другите земји-членки на тогашната Југославија излегоа од Федерацијата, самостојноста на Македонија не предизвика никакви бури. Меѓутоа, сакам да го споделам со читателите на списанието „Предизвици" мојот впечаток дека рамнодушноста со којашто беше дочекано прогласувањето на самостојноста на Македонија беше на некој начин и вовед во тешкотиите што нѐ очекуваа потоа на патот на меѓународното афирмирање, па дури и признавање. Пат кој траеше цели 30 години и кој имаше многу препреки.

Тој пат, на 27 март 2000 година заврши во НАТО, а продолжува кон Европската Унија. Навикнати на тешкотии како држава која се наоѓа на турбулентниот Балкан, не се сомневам дека и патот кон ЕУ

ќе го изодиме успешно. Некој еднаш напиша дека во ЕУ ќе влеземе тогаш кога веќе нема да ни биде гајле. Кога животот ќе го доведеме до ниво на членка на ЕУ, без оглед што не сме. Тој пат сега го одиме и јас од срце посакувам да го изодиме побрзо и поуспешно.

### Емоции и лекции

Кога се говори за македонската независност секогаш таквата дискусија е сериозно емотивна, но истовремено, возбудлива бидејќи создава можност за една рефлексија врз настаните и искуствата, подемите и падовите, текот на процесите и менувањето на општествените односи.

**РАМНОДУШНОСТА СО КОЈАШТО БЕШЕ ДОЧЕКАНО ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА САМОСТОЈНОСТА НА МАКЕДОНИЈА БЕШЕ НА НЕКОЈ НАЧИН И ВОВЕД ВО ТЕШКОТИИТЕ ШТО НÈ ОЧЕКУВАА ПОТОА НА ПАТОТ НА МЕЃУНАРОДНОТО АФИРМИРАЊЕ, ПА ДУРИ И ПРИЗНАВАЊЕ. ПАТ КОЈ ТРАЕШЕ ЦЕЛИ 30 ГОДИНИ И КОЈ ИМАШЕ МНОГУ ПРЕПРЕКИ.**
**ТОЈ ПАТ, НА 27 МАРТ 2000 ГОДИНА ЗАВРШИ ВО НАТО, А ПРОДОЛЖУВА КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НАВИКНАТИ НА ТЕШКОТИИ КАКО ДРЖАВА КОЈА СЕ НАОЃА НА ТУРБУЛЕНТНИОТ БАЛКАН, НЕ СЕ СОМНЕВАМ ДЕКА И ПАТОТ КОН ЕУ ЌЕ ГО ИЗОДИМЕ УСПЕШНО. НЕКОЈ ЕДНАШ НАПИША ДЕКА ВО ЕУ ЌЕ ВЛЕЗЕМЕ ТОГАШ КОГА ВЕЌЕ НЕМА ДА НИ БИДЕ ГАЈЛЕ. КОГА ЖИВОТОТ ЌЕ ГО ДОВЕДЕМЕ ДО НИВО НА ЧЛЕНКА НА ЕУ, БЕЗ ОГЛЕД ШТО НЕ СМЕ. ТОЈ ПАТ СЕГА ГО ОДИМЕ И ЈАС ОД СРЦЕ ПОСАКУВАМ ДА ГО ИЗОДИМЕ ПОБРЗО И ПОУСПЕШНО**

Реализацијата на операцијата за самостојност и независност на Македонија се одвиваше во исклучително тешки околности во предвечерието на распадот на СФРЈ. Изразот на силната верба во перспективата за нов почеток, за подобар живот и за подобра иднина во: демократска, слободна, самостојна, независна држава, резултираше со Референдумот за независна Република Македонија. Во тешките надворешно-политички односи тогашното политичко раководство имаше уште потешка задача, да успее да ја реализира волјата на народот да го оствари сопственото право на самоопределување.

Референдумот беше храбро и одлучно соочување и израз на силна верба во перспективата за нов почеток, за подобар живот и за подобра иднина во: демократска, слободна, самостојна, независна држава. Се сеќавам на воодушевувањето, но и на загриженоста што постоеше во тој период и, можеби, најмногу од сè, се сеќавам на скепсата со којашто беше дочекана нашата млада држава. Многу од

регионалните и меѓународни медиуми, како и од балканските експерти ни даваа мали шанси за успех. Главната проценка беше дека бројните конфликти низ Југославија нема да нè одминат, и тоа, можеби, ќе биде крај на државата.

**РЕФЕРЕНДУМОТ БЕШЕ ХРАБРО И ОДЛУЧНО СООЧУВАЊЕ И ИЗРАЗ НА СИЛНА ВЕРБА ВО ПЕРСПЕКТИВАТА ЗА НОВ ПОЧЕТОК, ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ И ЗА ПОДОБРА ИДНИНА ВО: ДЕМОКРАТСКА, СЛОБОДНА, САМОСТОЈНА, НЕЗАВИСНА ДРЖАВА. СЕ СЕЌАВАМ НА ВООДУШЕВУВАЊЕТО, НО И НА ЗАГРИЖЕНОСТА ШТО ПОСТОЕШЕ ВО ТОЈ ПЕРИОД И, МОЖЕБИ, НАЈМНОГУ ОД СÈ, СЕ СЕЌАВАМ НА СКЕПСАТА СО КОЈАШТО БЕШЕ ДОЧЕКАНА НАШАТА МЛАДА ДРЖАВА. МНОГУ ОД РЕГИОНАЛНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИ МЕДИУМИ, КАКО И ОД БАЛКАНСКИТЕ ЕКСПЕРТИ НИ ДАВАА МАЛИ ШАНСИ ЗА УСПЕХ. ГЛАВНАТА ПРОЦЕНКА БЕШЕ ДЕКА БРОЈНИТЕ КОНФЛИКТИ НИЗ ЈУГОСЛАВИЈА НЕМА ДА НÈ ОДМИНАТ, И ТОА, МОЖЕБИ, ЌЕ БИДЕ КРАЈ НА ДРЖАВАТА**

Денес, сметам дека достигнувањето, со сите моменти на радост и тага, е уште поголемо бидејќи во изминатите 30 години, речиси, од нула формиравме институции, изградивме држава и сме посилни.

Научивме дека проблемите треба да се решаваат кога ќе се појават, не треба да се чека да ескалираат. Држави кои имаат разноликост, како што е нашата, можат да имаат сила повеќе, но ќе имаат и прашања кои ќе мораат да ги разгледуваат, за кои ќе мора да седнат и да разговараат. Тешките прашања бараат тешки одлуки, но бараат отворен и искрен политички разговор.

### Охридскиот договор – пресвртна точка

Од моите лични искуства како учесник во преговорите за Охридскиот договор во летото 2001 година, ќе посочам на изборот кој го имавме во тие моменти – војна или мир. Денес сме таму каде што сме заради тоа што мнозинството граѓани и тие лидери избравме мир. Тоа беа одлуките, и тоа беше тежината што ја носеше секој во текот на овие охридски преговори.

Ако распадот на поранешна Југославија и војните што следеа се сметаат за најголемиот неуспех на политиката на „Западот“ (или т.н. меѓународна заедница) во 90-тите, убедена сум дека тогашна Македонија и Охридскиот договор беа нејзиниот најголем успех. Договорот одигра суштинска улога во воспоставувањето на Северна Македонија како мултиетничка демократија и спречи

поголем конфликт. Нашиот успех е што ја прифативме оваа голема промена, со што македонскиот народ како водечка етничка заедница во тоа време, покажа дека има и капацитет и дух да ја прифати реалноста на современата политика и да демонстрира цивилизациски скок кој ретко е виден во други држави.

**ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР Е ДАЛЕКУ ОД ИДЕАЛЕН. НЕ БЕШЕ ИДЕАЛЕН ТОГАШ И ДЕНЕС, НИЗ ДЕНЕШНА ПРИЗМА, КОГА ГО ЧИТАМЕ НЕ ИЗГЛЕДА ИДЕАЛЕН. КАКВИ ШТО НЕ СЕ ДОГОВОРИТЕ КОИШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ИЛИ БИЛЕ ФОРМИРАНИ ВО УСЛОВИ НА КОНФЛИКТ, ПА ДУРИ И ВОЈНА. МЕЃУТОА, ОХРИДСКИОТ ДОГОВОР НИ ПОКАЖА КОЈА Е ОПАСНОСТА КОГА ПРОБЛЕМИТЕ НЕ СЕ РЕШАВААТ И ТОЈ НИ ДАДЕ ШАНСА ДА ПОЧНЕМЕ ДА ДИСКУТИРАМЕ ЗА НАЈБОЛНИТЕ ПРАШАЊА КОИШТО, ОЧИГЛЕДНО, ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО И ДРЖАВА ТЛЕЕЛЕ, НО НЕ СЕ РЕШАВАЛЕ**

Охридскиот договор е далеку од идеален. Не беше идеален тогаш и денес, низ денешна призма, кога го читаме не изгледа идеален. Какви што не се договорите коишто произлегуваат или биле формирани во услови на конфликт, па дури и војна. Меѓутоа, Охридскиот договор ни покажа која е опасноста кога проблемите не се решаваат и тој ни даде шанса да почнеме да дискутираме за најболните прашања коишто, очигледно, во нашето општество и држава тлееле, но не се решавале.

Договорот ја имаше многу силната премиса дека нема воен одговор на политички прашања, дека нема територијално решавање на меѓуетничките проблеми. Од друга страна, точно е дека Охридскиот договор како и другите мировни договори не се ни обидуваше да биде амбициозен по прашањата како што се: кохезија, борба против стереотипите, создавање на зголемена доверба, прашања коишто денеска 20 години после Охридскиот договор, според мене се најважните теми.

### Преспанскиот договор – триумф на иднината над минатото

Без храброст не може ништо да се направи и токму храброста заедно со честа се најголемите доблести кои беа потребни да се реши и проблемот кој ја прогонува нашата земја од независноста, проблем за кој цената ја плаќавме со многу изгубени шанси и блокирани интеграции кои 11 години стоеја на слеп колосек. Мислам на спорот со Грција и Преспанскиот договор кој произлезе како решение.

Преспанскиот договор не е идеален. Но, тој е триумф на доброто над злото. Триумф на иднината над минатото. Крупен политички чекор мотивиран од љубовта кон својата татковина и кон својот народ, кон сегашните и идните генерации. Патриотски чин кој обезбеди политички и економски напредок на нашата татковина. И храброст без преседан во поновата политичка историја на нашата држава.

Но, патот беше долг и осамен. Повеќето луѓе кои го поддржуваа Охридскиот и Преспанскиот договор беа жестоко критикувани во нашата јавност. Лесно беше да се критикува договорот, да се каже дека нема да успее, да се создаде страв дека другата страна нема да испорача. Но, тоа што е лесно, честопати, не е најдоброто.

Преспанскиот договор е резултат на две балкански нации коишто одлучија да се однесуваат европски. И, со тоа покажаа дека сме созреале како луѓе, сме созреале како држави и дека сме созреале во мислата дека компромисот не е пораз, туку компромисот е победа, победа на разумот над лагите.

Преспанскиот договор не е признат само кај нас, туку во бројни европски говори, во многу европски анализи. Ќе биде пример како Балканот покажал автентичен европски дух.

**ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР НЕ Е ПРИЗНАТ САМО КАЈ НАС, ТУКУ ВО БРОЈНИ ЕВРОПСКИ ГОВОРИ, ВО МНОГУ ЕВРОПСКИ АНАЛИЗИ. ЌЕ БИДЕ ПРИМЕР КАКО БАЛКАНОТ ПОКАЖАЛ АВТЕНТИЧЕН ЕВРОПСКИ ДУХ. НО, ОНА ШТО МЕНЕ ЛИЧНО МЕ ФАСЦИНИРАШЕ, И ШТО МЕ ИСПОЛНИ СО ЧУВСТВО НА ГОРДОСТ Е КОГА ВИДОВ ДЕКА ГРАЃАНИТЕ ГО ПРЕПОЗНАА МОМЕНТОТ, МИГОТ, ЈА ПРЕПОЗНАА ВАЖНОСТА НА ОВАА ПОЛИТИКА И НЕ НИ СВРТЕА ГРБ. ЈАС НЕ СУМ СВЕДОЧЕЛА НА ТАКОВ ДРУГ ЧИН НА ДЕМОНСТРАЦИЈА НА ПОЛИТИЧКА ЗРЕЛОСТ КАЈ НАШАТА ЈАВНОСТ, ДОСТОИНСТВЕНОСТ ДА СЕ ПРИФАТИ КОМПРОМИС, БЕЗ ДА СЕ ПОКАЖЕ БОЛКАТА. ИМ СЕ ПОКЛОНУВАМ ЗА ТОА НА НАШИТЕ ГРАЃАНИ**

Но, она што мене лично ме фасцинираше, и што ме исполни со чувство на гордост е кога видов дека граѓаните го препознаа моментот, мигот, ја препознаа важноста на оваа политика и не ни свртеа грб. Јас не сум сведочела на таков друг чин на демонстрација на политичка зрелост кај нашата јавност, достоинственост да се прифати компромис, без да се покаже болката. Им се поклонувам за тоа на нашите граѓани.

## Ние станавме НАТО

Денес, заедно со македонското знаме го ставаме и знамето на НАТО, но не да сведочи за нашата амбиција или желби, туку да го покаже нашиот резултат, нашата завршена работа.

Ние сме НАТО.

Ова си го пишувавме како слоган и го задававме како задача. Ни беше инспирација, ама длабоко во себе многумина се плашеа дека нема да стане и реалност. Бидејќи ни беше на дофат, речиси, дваесет години, ама дваесет години гледавме дека ни бега таа шанса од рацете. Благодарејќи на таа храброст, благодарејќи на таа одлука којашто се потврди со Преспанскиот договор, денес Република Северна Македонија е членка на НАТО.

**БЕЗ ЛАЖНА СКРОМНОСТ ЌЕ КАЖАМ ДЕКА СЕ ГОРДЕАМ СО ФАКТОТ ШТО СТАНАВМЕ НАТО-ЧЛЕНКА ВО МОЈОТ МАНДАТ НА МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА. ЗАТОА ШТО НА ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И ВО АРМИЈАТА МУ ПРЕТХОДЕШЕ: ДЕНОНОЌНА РАБОТА, ПРЕГЛЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ И ИЗВЕШТАИ, ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОРИ СО БРИСЕЛ, ПРЕГЛЕД И ПОДОБРУВАЊЕ НА НАШИТЕ КАПАЦИТЕТИ, РАЗВОЈ И БОДРЕЊЕ НА АРМИЈАТА. И, ТОКМУ ОВДЕ НА ОВИЕ СТРАНИЦИ, САКАМ УШТЕ ЕДНАШ ДА СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ НА АРМИЈАТА ШТО БЕШЕ НАШИОТ ТИВОК ДИПЛОМАТ ВО СТРАНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ МИСИИ, ОТВОРАЈЌИ ВРАТИ ЗА ДРЖАВАТА НИЗ КОРИДОРИТЕ НА НАТО. АРМИЈАТА БЕШЕ НАШАТА ЗЛАТНА АКЦИЈА ВО НАТО, НАШАТА ВЛЕЗНИЦА ВО НАТО**

Без лажна скромност ќе кажам дека се гордеам со фактот што станавме НАТО-членка во мојот мандат на министерка за одбрана. Затоа што на членството во НАТО во Министерството за одбрана и во Армијата му претходеше: денонокна работа, прегледување на планови и извештаи, телефонски разговори со Брисел, преглед и подобрување на нашите капацитети, развој и бодрење на Армијата. И, токму овде на овие страници, сакам уште еднаш да се заблагодарам на Армијата што беше нашиот тивок дипломат во странство во меѓународните мисии, отворајќи врати за државата низ коридорите на НАТО. Армијата беше нашата златна акција во НАТО, нашата влезница во НАТО.

Сакам да споделам со читателите дека Северна Македонија во НАТО беше важна вест. На состаноците што ги имавме во Северноатлантскиот совет не престануваа честитките, и желбите за успешна соработка и подобра иднина за Северна Македонија. Овие честитки не беа празна куртоазија. Беа восклик за нашата победа во една

тешка и мачна војна за нашето меѓународно афирмирање и признавање. Восклик за нашата упорност и истрајност, за скромните капацитети со кои малите држави мора да го водат процесот. Државата на која многумина не и претскажуваа светла иднина по распадот на Југославија, стана дел од безбедносната елита на светот, од НАТО семејството кое се покажа како најуспешен и најдолготраен сојуз во историјата на светот.

Членството во НАТО го доживувам како зацврстување на суверенитетот и зголемување на нашата амбициозност во поглед на тоа колку добра држава сакаме да создадеме. Со членството во НАТО оствarивме една од најважните стратешки цели на државата, зацртана во темелите на независноста и усвоена со едногласна одлука од Собранието уште во 1993 година. Членството во НАТО е израз на: натпартиска, широка, мнозинска, национална, мултиетничка и државничка одлука, за тоа дека патот напред е патот на: демократијата, сигурноста и безбедноста.

НАТО е и платформата преку која можеме да ги зголемиме нашите амбиции. Да не настапуваме од позиција на мала и безначајна држава, што сме го гледале, понекогаш, во нашето однесување, туку како држава која е свесна за своите слабости, но свесна и за своите успеси и покрај предизвиците.

**СИЛНАТА КОНСЕНЗУАЛНОСТ ВО ПОГЛЕД НА НАШАТА ЗАПАДНА ОРИЕНТАЦИЈА, ОСНОВНОТО ЈАДРО ВО ПОГЛЕД НА ЧЛЕНСТВОТО ВО ВАЖНИТЕ ЕВРОАТЛАНТСКИ СОЈУЗИ И ВРЕДНОСТИТЕ НА КОИ ОВИЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПОЧИВААТ, ЌЕ БИДАТ НАШИ ВОДИЛКИ. ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ВО ГОЛЕМА МЕРА УСПЕАВМЕ СО СИТЕ МАНИ ДА ГИ ЗАДРЖИМЕ ОСНОВИТЕ ЗА ТАА СИЛНА КОНСЕНЗУАЛНОСТ ВО ПОГЛЕД НА НАШАТА ЗАПАДНА ОРИЕНТАЦИЈА. ТОА САМО ПО СЕБЕ Е УСПЕХ, АКО СЕ ЗНАЕ ДЕКА ОДЕВМЕ ПО РАБОТ ВО 1991 ГОДИНА, ДЕКА ТЕШКО ИЗЛЕГУВАВМЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СЦЕНА, И ДЕКА ДВАПАТИ ИЗВРШИВМЕ ТЕМЕЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ВО УСТАВОТ КОИ ВО ДОМАШНАТА ЈАВНОСТ БЕА ДОЖИВЕАНИ КАКО ПРИТИСОК ОД ЗАПАД**

## Нови стратешки цели

Она што треба да продолжиме да го правиме е јасно да ги дефинираме стратешките цели на Северна Македонија на долг рок. Потребна е истрајност во нивното остварување независно од подемите и падовите. Досегашната визија значеше: градење мир и мултиетничко општество, евроатлански интеграции и вредности, и градење на економски систем во кој ќе се обезбедува социјалната

правда и демократија. Потребно е да останеме мудри во одлуките и да ги носиме не само вистинските одлуки за денес, туку вистинските одлуки за годините што доаѓаат.

Новите стратешки цели треба да ни бидат членство во ЕУ и силен економски напредок.

Во рамките на Декларацијата од септември 1991 година, со почетокот на нашата независност, Парламентот зборува за модерна и демократска држава. Силната консензуалност во поглед на нашата западна ориентација, основното јадро во поглед на членството во важните евроатлантски сојузи и вредностите на кои овие организации почиваат, ќе бидат наши водилки. Триесет години во голема мера успеавме со сите мани да ги задржиме основите за таа силна консензуалност во поглед на нашата западна ориентација. Тоа само по себе е успех, ако се знае дека одевме по работ во 1991 година, дека тешко излегувавме на меѓународната сцена, и дека двапати извршивме темелни интервенции во Уставот кои во домашната јавност беа доживеани како притисок од Запад.

Овој осврт на 30-годишнината од нашата независност сакам да го завршам со коментарот на еден сојузник кој многу помогна за нашето членство во НАТО: „Историјата е многу јасна – народите коишто имаат сојузници ќе одат напред и тоа било така од античко време, до денес. Ако успеете да изградите сојузи коишто ќе бидат трајни, тогаш било каква криза може да ја дочекате посилни."

*(Авторката е министерка за одбрана во Владата на Република Северна Македонија)*



# САМИ НА СВОЕТО?!

ГОРДАН ГЕОРГИЕВ

**ОД ДЕНЕШНА ПЕРСПЕКТИВА, ОВИЕ ГОДИНИ ОД КРАЈОТ НА МИНАТИОТ ВЕК ИЗГЛЕДААТ НАВИСТИНА ДРАМАТИЧНО, И НАВИСТИНА БИЛЕ ДРАМАТИЧНИ. ВОДЕВМЕ АКТИВНА ДИСКУСИЈА ВО ОПШТЕСТВОТО, ВОДЕВМЕ РАЗГОВОРИ НА АГОРАТА, И ОДНЕНАДЕЖ СЕ ПОЈАВИВМЕ НА ГЛАСАЧКИТЕ КУТИИ И НА РЕФЕРЕНДУМ ОДЛУЧИВМЕ ДЕКА САКАМЕ СОПСТВЕНА: НЕЗАВИСНА, САМОСТОЈНА И СУВЕРЕНА ДРЖАВА. ОВИЕ ТРИ АТРИБУТИ, СЕКАКО, СЕ ПРОБЛЕМАТИЧНИ ЗА БЕЗМАЛКУ СЕКОЈА МАЛА ИЛИ СРЕДНА ДРЖАВА. ЗА МАКЕДОНИЈА БЕА И ТОВАР, И НАДЕЖ**

## Што бевме?

Бевме задоволни со тоа што го имавме, живеејќи во една пристојна илузија дека токму тој (југословенскиот) е најдобриот можен свет од сите други можни. Од нашата тогашна *средновековна* перспектива (електрификација + индустријализација), легитимирањето на некаква држава во рамките на една моќна федерација изгледаше како квантен скок. Денес, како што изумираат современиците, така изумираат и носталгиите по тој некогашен свет, гарнирани со: многу недоречености, илузии и потраги по убавите времиња. Од тој свет ни останаа неколку важни работи кои денес, за среќа, се дел од македонското колективно мементо. Тоа се: идејата дека македонската национална самобитност, де факто, е легитимирана на 2 август 1944 година, дека јасно изразената антифашистичка волја на македонскиот народ е цврст темел во тој одреден историски контекст, и дека несреќното „братство и единство“ потопено во крв во војните во деведесеттите сепак најде плодна и ненасилна почва на македонско тло преку потребата за акомодација на етничките групи коишто живеат на оваа територија. За жал: наврапитата транзиција и приватизација, некадарноста на политичките

елити да ги надградат јавните институции врз претходните, релативно добри, темели, како и (не)намерното бришење на претходната институционална меморија, нѐ чинеа многу и сѐ уште ги плаќаме тие заостанати фактури.

### Што направивме?

Направивме држава. Некако природно ми доаѓа да кажам „држава со сите нишани“, но тоа, сепак, не беше така. Направивме држава којашто во одредени моменти немаше бензин за војската и полицијата, беше под постојана траума и стрес (ембарга, блокади, атентати и етнички немири), обвинувана дека е некаква вештачка творба и дека прашање на геополитички моментум е кога тој нов (гео)политички факт ќе биде доведен во прашање. Од денешна перспектива, овие години од крајот на минатиот век изгледаат навистина драматично, и навистина биле драматични. Водевме активна дискусија во општеството, водевме разговори на агората, и одненадеж се појавивме на гласачките кутии и на референдум одлучивме дека сакаме сопствена: независна, самостојна и суверена држава. Овие три атрибути, секако, се проблематични за безмалку секоја мала или средна држава. За Македонија беа и товар, и надеж. Независноста секојпат доаѓа на крилјата на егзалтацијата на моментот, до првото утринско отрезнување. Самостојноста значи политичко проодување, создавање на институции и сопствена надворешна политика, самостојноста е битка со себеси. Суверенитетот, пак, во сопственост на народот и предаден на привремено чување на политичките елити, во тие времиња звучеше возбудливо. Постарите би рекле дека и имаше смисла. Ние можеме романтичарски да гледаме на првиот парламентарен состав, но тој имаше една (веројатно и единствена и неповторлива) карактеристика којашто се покажа како конститутивен елемент на државноста. Тоа е пловењето во нови и непознати води на тогашните пратеници. Од учење на парламентарна демократија, до секојдневно носење на суверени одлуки (устав, закони, резолуции) коишто ја создаваа новата архитектура на државноста. Дали успеавме во тоа? Од оваа перспектива одговорот би бил потврден. Сепак, етничките Македонци (и левите и десните), вознесени од идејата за „свои на своето“, заборавија на другите, кои веројатно со чудење и измешано чувство на страв и резервираност го гледаа раѓањето на македонската држава. Тие беа *кираџиите*. Иако живееја

**ЦЕНАТА НА НАШАТА ЕГЗАЛТИРАНОСТ, ВО МЕЃУВРЕМЕ ЗАЧИНЕТА СО ФАЌАЊЕ НА ДЛАБОКИ КОРУПТИВНИ ПОЗИЦИИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ЕЛИТИ И СВЕСТ ЗА ТОА ДЕКА ИМА ПРИЛИЧНО СОЧЕН КОЛАЧ ДА СЕ ДЕЛИ, ЈА ПЛАТИВМЕ ПОДОЦНА. НА ГРД, И ВЕРОЈАТНО НЕПОТРЕБЕН НАЧИН. МОРАШЕ 2001-ТА ДА НÈ ВРАТИ НАЗАД, БЕЗМАЛКУ ДО АНИХИЛАЦИЈА, ЗА ДА МОЖЕМЕ ПОВТОРНО ДА ТРГНЕМЕ НАПРЕД. И ТРГНАВМЕ, ТЕТЕРАВЕЈЌИ СЕ ПАТЕМ. СФАТИВМЕ ДЕКА ЗА ДА НЕМА ТЕРИТОРИЈАЛНИ РЕШЕНИЈА ЗА ЕТНИЧКИТЕ ПРАШАЊА, ТОГАШ МОРАМЕ ДА НАПРАВИМЕ УСТАВНИ АКОМОДАЦИИ ЗА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ДА СЕ ЧУВСТВУВААТ УДОБНО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА КОЈАШТО ЖИВЕАТ. НАШАТА ТЕРИТОРИЈА ДА БИДЕ И НИВНА**

со нас, до нас, комши-капиџик. Иако родени овде, не по нивна вина, можеби и не по нивна волја. Тие тогаш не гласаа, бидејќи не знаеја каде се и на што се. Ние бевме еуфорични, пукавме фрушкогорски бисери на плоштад, опиени од егзалтацијата и неизвесноста што ни претстои. Но, нашите сограѓани Албанци, номинално еднакви како конститутивен елемент во македонската држава, немо го одмолчаа процесот. Дали им се лутевме? Да, секако. И ни влеваа недоверба. Дали требало да им се лутиме? Веројатно не, доколку успееме да се ставиме во нивните чевли. Цената на нашата егзалтираност, во меѓувреме зачинета со фаќање на длабоки коруптивни позиции на политичките елити и свест за тоа дека има прилично сочен колач да се дели, ја плативме подоцна. На грд, и веројатно непотребен начин. Мораше 2001-та да нè врати назад, безмалку до анихилација, за да можеме повторно да тргнеме напред. И тргнавме, тетеравејќи се патем. Сфативме дека за да нема територијални решенија за етничките прашања, тогаш мораме да направиме уставни акомодации за етничките заедници, да се чувствуваат удобно на територијата на којашто живеат. Нашата територија да биде и нивна. Колку оваа последна реченица предизвикуваше морници низ годините. Дури и денес. Сепак, непобитен и неверојатен факт е дека Македонија успева да создаде држава во којашто политичките и етничките акомодации ќе го гарантираат мирот и стабилноста. Дека моделот на споделување на моќта (power sharing) и непишаното право на заемно вето ги смири страстите, иако не ги намали длабоко вкоренетите фрустрации и пизми. Она што некогаш беше Либан во седумдесеттите години, денес е Македонија во 2020-тите години. Знам, Либан е грда споредба, бидејќи тамошниот модел се распадна и имаше војна, но ова се други констелации и, речиси, слободно можеме да кажеме дека Македонија го положи тој тест.

**Каде сме денес?**

Велат некритичкиот оптимизам е грев кон знаењето. Од друга страна, тешко е да славиш голем јубилеј од 30 години државност а да не бидеш оптимист. Кога би се погледнало од една историска перспектива, цетерис парибус, впечаток е дека шансите да направиме функционална држава којашто ќе опстои се чинеа исклучително мали. Оттука, самиот факт дека сме држава е доволен. Но, дали е навистина доволен? Огромен број од граѓаните, живеејќи од денес за утре, би рекле дека не е. Оние што заминаа, оние кои останаа и искрадоа, оние кои останаа а не искрадоа, целата таа плејада на наши сограѓани со разни сопствени и колективни интереси некако се отуѓи низ годиниве. Поделбите во македонското општество се чини дека опстојуваат како пргава константа којашто оди по две линии: внатремакедонски судир и поделби по етничка линија. Триесет години подоцна се покажува дека овие поделби претставуваат главниот фактор којшто не ѝ дозволува на Републиката да оди напред.

Приказната за две Македонии е јазичен и социјален конструкт којшто излезе на површина изминативе петнаесетина години, особено акцентиран во времето на владеењето на Никола Груевски. Ова двојство се однесува на поделбите по: партиска, идеолошка и, најверојатно, социјално-културолошка линија на македонскиот народ. Нека делува нескромно, но и јас бев еден од кумовите на оваа кованица, обидувајќи се да разберам што е тоа што толку ме обременува и ми прави нелагодност во македонското општество. Две Македонии е обид да се направи огледало на реалноста за тешките поделби што ја снајдоа државата. Има ли вистина во овој конструкт? На кои: општествени, економски, историски и политички претпоставки се темели тој? И, што кажува сето ова за виталноста на македонската нација? И, конечно, дали конструктот ја пресоздава реалноста или, пак, реалноста (поделбите) е инспирација за конструктот?

**ПОДЕЛБИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО СЕ ЧИНИ ДЕКА ОПСТОЈУВААТ КАКО ПРГАВА КОНСТАНТА КОЈАШТО ОДИ ПО ДВЕ ЛИНИИ: ВНАТРЕМАКЕДОНСКИ СУДИР И ПОДЕЛБИ ПО ЕТНИЧКА ЛИНИЈА. ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ПОДОЦНА СЕ ПОКАЖУВА ДЕКА ОВИЕ ПОДЕЛБИ ПРЕТСТАВУВААТ ГЛАВНИОТ ФАКТОР КОЈШТО НЕ Ѝ ДОЗВОЛУВА НА РЕПУБЛИКАТА ДА ОДИ НАПРЕД**

Во деведесеттите години на минатиот век, транзицијата кон пазарна економија и демократија тврдоглаво

**ТАКА, ДЕСНИЦАТА ЌЕ ТРЕБА ДА ИМ ОБЈАСНИ НА СВОИТЕ ПОДДРЖУВАЧИ ДЕКА СО ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, СЕПАК, НÈ ЈА ИЗГУБИВМЕ ДРЖАВАТА, А ЗА ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ НАЦИЈАТА ЌЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОТРУДИМЕ САМИТЕ. ИСТО ТАКА, ЌЕ ТРЕБА ЧЕСНО ДА ИМ КАЖЕ ДЕКА НЕ ПОСТОИ МОЖНОСТ ДА СЕ ПОВРАТАТ СТЕКНАТИТЕ (ИЛИ ИЗГУБЕНИТЕ, КОЈ КАКО МИЛУВА) ПОЗИЦИИ СО ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР. И, ДЕКА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА МОЖЕ ДА ОПСТОИ САМО АКО УСПЕШНО И НЕНАСИЛНО СЕ РЕФЕРИРА СЕБЕСИ ВО ОДНОС НА ШИРОКИОТ ОКЕАН НА ДРУГИТЕ, БЕЗ РАЗЛИКА ДАЛИ ТИЕ ДРУГИ СЕ АЛБАНЦИТЕ ДОМА ИЛИ, ПАК, НА ПРИМЕР, ЕСТОНЦИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПОСАКУВАНАТА ЕВРОПСКА УНИЈА. НА ОВА ПОЛЕ ДЕСНИЦАТА НАВИСТИНА ИМА ШТО ДА КАЖЕ, ДОКОЛКУ САКА И УМЕЕ ДА ГО КАЖЕ ТОА**

ги негуваше овие разлики. Грубо кажано, таа создаде една општествена структура (или еманација на таа структура) на една прогресивна, но во основа, нетолерантна Македонија, идеологизирани граѓани и гласачи со по неколку пароли на реверите, но без некаков изграден репер и компас во однос на важните прашања за иднината на државата. Оваа Македонија некако постојано вреска ЕУ/НАТО! ЕУ/НАТО! и на моменти некритички (другава Македонија би рекла „сервилно“!) ги прифаќа сите рецептури и плодови што ги нуди Западот. Другата Македонија се раѓаше во пазувите на оние коишто би ги нарекле the have-nots, или оние коишто немаат, еве да ги крстиме „немачите“. Обесчестени, осиромашени, со одземени „ингеренции“ во културолошки и економски поглед, гледајќи од малите замандалени прозорчиња на нивните домашни тврдини, овие граѓани развиваат природен реакционерен инстинкт, кој нема проблем да заврши во фашизам доколку „некој тоа добро им го објасни“ и доколку лаконски поставената партиска рака редовно го полева. Оваа Македонија на „немачите“ е загрижена за себе, и сопствената загриженост најчесто ја проектира кон Другиот: Албанец, Грк, странец, ЕУ, НАТО, а последниве десетина години таа проекција се однесуваше, најчесто, на домашните „предавници“, т.е. целава либерална Македонија.

На прв поглед, па дури и на втор, овие две Македонии изгледаат како да се меѓусебно непомирливи. Сепак, во едно мирно и стабилно општество, овие две линии можат да бидат конвергентни, дури и да се допираат повремено, обединувајќи се околу некакви клучни прашања за иднината и за минатото. Но, често, тие линии се дивергентни, имаат: различни погледи на светот, различни интереси, различни ставови и различни стравови.

Умешноста на политиката и на (одговорната) јавност е да се обиде да ги натера тие дивергентности да научат да коегзистираат. Не плашете се, коегзистенција не значи вткајување на различностите во едно цело и едно еднолично. Мултикултурализмот не е мртов, ама сè повеќе е доведуван во прашање. Прашање е дали постоел воопшто или е вешт и, сепак, добронамерен конструкт во лабораториите на големите светски универзитети (доминантно либерални!), поаѓајќи од неможноста да се акомодираат различните групи (најчесто етнички, но во македонскиот случај и внатреетнички) во еден доминантен концепт на нација-држава. Ние, како граѓани на оваа држава, немаме друг луксуз освен да се трудиме да создаваме мултикултурно општество од „наш тип", со наши специфики, базиран врз добрите практики од минатото и адаптиран на лекциите научени од минатите грешки.

Така, десницата ќе треба да им објасни на своите поддржувачи дека со Преспанскиот договор, сепак, нè ја изгубивме државата, а за да ја зачуваме нацијата ќе треба да се потрудиме самите. Исто така, ќе треба чесно да им каже дека не постои можност да се повратат стекнатите (или изгубените, кој како милува) позиции со Преспанскиот договор. И, дека македонската нација може да опстои само ако успешно и ненасилно се реферира себеси во однос на широкиот океан на Другите, без разлика дали тие други се Албанците дома или, пак, на пример, Естонците во рамките на посакуваната Европска Унија. На ова поле десницата навистина има што да каже, доколку сака и умее да го каже тоа.

Таа треба да се врати на старите позиции и да им покаже на своите гласачи дека помеѓу апстрактниот принцип на држава и конкретната материјализација на индивидуата има, и мора да има нешто! Некакви интермедијарни институции и заемни практики. Семејство, тајфа, друштво, црква/џамија, невладина организација, задруга, уметнички ансамбл..., нешто што ќе значи блискост и истородност, со целиот ризик таквата истородност секогаш да биде на граница да престапи во плотот на комшијата. Ако помеѓу индивидуата и државата постои бездна тогаш повторно би отишле кон авторитарна власт и тоталитарни изблици, во која државата знае сè и целосно го претставува (репрезентира) немоќниот индивидуалец. И, дека нацијата не мора да биде чиста за да биде задоволна со себеси.

**СЕГА, КОГА ГЛАВНИОТ НОСИТЕЛ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ КАЈ МАКЕДОНСКИТЕ АЛБАНЦИ (ДУИ) И НИВНИОТ ПРВ БАЈРАКТАР „И ВО ВОЈНА И НА СВАДБА", АЛИ АХМЕТИ, ПО СОПСТВЕНО ПРИЗНАНИЕ ЈА ИСЦРПИ СВОЈАТА (ЕТНИЧКА) АГЕНДА, ТРЕБА ДА ВИДИМЕ КАКО ВО ИДНИНА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ КОНТУРИТЕ НА ПОВЕДЕНИЕТО НА ГЛАВНАТА АЛБАНСКА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА. НА НЕКОЈ НАЧИН, И БЕЗ ГРАМ ИРОНИЈА, ОД ПОЗИЦИОНИРАНОСТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД ДЕНЕС, ПА НАТАМУ, ЌЕ ЗАВИСИ ГРАЃАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ДРЖАВАТА**

Од друга страна, иако левицата не се разбира најдобро со нацијата, на левицата ѝ треба нацијата. Не само заради добивање „национални" гласови, туку и затоа што таа е вградена во, и изградена од нацијата. Солидарноста како темелен принцип на левицата, иако номинално интернационалистички поставена, најпрво, и најдобро се отелотворуваше во рамките на нацијата. Солидарност помеѓу класите, и во самите класи, солидарност помеѓу богатите и сиромашните, солидарност помеѓу етничките заедници кои живеат на ист простор, во исти национални граници. Сите овие идеали на крајот на денот завршуваа на националните граници. И најголемиот успех го доживуваа на меѓниците на нацијата.

Преспанскиот договор не донесе ништо ново на овој план. Договорот не ја уништи нацијата, но го потврди она што го знаевме уште на почетокот на 90-тите години, дека чиста етничка нација не може да постои на Балканот. А оние кои се обидоа да направат такви нации, ги платија со многу крв и солзи. И територија. Но, нацијата не мора да биде чиста за да биде задоволна со себе. Внатремакедонскиот судир, којшто порано реферираше кон нашите сограѓани Албанци, а денес реферира самиот кон себе и во рамките на македонскиот етникум, покажува дека за кавга секогаш не се потребни двајца. Судирот со самиот себе некогаш е пострашен и подеструктивен отколку судирот со Другиот. И, додека денес десницата во Македонија се занимава самата со себе, разјадувајќи се однатре, влечејќи ги опашките од блиското минато и бавно, бавно сфаќајќи дека сегашниот пристап не донесува победа на избори, левицата, можеби, има што да каже на тема нација и македонски етникум. За тоа ѝ е потребно високо чувство на самопрегор и излегување од (само)наметната перцепција на а-националност. Дали левицата, македонската или било која, е способна за такво нешто, е големо прашање.

Конечно, Албанците. Албанците во Македонија се појавија во 2001 година, и тоа на голема врата, во подножјата на Шар Планина и Корабска Врата. Пред таа 2001-ва година, како да се добиваше впечаток дека Албанците беа „хендлани“ од македонските политички елити, и тоа по примерот на милошевиќева Србија, ама помеко (за среќа, државата немаше тенкови и силна армија), и потолерантно (македонското општество, и самото жртва на поткусурување во историјата на овие простори, го немаше тој империјалистички порив за „чиста нација“, веројатно стравувајќи дека, едноставно, нема сила за такви подвизи). Исто така, кревкоста на македонското општество придонесе за поголема пропулзивност кон „странскиот фактор“ кој, се чини дека подобро од нас знаеше дека државата е буре барут и мораа да инвестираат во бебето кое, ете, „родило се,ваља га љуљати“.

**МАКЕДОНЦИТЕ ТРЕБА ДА СФАТАТ ДЕКА АЛБАНСКАТА КУЛТУРА ИЛИ КУЛТУРЕН ПРОСТОР ТРЕБА ДА БИДАТ ИНТЕГРИРАНИ ВО НАШИОТ ПРОСТОР ЗА И НИЕ ДА БИДЕМЕ ПОДОБРИ И ПОМОЌНИ. ЈАЗИКОТ, КУЛТУРАТА, РЕЛИГИЈАТА ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕРВИРААТ, БИДЕЈЌИ ТИЕ ГИ ПРАВАТ ОНА ШТО СЕ. ОСТАНАТОТО Е ПРЕДМЕТ НА ЛОЈАЛНОСТ КОН ДРЖАВАТА ВО КОЈА СМЕ РОДЕНИ. ДА ГО НАРЕЧЕМЕ ТОА „ОСТАНАТОТО“ КОНСТИТУЦИОНАЛЕН ПАТРИОТИЗАМ.**
**НА ДРУГАТА СТРАНА, АЛБАНЦИТЕ МОРААТ ДА ПОКАЖАТ СЕНЗИБИЛИТЕТ КОН МАКЕДОНЦИТЕ ВО СМИСЛА НА ПОТРЕБАТА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИДЕНТИТЕТОТ И ПОСЕБНОСТА ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ, НЕШТО ЗА ШТО МАКЕДОНЦИТЕ ИМААТ ИСТОРИСКИ ФРУСТРАЦИИ, ОСПОРУВАЊА И ПОТРЕБА ДА СЕ НАГЛАСИ ТАА КОМПОНЕНТА. ОВИЕ ДВА НАРАТИВА НЕ МОРА ДА УПАЃААТ ЕДЕН ВО ДРУГ И ДА СОЗДАВААТ ТЕНЗИИ ВО ОПШТЕСТВОТО, САМО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕПОЗНААТ И ПРИЗНААТ КАКО ТАКВИ, КОЕГЗИСТЕНТНИ И НЕКОМПЕТИТИВНИ. ДОКОЛКУ МАКЕДОНЦИТЕ И АЛБАНЦИТЕ ВЗАЕМНО СИ ЈА ВРАЧАТ ОВАА ПОДДРШКА, ЌЕ ИМАМЕ ДОЛГИ МИРНИ ЛЕТА**

Од денешен ракурс, за етничките Македонци, можеби, романтично изгледаат деновите кога Албанците беа политички претставувани од Абдулрахман Алити (вистинскиот човек чиешто појавување секогаш ќе беше во погрешно време) и од лошиот двоец Арбен Џафери – Мендух Тачи, системски предодреден никогаш да не дојде на власт, но симболички важен да служи како плашило за Македонците. Велам романтично, затоа што на политичките елити им се чинеше дека можат да ги „хендлаат“ „питомите“ Албанци, а по потреба, да испукаат по некој куршум за да покажат кој е овде газда, а кој потстанар.

Се разбира, денес албанскиот политички корпус е приказна за себе. Тој не е доволно издиференциран во политичка смисла (власт/опозиција) бидејќи постојано и, речиси, ексклузивно се бави со етнички прашања. Ние, Македонците, не би требало премногу да им замеруваме на политичките претставници на Албанците за тоа. Ние отпосле, за жал и со жртви, ја сфаќавме очигледната дискриминација што постоела во минатото кон луѓето кои, по игра на судбината, како и ние самите, се родиле баш тука. Сега, кога главниот носител на национализмот кај македонските Албанци (ДУИ) и нивниот прв бајрактар „и во војна и на свадба", Али Ахмети, по сопствено признание ја исцрпи својата (етничка) агенда, треба да видиме како во иднина ќе се поставаат контурите на поведението на главната албанска политичка партија. На некој начин, и без грам иронија, од позиционираноста на Албанците од денес, па натаму, ќе зависи граѓанскиот концепт на државата.

Сепак, како што ни беше кажано, граѓанскиот концепт во Македонија официјално стапи на сила од декември 2016-тата година. Да, тоа делува како дијазепам после 10 години етнички неспокој, иако се чини дека најавата на овој граѓански концепт беше малку преурането, но не нужно и непотребна. Во моментов, ми се чини дека поставеноста на политичките партии и карактерот на македонското општество не нуди брза пруга кон мултикултурализмот.

Е, сега, големите западни либерални професори нè учеа дека во поделените општества или ќе има мултикултурализам или нема да има општество. И самиот сум бил некритичен мултикултуралист, сега веќе не сум, барем не некритичен. Романтично сум верувал дека ете баш Македонија, речиси, е совршен модел на мултикултурно општество, погоден дури и за извоз.

Македонците треба да сфатат дека албанската култура или културен простор треба да бидат интегрирани во нашиот простор за и ние да бидеме подобри и помоќни. Јазикот, културата, религијата треба да се презервираат, бидејќи тие ги прават она што се. Останатото е предмет на лојалност кон државата во која сме родени. Да го наречеме тоа „останатото" конституционален патриотизам.

На другата страна, Албанците мораат да покажат сензибилитет кон Македонците во смисла на потребата за градење на идентитетот и посебноста во однос на другите, нешто за што Македонците имаат историски фрустрации, оспорувања и потреба да се нагласи

таа компонента. Овие два наратива не мора да упаѓаат еден во друг и да создаваат тензии во општеството, само треба да се препознаат и признаат како такви, коегзистентни и некомпетитивни. Доколку Македонците и Албанците взаемно си ја врачат оваа поддршка, ќе имаме долги мирни лета.

Кога граѓаните Албанци ќе ја исцрпат етничката агенда, треба да понудат, во најмала рака, неетничка агенда. Тоа е економија и бизнис, тоа е земјоделие и регионален развој врз неетничка основа, тоа е функционална администрација и крај на клиентелизмот, тоа е туризам и здрава околина за сите. Тоа би било едно општество за сите.

Од денешна перспектива, 20 години потоа, се чини дека Охридскиот договор го издржа тестот на времето. Милувале или не, тој е еднаква сопственост и на Македонците и на Албанците и на останатите етнички заедници, иако токму последниве, веројатно, се најголемата колатерална жртва од истиот.

### Каде одиме?

Ова е прашање на коешто не е можно да му се даде еднозначен одговор. Планирањето и плановите за иднината не се секогаш најдобар сопатник. Обременети со актуелните фрустрации на заедницата што ја посакуваме (Европската Унија), Македонија, се чини, повторно е ставена на споредна пруга, овој пат не по нејзина заслуга. Ваквото дезавуирање на идејата за Европа, како ѕвезда водилка којашто само сјае а никако да се приближи, повторно нè враќа на нашите почетоци, во пазувите на независноста. И, нè тера да се запрашаме: ако нашите претходници успеаја да создадат држава (1944-тата и 1991-та), дали ние сме способни да ја сочуваме и унапредиме таа држава,

**ОБРЕМЕНЕТИ СО АКТУЕЛНИТЕ ФРУСТРАЦИИ НА ЗАЕДНИЦАТА ШТО ЈА ПОСАКУВАМЕ (ЕВРОПСКАТА УНИЈА), МАКЕДОНИЈА, СЕ ЧИНИ, ПОВТОРНО Е СТАВЕНА НА СПОРЕДНА ПРУГА, ОВОЈ ПАТ НЕ ПО НЕЈЗИНА ЗАСЛУГА. ВАКВОТО ДЕЗАВУИРАЊЕ НА ИДЕЈАТА ЗА ЕВРОПА, КАКО ЅВЕЗДА ВОДИЛКА КОЈАШТО САМО СЈАЕ А НИКАКО ДА СЕ ПРИБЛИЖИ, ПОВТОРНО НÈ ВРАЌА НА НАШИТЕ ПОЧЕТОЦИ, ВО ПАЗУВИТЕ НА НЕЗАВИСНОСТА. И, НÈ ТЕРА ДА СЕ ЗАПРАШАМЕ: АКО НАШИТЕ ПРЕТХОДНИЦИ УСПЕАЈА ДА СОЗДАДАТ ДРЖАВА (1944-ТАТА И 1991-ТА), ДАЛИ НИЕ СМЕ СПОСОБНИ ДА ЈА СОЧУВАМЕ И УНАПРЕДИМЕ ТАА ДРЖАВА, НАСПРОТИ (НЕ)РЕАЛНИТЕ НАДЕЖИ ДЕКА ТОКМУ ЕУ Е СПАСОТ ЗА МАКЕДОНИЈА**

наспроти (не)реалните надежи дека токму ЕУ е спасот за Македонија?

**ОВАА ДРЖАВА ВЕЌЕ 30 ГОДИНИ Е НЕСОМНЕН ФАКТ. ПРОБЛЕМАТИЧЕН – ДА! ЕТНИЧКИ КОМПЛИЦИРАН – ДА! АМА, ТОА Е ФАКТ ШТО НЕ МОЖЕ ТУКУТАКА ДА СЕ ПРЕНЕБРЕГНЕ. ЗАТОА, ЈАС НЕ СУМ ПЕСИМИСТ ВО ОДНОС НА ИДНИНАТА НА ОВАА ДРЖАВА. НО, ЗА ТАА ДА СТАНЕ ФУНКЦИОНАЛНА И „УДОБНА“ ЗА ЖИВЕЕЊЕ, ЌЕ МОРАМЕ УШТЕ МНОГУ ДА СЕ ПОТРУДИМЕ, НИЕ САМИТЕ,**

**СЕКОЈ ОД НАС**

Проблемот со: претставувањето (representation); проблематичниот изборен модел; корупцијата и клиентелизмот; нереформираните политички партии; катастрофалното образование и одливот на квалитетни кадри; нефункционалниот здравствен систем, се наши, домашни, автохтони проблеми и предизвици. Овие работи не се решаваат преку ноќ, веројатно не се решаваат ни за 30 години, и затоа мораме да внимаваме да не се разочаруваме премногу.

Она што денес е јасно повеќе отколку вчера, е дека на Македонија не ѝ одговара внатрешен конфликт. Ова е јасна придобивка од Преспанскиот договор и нашето членство во НАТО, и за ова повеќе или помалку се согласуваат сите политички елити, од сите етнички кампуси.

## Дали ќе нѐ биде?

Македонија е родена во маки, несомнено. Таа приказна нема потреба да се раскажува, преживеана е. Многумина, во моментите на премрежиња и страдања, ќе речат дека Македонија е недоносено бебе, или бебето од катран (Денко Малески). Нејзината: историја, политика и геополитика, етничката и религиозната разновидност, нејзините соседи, ако сакате, економската состојба..., сето тоа од птичја перспектива изгледа како ужасно комплициран политички проект кој, еве веќе триесет години, е политички факт.

Нејсе. Таква каква што е: жена, љубовница, прељубница, Македонија се влечка низ ходниците на историјата, исправена пред иднината која никако да ја дофати. Македонија по некои чудни патишта успеа да опстане, како независна држава во 1991 година, и покрај сите војни што беснееја околу нас, и покрај сите: ембарга, оспорувања и понижувања што ги доживеа овој народ. Барем од тогаш, макар и од тогаш, оваа држава веќе 30 години е несомнен факт. Проблематичен – да! Етнички комплициран – да! Ама, тоа е факт што не може тукутака да се пренебрегне. Затоа, јас не сум песимист во

однос на иднината на оваа држава. Но, за таа да стане функционална и „удобна“ за живеење, ќе мораме уште многу да се потрудиме, ние самите, секој од нас.

*(Авторот е политиколог)*



# ГОВОР ПО ПОВОД ЧЕСТВУВАЊЕТО НА ИЛИНДЕН НА МЕЧКИН КАМЕН

НИКОЛА РИСТАНОВСКИ



КРУШЕВО НА 02.АВГУСТ 2021

Еве ме на врвот, се искачив сам. И тука не ме следи око ничие. И што, јас во себе пак го шепотам жалосниот сон на своето величие.

Така зборуваше Блаже Конески.

Зарем не е време да ја прекинеме културата на самост? Зарем не е време за култура на автономност и интегритет во јасно исцртано заедништво? Само така ќе можеме да ги помириме минатото и сегашноста во реална визија за иднината. Само така, создавајќи прецизно артикулирано множество различности што имаат заемна доверба, можеме да ја продолжиме пловидбата со

овој кораб низ сите бурни моришта и предизвици што светот ги носи со себе. Сами не сме ништо. Сами времето не нè сака. Заедно сме сè.

Во сите искуства на слободата и искушенијата на ропството да размислиме која е нашата заедничка содржина прецедена низ ситото наречено живот. Оној живот што навистина ни се случува.

Не само низ нашите потценети порази и преценети победи туку и низ малите среќи и несреќи, таги, радости, натоварени на нашите кревки човечки плеќи. Животот помеѓу длабокото вдишување наутро и краткиот здив притиснат од немир пред заспивање. Чувства, сеќавања, љубов, пријателство, разговор, молчење, слушање… обичен живот.

Сето тоа и сето помеѓу тоа, што понекогаш толку многу зависи од нас самите, такви какви што сме. Или можеби такви какви што би можеле да бидеме. Не толку силни за да си дозволиме нетрпеливост спрема другиот. Но и не толку слаби за да си дозволиме гнев, затоа што гневот не е доволен. Истетовирани сме со безброј приказни, кои не треба да нè заспијат, туку да нè разбудат. Наша благородна должност е со различните протагонисти од тие приказни да најдеме заедничка линија за развој на дејството од кое ќе произлезе пролог, во којшто секој ќе го најде своето поединечно јадро во заедничката срцевина. Само така можеме да менуваме, надоврзувајќи ја визијата за идните акции врз минатите искуства. Оти времето идно ги содржи во себе времето минато и времето сегашно.

Светот, зборувајќи секојдневно за мир, како да е постојано во војна. На човештвото му е стежнато од војување, а сепак како да е зависно од војната, фактичка или симболична. Војна со себеси, војна со небото, војна со соседите, војна со омразата, војна со моришта, со реките, војна со Месечината, војна со Сонцето, војна со зборовите и војна со јазиците. Кулите вавилонски сè уште ги слушаме разврeвено, недоразбрано… А војската постои само затоа да нè штити од војна. А ние никако да се помириме со себеси. Ние никако да се помириме со другиот во себе и со другиот до себе. На некои им е обесмислен копнежот ако не војуваат обезглавено, обезгласено, само колку да потврдат дека се живи преку умирање. Застанувам да се разбереме пред секое насилие. Но, исто така одбивам да сум жив по инерција, да дишам на шкрги… Одбивам да чекам како јаре пред Ѓурѓовден, како свиња пред Божиќ, одбивам да шетам со цревата во раце, да гледам како нестручно ме оперирате, сече-

те, шиете, како ми гнојат раните и да се прашувам колку ли ќе ме боли кога ќе дојдам на себеси. Не сакам седативи, не сум купче протоплазма. Имам волја и имам разум. Така зборуваше Горан Стефановски.

Ја преземам одговорноста за својот живот. Моето талкање, моето патување ме води во мојата лична Итака, која не треба да ја освојувам триумфално, очекувајќи аплауз. Таа е тука. Таа е сечија, таа е ничија, таа е моја, таа е ваша, таа е заедничка… Разбирате дека сето она што е мое и заедничко, она што е ваше и мое… Разбирате дека светот сака да биде едно, кое е родено во љубов и во проштевање. Верувајте ми на зборот, ако ние не умееме да простиме, да ја прекинеме и да ја прегрнеме болката од откорнатото, тогаш засекогаш ќе останеме сами и невкоренети. Никој не рече да заборавиме, туку да простиме. Дури и на себеси, затоа што сме простиле. Сакаме да го сопреме насилието. Сакаме да направиме дом, ти, јас, блискиот, ние, вие, далечниот, истиот, различниот… Сакаме конечно или не сакаме? Сакаме ли да ја смениме мапата на светот во којашто клучните топоними се нарекуваат страдање, смрт, покорност, во мапа во којашто главните градови, планините, реките и долините ќе се нарекуваат радост, заедништво, полност во животот, солидарност, спокојство?

Нам ни е потребно да ја вратиме киднапираната реалност и да го реартикулираме непријатното, наметнато реално.

Потребно ни е да создадеме автономна зона на доверба, која во мноштвото различни концепти и мислења нема оперативно да биде блокирана, која ќе ги надмине личните, егзистенцијални стравови и ќе зачекори без страв кон хоризонтот што постојано и постојано и постојано ќе се праша поместува. Но, зарем на Македонецот не му е својствено да гледа и зад хоризонтот?

Време е за вкотвување на реалното, кое ќе создава постојани стратегии за изнаоѓање на прифатливи културни и политички пристаништа. Ако не ни одговара, наместо да го напуштиме другиот, ќе се обидеме да проникнеме во другоста. Ако другиот страда, тоа е наша работа. Затоа треба одново да ги преобмислиме заедницата, ризикот и авантурата, наспроти комфорот и сигурноста, а против поданичката култура. Потребно е да се биде во потрага по нови форми на естетска, етичка, политичка конфронтација, имагинација, кои ќе водат кон слобода и кон суштинска заемност. Наша задача е да ги прескокнеме оградите, да ги пресекуваме полињата, обидувајќи се да создадеме звук

кој ќе има специфичен ракопис. Секое мноштво, секоја заедница, секој колектив има свој лавиринт, свои возвишувања, свои бездни… Голем подвиг е да се лебди меѓу она што сум јас и она што сме ние. Затоа што мноштвото може да има обединувачка, но може да има и разорна сила. Но, и тоа од нас зависи. Од нашата одговорност, од нашата емпатичност, од нашето тактичко-стратешко знаење за тоа како органски да бидеме заедно. Како да станеме тело со различни органи, но поврзани со една мрежа од витални крвни садови. Низ овие 30 години, имајќи го вековното наследство од дамнина, преку Илинден, преку Народната антифашистичка борба, имајќи го наследството за копнежот на автономна заедница за република, увидовме дека треба умно да се осознае и да се практикува она што е посебност во мноштвото. Во тој простор се одвива клучната битка на нашата современост. Како да создадеме колектив, а не механичка, административна толпа.

Пријатели и пријателки, дами и господа, моќта насобрана во еден човек или во неколкумина, со еден удар може да биде скршена и срушена. Таквата моќ е пораз за историјата на човештвото и никогаш никому не му е потребна. Она што нам ни е насушно потребно е мрежа која ќе нè поврзува во најзначајните точки од нашето поединечно постоење - еднаквост, вкотвеност, во заеднички идеи за времето идно, кое секако ќе го содржи сознанието од времето минато и ќе биде во дослух со потребата на времето сегашно. Само така ќе создадеме арматура што нема да може ни најсилното тектонско поместување да ја сруши.

Некој некаде кажал дека смртта не е губење на иднината, туку загуба на минатото. Иднината е празен лист којшто допрва ние треба да го испишеме. Да не им го оставаме тоа на другите. Сигурен сум дека така размислувале и големите луѓе од минатото во ова безвременско Крушево, опеани во македонската химна, но и многу други херои неспомнати во неа, а врежани неотповикливо во нашата колективна македонска свест. Тие самите, нивната борба, нивниот идеал, и пред сè нивната лична жртва. И ние денес го сакаме животот, онаков каков што ни го нудат. Не таков, однапред создаден. Сакаме ние да учествуваме во неговото создавање. Но се соочуваме со синдром наречен епоха на празни ангели. Ова е ситуација во која сите сакаат да бидат гласници, но во која никој не прави никаков напор да ја прими и најпосле да ја разбере пораката. Да ја најдеме нашата порака. Да ги прочитаме знаците покрај патот. Да тргнеме во заедничко пату-

вање, во коешто ќе вложиме во праведното и чесно заедништво. Во сон се родив, во сон живеам, во сон ќе умрам и не сакам никој да ми ги украде верувањата, ниту евентуалните утопии, оти тие се оние кои го исцртуваат светот со посакуваните бои. Да ги симнеме маските, да се погледнеме, да ги убиеме со љубов и со разум нискоста, лицемерието, инерцијата, алчноста, лагата… Да го ископаме највредното затрупано во урнатините на нашите интимни длабочини од кои ќе изградиме нов град. Од нашите заеднички слики, бидејќи нам тоа ни е потребно. Грижа за идеите, за идеалите, не само загриженост за преживување. Растењето е единствено можно низ историјата.

Историјата му дава правец на растењето. Иако помнењето не е секојпат безгрешно, секое помнење нè прави свесни за вредноста на минатото во сегашноста. За неколку векови, некој друг како мене, патник на ова место, исто како јас ќе жали за исчезнатото, за она што можев да го видам, за она што можев да го направам и ете така ми побегнало. Затоа не смееме да го споделиме стравот на Робеспјер дека ќе пропаднеме, затоа што во историјата на човештвото сме го пропуштиле мигот да ја засноваме слободата. Затоа верувам дека досега сфативме дека заедницата која се заснова врз политичка култура на критично дејствување и соочување е заедница на слобода, на заемност и на храбра пловидба кон новите хоризонти на општеството.

И да ве потсетам уште еднаш на мислата од предмалку. Сите сакаат да бидат гласници, но никој не ја слуша навистина пораката на вечните илинденци. Ние, вашите вечни комшии, пријатели, познајници од хубавото Крушево и од неговите китни села, без разлика на вера, народност, пол и убежденија, не можејќи веќе да трпиме тиранијата на жедните за крв и гладните за човечко месо муртати, што гледаат и нас и вас да дотераат до нож, и нас и вас да дотераат до питачки стап, и нашата мила и богата земја Македонија да заприлега на пуста пустина, денес дигнавме глава и решивме со пушка да се браниме од тие наши и ваши душмани и да добиеме слобода. Вие мошне арно знаете оти ние не сме лоши и разбирате дека од мака си кладовме главата во торба за да заживееме како браќа на оваа земја. Ние ве имаме како свои и сакаме докрај да останеме свои.

Ние не дигнавме пушка против вас. Тоа би било срам за нас. Ние не дигнавме пушка против мирниот, трудољубивиот и чесниот турски народ шчо се пранува като нас, со крвав пот. Тој е наш брат и со него сме живејале и пак сакаме да живееме. Ние

не излегофне да колиме, да грабиме, да палиме, да крадиме… Доста ни се зулумите на безбројните дреби по нашата сирота и окрвавена Македонија. Ние не излегофне да порисенчуваме и да бесчестиме вашите мајки и сестри, жени и ќерки. Треба да знаете оти вашиот имот, вашиот живот, вашата вера, вашата чест, ни се толку скапи колку што ни се скапи и нашите. Анџак за да си завардиме имотот, животот, верата и честа, ние сне зеле пушка. Ние, не само ве имаме како свои браќа, туку и ве жалиме како свои браќа, бидејќи разбираме оти и вие сте робје како нас, робје на царот и на царските бегови, ефендии и паши, робје на богати, на силни, робје на насилници и на зулумќари што ја запалија царштината од четирите страни и што нè натераа нас да дигнеме глава за право за слобода и за човечки живот. За право, за слобода, за човечки живот. Ве каниме и вас да дојдите заедно да правиме борба. Затоа да бидеме заедно во радоста и во тежината. Затоа да го олесниме тешкото. За многу години Илинден.



# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА – КРИТИЧКА РЕТРОСПЕКТИВА И ПОГЛЕДИ КОН СЛЕДНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

ИВАН ДАМЈАНОВСКИ

**МАКЕДОНСКИОТ ПРОЦЕС НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ Е ЕДЕН ОД НАЈТУРБУЛЕНТНИТЕ ВО ИСТОРИЈАТА НА ПРОШИРУВАЊЕТО НА ЕУ. ПРОЦЕС КОЈ Е ОБЕЛЕЖАН СО ПЕРИОДИ НА НАПРЕДОК, СТАГНАЦИЈА И ФРУСТРАЦИЈА И КОЈ, ИРОНИЧНО, ПОСЛЕ СКОРО ТРИ ДЕЦЕНИИ СЕ НАОЃА ПРЕД, МОЖЕБИ, И НАЈГОЛЕМИОТ ДОСЕГАШЕН ПРЕДИЗВИК**

Повеќе од две третини од 30 годишната македонска историја на независност се обележани со: политичка, институционална и општествена заложба за интеграција со политичките, правните и економските стандарди на Европската Унија (ЕУ). Во целиот овој период, членството во ЕУ е врвен приоритет на македонската политика којшто веројатно како ниту една друга политичка цел не продуцирала кохезивна моќ што ги обединува: најголемите политички партии, етничките групи и општата јавност во државата. Во изминатите 30 години, значителни аспекти на: институционалното, економското, политичкото и културното милје на македонското општество ќе претрпат значителни трансформации коишто се директна последица на пристапувањето кон Европската Унија, дотолку што било која прикаска за развојот на македонската државност не би била комплетна без референца кон процесите на европска интеграција.

Истовремено, македонскиот процес на пристапување кон ЕУ е еден од најтурбулентните во историјата на проширувањето на ЕУ. Процес кој е обележан со периоди на напредок, стагнација и фрустрација и кој, иронично, после скоро три децении се наоѓа пред, можеби, и најголемиот досегашен предизвик. Оттука, овој текст има за цел најпрвин да понуди една критичка ретроспектива на

досегашните текови на пристапниот процес кон ЕУ, за потоа да се осврне на најважните предизвици и перспективи за блиската иднина.

## Историска ретроспектива на македонското пристапување кон ЕУ

Заложбите на македонската држава за интеграција со ЕУ се устоличуваат како врвен државен приоритет уште во 1998 година со усвојувањето на „Декларацијата за односите меѓу Република Македонија и Европската Унија“ од страна на Собранието, во којашто и експлицитно се наведува дека членството во ЕУ е стратешка цел на државата. Оттука, почнува период на релативен напредок во односите со ЕУ. Во 2001 година, со потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Северна Македонија ќе биде првата држава од Западниот Балкан која ќе се приклучи кон Процесот за стабилизација и асоцијација, кој во тоа време ќе се воспостави како основна рамка на Европската Унија за соработка со државите од Западниот Балкан и, истовремено, ќе ги промовира во потенцијални кандидати за членство во ЕУ. Во тој период, веќе ќе биде воспоставена и основна административна инфраструктура задолжена за координација и имплементирање на: политиките, правилата и стандардите што произлегуваат од процесот на европската интеграција. Овој процес на политичка и административна консолидација ќе придонесе за добивањето кандидатски статус за членство во ЕУ во 2005 година, со што ќе се формализира пристапниот процес кон ЕУ преку дополнително врамување на домашните реформи во политиката на условување на ЕУ и ќе се отворат значително повеќе можности за унапредување на соработката со ЕУ. Во тој период, Северна Македонија ќе биде само втората држава од регионот (после Хрватска) која ќе се стекне со кандидатскиот статус. Напредокот во пристапниот процес ќе кулминира во 2009 година кога Европската Комисија за првпат ќе даде препорака за започнување на преговори за членство.

Меѓутоа, во 2009 година започнува и една нова етапа на пристапувањето кон ЕУ, која ќе донесе многу фрустрации и болни компромиси коишто ќе предизвикаат бројни расцепи во македонското општество и ќе ја компромитираат јавната поддршка за членството во ЕУ. Иронично, во 2021 година, 12 години и 12 последователни

препораки подоцна, кога Северна Македонија ја одбележува 30-годишнината од својата независност, таа сè уште чека на материјализација на препораката за членство. Имено, веднаш после првата препорака за започнување на преговори за членство, целокупниот пристапен процес стана жртва на растечката вето-култура во одлучувањето во политиката на проширување на ЕУ. Грција, како и секоја друга членка на ЕУ, е во можност да стопира било кој процес во рамките на пристапувањето кон ЕУ на земјите кандидати. Таа го услови напредокот на Северна Македонија во пристапниот процес и одлуката за почеток на преговорите за членство со решавање на долгогодишниот спор околу уставното име Република Македонија. Оваа постапка ќе го означи почетокот на децениската блокада на пристапниот процес која ќе предизвика пад на ентузијазмот кон проевропски реформи, демократско назадување, а имплицитно и интензивирање на политичките конфликти во државата.

**ДОСЕГАШНИТЕ АНАЛИЗИ ПОКАЖУВААТ ДЕКА КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС КАЈ ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТИ ИМААТ КРЕДИБИЛНОСТА НА ПЕРСПЕКТИВИТЕ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ. КРЕДИБИЛНОСТА НА ПРОЦЕСОТ ЗАВИСИ ОД РАСПОЛОЖЕНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТРУКТУРИ НА ЕУ, НО И НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО ДРЖАВИТЕ-ЧЛЕНКИ ЗА ПРИЕМ НА НОВИ ДРЖАВИ ВО УНИЈАТА. ИЛИ, СО ДРУГИ ЗБОРОВИ, СЕ ПРЕТПОСТАВУВА ДЕКА КОЛКУ Е ПОГОЛЕМ ИНТЕРЕСОТ НА ЕУ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА ЗЕМЈИТЕ-КАНДИДАТИ ВО ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС, ТОЛКУ ПОЛИТИЧКИТЕ ЕЛИТИ НА ТИЕ ЗЕМЈИ-КАНДИДАТИ ЌЕ БИДАТ РАСПОЛОЖЕНИ ДА СПРОВЕДУВААТ ТЕШКИ РЕФОРМИ ВО НИВНИТЕ ОПШТЕСТВА, КОИШТО СЕ ВО НАСОКА НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВО НА ЕУ**

Конечно, решавањето на спорот со Грција преку потпишувањето на Преспанскиот договор во 2018 година донесе цврсти уверувања дека пристапниот процес ќе се одблокира и Северна Македонија ќе ги започне долгоочекуваните преговори за членство во ЕУ. Меѓутоа, започнувањето на преговорите нема да се ефектуира повторно како последица на неволноста на поединечни држави-членки на ЕУ да дадат поддршка за оваа одлука. Одлуката ќе биде игнорирана на неколку самити на Европскиот Совет (во 2018 и 2019 година) заради незадоволството на Франција со постојната рамка на политиката на проширување на ЕУ и нејзината, наводна, неефективност. Откако француските замерки ќе бидат ефектуирани во февруари 2020

година преку усвојувањето на нова ревидирана Методологија на проширувањето на ЕУ којашто ќе биде изготвена од страна на Европската Комисија, веќе во март 2020 година Европскиот Совет ќе донесе одлука за почеток на преговорите за членство во ЕУ со Северна Македонија и Албанија. Меѓутоа, само неколку месеци подоцна ќе следи нов шок. Откако Европската Комисија ја подготви Преговарачката рамка за преговорите со Северна Македонија која претставува документ кој ги утврдува позициите на Европската Унија и нејзините членки во однос на преговорите со земјата-кандидат, усвојувањето на истата во рамки на Европскиот Совет беше блокирана од страна на Република Бугарија заради несогласувања околу потеклото на македонскиот јазик и идентитет. Оваа позиција на Бугарија, која сè уште не е изменета ниту во 2021 година, по вторпат ја става Северна Македонија во нова спирала на тешко решливи идентитетски проблеми коишто тешко може да се поврзат со било кој критериум за членство во ЕУ и коишто имаат сериозен потенцијал да ја делегитимираат и неутрализираат ефективноста на политиката на условеност на ЕУ и целокупниот процес на пристапување кон ЕУ.

**ВЕДНАШ ПО УСВОЈУВАЊЕТО НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР, ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЌЕ ЈА ВОСПОСТАВИ НЕГОВАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПИЕДЕСТАЛОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА НАПРЕДОК ВО ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС, ДОТОЛКУ ШТО УСПЕШНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЌЕ БИДЕ НАМЕТНАТО КАКО РЕФЕРЕНТНА ОДРЕДНИЦА ЗА ЦЕЛОКУПНИОТ НАПРЕДОК ВО ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИОТ ПРОЦЕС. СЛЕДСТВЕНО, УСПЕШНАТА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ВО ПЕРИОДОТ 2004-2009 ГОДИНА ЌЕ БИДЕ И ЕДНА ОД ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАНДИДАТСКИОТ СТАТУС ВО 2005 ГОДИНА И ПРЕПОРАКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА ПРЕГОВОРИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО 2009 ГОДИНА**

## Карактеристики на македонскиот пристапен процес: кредибилитет, државни перформанси и јавна поддршка

Академските истражувања околу проширувањето на ЕУ и процесите на европеизација (адаптација на општествата на земјите-аспиранти со: нормите, правилата и политиките на Европската Унија) на посткомунистичките држави од: Источна, Централна и Југоисточна Европа укажуваат на влијанието на неколку фактори за

успешноста на овие процеси.[1] Досегашните анализи покажуваат дека клучно значење за ефективноста на пристапниот процес кај земјите-кандидати имаат кредибилноста на перспективите за пристапување кон ЕУ и административните капацитети. Кредибилноста на процесот зависи од расположението на политичките структури на ЕУ, но и на јавното мислење во државите-членки за прием на нови држави во Унијата. Или, со други зборови, се претпоставува дека колку е поголем интересот на ЕУ за унапредување на статусот на земјите-кандидати во пристапниот процес, толку политичките елити на тие земји-кандидати ќе бидат расположени да спроведуваат тешки реформи во нивните општества, коишто се во насока на исполнување на критериумите за членство на ЕУ. Во случајот на проширувањето со земјите од Западниот Балкан, овие процеси се дополнително обременети со политички критериуми кои тангираат исклучително сензитивни прашања поврзани со национални идентитети и решавање на етнички конфликти[2]. Финално, пристапниот процес на земјите од Западниот Балкан е уште повеќе отежнат и од се почестото користење на вето од страна на некои држави-членки на ЕУ со цел да наметнат решавање на билатерални спорови со земјите-кандидати, а што не било чест случај во претходните бранови на проширување.

Досегашната траекторија на пристапниот процес на Северна Македонија во целост влегува во оваа аналитичка рамка. Прво, досегашните искуства со реформите насочени кон прилагодувањето на домашното институционално и законодавно ткиво со нормите и правилата на ЕУ укажуваат дека динамиката на пристапниот процес во Северна Македонија во голема мера е поврзан со кредибилитетот на перспективите за членство. Воочливо е дека македонските влади и административните структури се значително респонзивни на позитивни сигнали од ЕУ, посебно кога станува збор за исполнување на политичките критериуми и стандардите поврзани со владеењето на правото. Добар индикатор за овој аргумент е една

1 Zhelyazkova, Asya. Damjanovski, Ivan. Nechev, Zoran and Schimmelfennig, Frank: „European Union Conditionality in the Western Balkans: External Incentives and Europeanization" in: Dzankic, Jelena. Keil, Soeren and Kmezic, Marko (eds.) „The Europeanization of the Western Balkans". Palgrave Macmillan, 2019, pp. 15-37.

2 Freyburg, Tina. and Richter, Solveig: „National Identity Matters: the Limited Impact of EU Political Conditionality in the Western Balkans", Journal of European Public Policy 17 (2), 2010, pp. 263–81.

претходна анализа којашто ја комбинира легислативната активност насочена кон хармонизација на законодавството во поглавјата 23 и 24, посветени на владеењето на правото и евалуациите на Европската Комисија околу напредокот на државата во овие полиња.[3] Имено, во периодот 2006-2010 година, кој најдобро ја отсликува турбулентноста на македонското пристапување кон ЕУ, дотолку што опфаќа временски интервали на висока и ниска кредибилност на евроинтеграцискиот процес, највисок интензитет на усвојување на закони поврзани со евроинтеграцискиот процес, како и најпозитивни оценки околу нивната имплементација од страна на Европската Комисија, се детектираат токму периодите кога кредибилноста е на највисоко ниво. Така, во временскиот интервал 2006-2010 година, кога високиот кредибилитет на пристапниот процес ќе биде придвижуван од добивањето на кандидатски статус, а малку подоцна и реалната перспектива за започнување на преговорите за членство, и легислативната активност, но и позитивните евалуации од страна на Комисијата се во постојан раст. Од друга страна, периодот од 2010-2016 година е обележан со голем пад на кредибилитетот на перспективите за членство предизвикан од грчката блокада. Следствено, во овој период е очигледен падот на ентузијазмот околу процесите на европската интеграција, дотолку што е воочлив пад во легислативната активност, а евалуациите на Европската Комисија стануваат далеку покритични.

Доколку се направи натамошна анализа на извештаите на Европската Комисија околу напредокот во исполнувањето на критериумите на ЕУ, ќе се види дека тие повторно детектираат значителен напредок во периодот 2018-2020 година, што, пак, коинцидира со растот на кредибилитетот на перспективите за одблокирање на пристапниот процес како последица на воспоставувањето на новата проевропска влада и нејзиното инвестирање во решавањето на спорот околу името со Грција и усвојувањето на Преспанскиот договор.

Во овој контекст, поврзаноста меѓу позитивните сигнали од ЕУ и интензитетот на реформи е очигледен и во исполнувањето на клучни одредници на политичките критериуми на ЕУ насочени кон

3 Damjanovski, Ivan: „Compliance with EU Rule of Law Policy in Macedonia: A Failure of Conditionality?" Paper presented at the annual conference „Law, Justice, and Politics in the Contemporary Democratic Context", Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, December 2018

**ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ, МОЖЕБИ, Е И НАЈМОЌНИОТ КОХЕЗИВЕН ЕЛЕМЕНТ ВО МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО КОЈШТО ВО ГОЛЕМА МЕРА СИТЕ ОВИЕ ГОДИНИ УСПЕВА ДА ГИ НАДМИНЕ ПОЛИТИЧКИТЕ И ЕТНИЧКИТЕ ПОДЕЛБИ, ДОТОЛКУ ШТО СКОРО СИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ПАРТИИ ВО МИНАТИТЕ ТРИ ДЕЦЕНИИ ГО ПОДДРЖУВАЛЕ ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ, А ИСТОТО УЖИВА И МНОЗИНСКА ПОДДРШКА КАЈ СИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ВО ДРЖАВАТА**

стабилизација на државата и подобрување на добрососедските односи, а кои од историска перспектива претставувале и најважни фактори за напредокот во пристапниот процес. Станува збор за двата најважни договори коишто ќе извршат своевидна трансформација на македонското општество, а чиј јубилеј е и повод за тематските насоки на овој број на списанието „Предизвици“. Станува збор за Охридскиот рамковен договор и Преспанскиот договор. Веднаш по усвојувањето на Охридскиот рамковен договор, Европската Унија ќе ја воспостави неговата имплементација на пиедесталот на политичките критериуми за напредок во пристапниот процес, дотолку што успешното спроведување на Договорот ќе биде наметнато како референтна одредница за целокупниот напредок во евроинтеграцискиот процес.4 Следствено, успешната имплементација на Рамковниот договор во периодот 2004-2009 година ќе биде и една од главните причини за доделување на кандидатскиот статус во 2005 година и препораката за отпочнување на преговори за членство во 2009 година. Во сличен манир, привлечната моќ на ветувањата за отклучување на евроатланските интеграции е веројатно и најважната причина владејачките политички елити да се впуштат во мачниот процес на решавање на спорот околу името со Грција, свесно влегувајќи во игра којашто генерира големи политички трошоци.

Второ, една од причините зошто политичките елити влегуваат во тешки реформски процеси наметнати од ЕУ, а кои со себе носат потенцијално високи трошоци, е и степенот на јавна поддршка на пристапувањето кон ЕУ. Позитивното јавно мислење околу членството во ЕУ е еден од клучните чинители коишто му даваат кредибилитет на пристапниот процес. Анализата на јавното мислење во 30 години на македонска државност покажува дека пристапниот процес и стратешката определба на Северна Македонија за членство во ЕУ е нашироко прифатена од македонските граѓани. Уште

---

4 Giandomenico, Jessica. *„Path Dependency in EU Enlargement: Macedonia's Candidate Status from a Historical Institutionalist Perspective“*. European Foreign Affairs Review 14(1), 2009, pp. 89-112

повеќе, членството во ЕУ, можеби, е и најмоќниот кохезивен елемент во македонското општество којшто во голема мера сите овие години успева да ги надмине политичките и етничките поделби, дотолку што скоро сите парламентарни партии во минатите три децении го поддржувале членството во ЕУ, а истото ужива и мнозинска поддршка кај сите етнички заедници во државата.

**НОВОНАСТАНАТИОТ СПОР СО БУГАРИЈА СО СЕБЕ НОСИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА УШТЕ ПОДЛАБОК ИДЕНТИТЕТСКИ КОНФЛИКТ КОЈ, ДОКОЛКУ ДРАСТИЧНО НЕ СЕ ПРОМЕНИ МОМЕНТАЛНАТА КОНСТЕЛАЦИЈА НА ОДНОСИ, СЕ ЧИНИ ДЕКА Е НЕВОЗМОЖНО ДА СЕ РЕШИ НА КРАТОК РОК. ИСТОВРЕМЕНО, ВО САМАТА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУ ОПРЕДЕЛЕНИ ДРЖАВИ-ЧЛЕНКИ РАСТАТ НАПОРИТЕ ДА СЕ НАДМИНЕ НОВОНАСТАНАТАТА СИТУАЦИЈА И ДА СЕ ОТКОЧИ ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА**

Меѓутоа, она што ни го кажуваат бројните истражувања на јавното мислење е дека како што државните структури не се имуни на падот на кредибилитетот на пристапниот процес, така и јавноста е подеднакво респонзивна на овие шокови. Податоците презентирани во Графиконот 1 јасно демонстрираат дека јавното мислење околу членството на Северна Македонија во ЕУ го следи прогресот во пристапниот процес и е сензитивно на успоните и падовите на неговиот кредибилитет. Така, највисоки стапки (над 90 %) на поддршка на членството во ЕУ се детектираат во периодот до 2010 година, а кој, пак, кореспондира со високиот кредибилитет на перспективите за напредок во пристапниот процес. Во наредната декада, очигледен е постепен и константен пад на поддршката за членство во ЕУ, а кој во целост се поклопува со блокадата на пристапниот процес и крахот на кредибилитетот на политиката на проширување на ЕУ во однос на Северна Македонија. Очекувано, овој тренд ќе биде стопиран во 2020 година, кога за првпат после долго време се бележи раст на поддршката за членство во ЕУ, очигледно под влијание на (во тоа време) отворањето на перспективите за почеток на преговори за членство како последица на стапувањето на сила на Преспанскиот договор.

Графикон 1: Дистрибуција на ставови – *„Ако следната недела се одржи референдум за влез на СРМ во ЕУ, како би гласале?“ (2014-2020)*[5]




## Поглед кон иднината на процесот на е вропска интеграција во Северна Македонија: предизвици и перспективи

Во годината кога Северна Македонија слави 30 години од својата независност, еден од нејзините најважни приоритети, интегрирањето во Европската Унија, се наоѓа пред, можеби, и најголемиот предизвик во својата историја. Најновата блокада на пристапниот процес има девастирачки ефект врз кредибилитетот на политиката на проширување на ЕУ во самата Северна Македонија, но и во поширокиот регион на Западен Балкан. Притоа, веќе се јавуваат сомнежи и околу моќта на Европската Унија да притиска кон реформи и решавање на комплексни политички проблеми како што тоа претходно било случај во поновата македонска историја. Наметнувањето на билатерални проблеми поврзани со идентитетски прашања предизвикува сериозни општествени дисторзии во земјите-кандидати и создава нови линии на внатрешни поделби и конфликти коишто

5 Извор: Дамјановски, Иван: „Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2020)“. Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Северна Македонија/ Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, 2021, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/A5_Analysis-of-public-opinion-on-North-Macedonias-accession-tothe-European-Union-2014-2020MKD.pdf

може да имаат долготрајни ефекти врз општествената кохезија. Деценискиот спор со Грција и неговата разрешница остави сериозни траги врз македонското политичко и општествено ткиво. Така, три години после потпишувањето на Преспанскиот договор, тој сè уште создава длабоки поделби во македонската јавност.[6] Новонастанатиот спор со Бугарија со себе носи потенцијал за уште подлабок идентитетски конфликт кој, доколку драстично не се промени моменталната констелација на односи, се чини дека е невозможно да се реши на краток рок. Истовремено, во самата Европска Унија и меѓу определени држави-членки растат напорите да се надмине новонастанатата ситуација и да се откочи пристапниот процес за Северна Македонија и Албанија.

Оттука, се наметнува прашањето околу идните перспективи на македонското пристапување кон ЕУ и главните предизвици во периодот кој следи. Како што видовме од претходната анализа на карактеристиките на македонскиот евроинтеграциски процес, динамиката на реформите насочени кон апроксимација и имплементација на правилата и законите на ЕУ во голема мера зависи од кредибилноста на перспективите за напредок во пристапувањето. Од една страна, отстранувањето на блокадата за старт на преговорите за членство несомнено би значела зголемена мобилизација на административните преговарачки капацитети и подобрен перформанс во усогласувањето на европското законодавство и исполнување на критериумите за членство. Меѓутоа, доколку се оствари пореалистичното сценарио, блокадата на преговорите за членство да продолжи во доследно време, реално е да се очекува спласнување на ентузијазмот кај политичките елити и кај јавната администрација во однос на исполнување на стандардите на ЕУ. Во такво сценарио, многу е веројатно да се повтори искуството од периодот на грчката блокада, кога во отсуство од детерминирана поддршка од страна на ЕУ за клучни реформски потфати, следи период на стагнација во институционалните и економски реформи, а во најлошото сценарио и демократско назадување.

6 Според најновите истражувања на јавното мислење, 35 % од македонската популација смета дека Преспанскиот договор е штетен за Северна Македонија., 40 % сметаат дека истиот е корисен за државата. За повеќе види: Armakolas, Ioannis. Damjanovski, Ivan and Siakas, George. „The Prospects of the Prespa Agreement: Public Perceptions in North Macedonia and Greece", IDSCS/PORU, 2021, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/The-Prospects-of-the-Prespa-Agreement-Public-perceptions-in-North-Macedonia-and-Greece-FINAL.pdf

Слична динамика може да се очекува и во однос на јавната поддршка за членството во ЕУ. Како што беше претходно образложено, трендовите на јавното мислење околу евроинтеграцискиот процес во Северна Македонија кореспондираат со амплитудите во напредокот на пристапниот процес. Периодите на стагнација се обележани со константен пад на поддршката за членство. Оттука, голема е веројатноста во периодот додека трае блокадата на преговорите за членство во ЕУ да се зајакне трендот на растечки евроскептицизам во државата. Оваа динамика имплицитно ќе влијае и врз меѓуетничката кохезија по ова прашање. Досегашните анализи на јавното мислење околу поддршката за членство во ЕУ покажуваат дека идентитетските импликации од споровите со соседните земји кои го блокираат пристапниот процес, се клучните фактори за формирање на евроскептични ставови во Северна Македонија кои се разбирливо поизразени кај етничките Македонци, отколку кај етничките Албанци.

**НИСКИОТ КРЕДИБИЛИТЕТ НА ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС И РУШЕЊЕТО НА УГЛЕДОТ НА ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН ОТВОРА ПРОСТОР ЗА ПЕНЕТРАЦИЈА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ДРУГИ СТРАНСКИ АКТЕРИ. ВЕЌЕ НЕКОЕ ВРЕМЕ ВО ЕКСПЕРТСКИТЕ КРУГОВИ СЕ ДЕБАТИРА ЗА ОБИДИТЕ ЗА ИДЕОЛОШКО, ПОЛИТИЧКО И, ПРЕД СÈ, ЕКОНОМСКО ВЛИЈАНИЕ НА ТРЕТИ ДРЖАВИ, КАКО: РУСИЈА, КИНА ИЛИ ТУРЦИЈА, КОИ СО ПРОМОЦИЈА НА СВОИТЕ МОДЕЛИ НА ИЛИБЕРАЛНА ДЕМОКРАТИЈА И(ЛИ) АВТОРИТАРЕН КАПИТАЛИЗАМ ГО ПОДРИВААТ ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА. РАСТОТ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ОВИЕ АКТЕРИ СЕ ПОТВРДУВА И ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Финално, нискиот кредибилитет на пристапниот процес и рушењето на угледот на политиката на проширување на ЕУ на Западниот Балкан отвора простор за пенетрација на интересите на други странски актери. Веќе некое време во експертските кругови се дебатира за обидите за идеолошко, политичко и, пред сè, економско влијание на трети држави, како: Русија, Кина или Турција, кои со промоција на своите модели на илиберална демократија и(ли) авторитарен капитализам го подриваат процесот на европска интеграција. Растот на влијанието на овие актери се потврдува и во Северна Македонија**.** Последните испитувања на јавното мислење, на пример, укажуваат дека значителен дел од македонската популација, скоро 40 %, би поддржале членство на Северна Македонија во Евроазиската економска Унија која е предводена од Русија, како

**КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК НА КРАТОК РОК Е ДА СЕ НАДМИНЕ РАЗОЧАРУВАЊЕТО ОД НАЈНОВАТА БЛОКАДА НА ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС И ДА СЕ ПРОНАЈДЕ ЕНЕРГИЈА ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА РЕФОРМСКОТО ТЕМПО НАСОЧЕНО КОН ИСПОЛНУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИТЕ И СРЕДНОРОЧНИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКАТА АГЕНДА. ТОКМУ ВО ОВОЈ ПЕРИОД НА КРИЗА ВО ПРИСТАПНИОТ ПРОЦЕС, ИНСТИТУЦИОНАЛНА ИСТРАЈНОСТ И ПОЛИТИЧКА ПОСВЕТЕНОСТ КОИ БИ РЕЗУЛТИРАЛЕ СО УСПЕШНО ПОРТФОЛИО НА РЕФОРМИ МОЖЕБИ БИ БИЛЕ И НАЈЕФЕКТИВНИОТ ПРИТИСОК ВРЗ НОСИТЕЛИТЕ НА ОДЛУКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ДРЖАВИ-ЧЛЕНКИ ДА ГО ВРАТАТ ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА НА ПАТОТ КОЈШТО СЕ ПОПЛОЧУВА ВЕЌЕ 30 ГОДИНИ**

алтернативно решение за членството во ЕУ. Сепак, од друга страна, мнозинство од граѓаните сè уште ја сметаат ЕУ за најголем сојузник на Северна Македонија.[7]

Горенаведените индикатори, и покрај нивната амбивалентност, недвојбено нè упатуваат кон заклучокот дека сите други алтернативи на евроинграцисската агенда на Северна Македонија би генерирале неспоредливо повисоки трошоци. Прво, државата веќе има постигнато ниво на интеграција со Европската Унија која го става македонското општество во состојба на изразена политичка и економска меѓузависност со ЕУ. Второ, на политичката сцена сè уште доминираат начелно проевропски партии, а административните капацитети повеќе од две децении се димензионираат кон спроведување на реформи коишто произлегуваат од политиката на условеност на ЕУ, дотолку што дури и во најдолгите периоди на стагнација во пристапниот процес, нивниот перформанс во апроксимацијата на европското законодавство во некои клучни области ќе биде на исто ниво или подобар од другите земји-кандидати од Западен Балкан кои веќе имаат започнато преговори за членство со ЕУ.[8] И, трето, и покрај растечкиот евроскептицизам во последните десетина години, сепак, во ниту еден момент јавната поддршка за

7 Николовски, Иван и Кирхнер, Мари Јеленка: „Политичка луда железница: интересна година на Северна Македонија на патот кон ЕУ“, Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“ во Република Северна Македонија/ Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, 2021, https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/A5_Political-Rollercoaster.-An-eventful-year-for-North-Macedonia-on-its-EU-pathMKD.pdf

8 На пример, види ја анализата во: European Stability Initiative (ESI). „How are they doing in 2019? European Commission Assessments of Montenegro, North Macedonia, Serbia and Albania“, May 2019

членство на Северна Македонија во ЕУ не била негативна. Така, во скоро целиот период од 30 години на независност на македонската држава, мнозинство од граѓаните недвосмислено го поддржуваат националниот интерес за членство во ЕУ.

Оттука, во периодот кој следи, политичките елити и избраните власти треба цврсто да останат на убедувањето дека процесот на европска интеграција е сè уште најмоќната алатка за воспоставување на реформи кои ќе го унапредат демократскиот капацитет на македонското општество и подобрат квалитетот на животот на граѓаните. Клучен предизвик на краток рок е да се надмине разочарувањето од најновата блокада на пристапниот процес и да се пронајде енергија за задржување на реформското темпо насочено кон исполнување на краткорочните и среднорочните приоритети на евроинтеграциската агенда. Токму во овој период на криза во пристапниот процес, институционална истрајност и политичка посветеност кои би резултирале со успешно портфолио на реформи можеби би биле и најефективниот притисок врз носителите на одлуки во Европската Унија и нејзините држави-членки да го вратат процесот на европска интеграција на патот којшто се поплочува веќе 30 години.

*(Авторот е професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје)*



# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (1991-2021)

# ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО – ОД МИТ ДО РЕАЛНОСТ

НАНО РУЖИН

**ИЛИНДЕН ПРОДОЛЖИ СО ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО, И СТРЕМЕЖИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕУ. ИЛИНДЕН ПРЕРАСНА ВО ПЕРСОНИФИКАЦИЈА ЗА ИКОНОГРАФСКИ И ИДЕНТИТЕТСКИ НАСТАНИ НА КОИШТО СЕ ГОРДИ СИТЕ ГРАЃАНИТЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, НЕЗАВИСНО ОД НИВНАТА: НАЦИОНАЛНА, ПОЛИТИЧКА, ПОЛОВА, СОЦИЈАЛНА И ДРУГ ВИД ВОКАЦИЈА.**
**ВО КОЛЕКТИВНАТА СВЕСТ НА ГРАЃАНИТЕ, ЗА ВРЕМЕ НА ИЗМИНАТИТЕ ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НА: НЕЗАВИСНОСТ, ПОСТКОМУНИСТИЧКА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА, ДЕТСКИ БОЛЕСТИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ОСТАНУВА МЕМОРИЈАТА И ЗА ДОБРИТЕ НАСТАНИ НА КОИ СЕ ГОРДИ, НО И ЗА ОНИЕ КОИШТО СОЗДАВААТ: НЕПРИЈАТНИ ЕМОЦИИ, БРУТАЛНИ И БЕЗОБЅИРНИ СТРАСТИ**

Стекнувањето на независноста на државата претставува исклучително значаен чин за секој народ. Датумот на стекнувањето на независноста е вообичаено да се одбележува како најголем празник, додека јубилеите претставуваат момент за поместување на фокусите кон значајните датуми и феномени од минатото. Во обид за меморизирање на суптилните или грубите реконструкции на настаните, некои од нив ја стигматизираа и колективната меморија на народот и на политичката елита. Оваа, 2021 година, е година во која Северна Македонија одбележува 30 години од независност. Триесетгодишниот јубилеј нуди ретка инспирација за анализа на верижните настани што ја обликуваа историјата на државата и можност да се подготви аналитички пресек за патот во изградбата на: демократско, мултипартиско и мултиетничко општество. Оваа внатрешнополитичка оска беше одбележана со потпишување на Охридскиот договор и имплементација на европските вредности. На надворешнополитички план, одбележан со евроатланските интеграции, освен со конзистентноста

на демократизацијата, реформите и регионалната соработка беа галванизирани со потпишувањето на Преспанскиот договор (2018 година), со што се отвори патот кон евроатлантските интеграции.

### Ретроспектива

Во заокружувањето на македонската државност, вмрежена низ трите митски илиндени, почнувајќи од Илинден 1903 година, преку Илинден 1944 година, кога беше одржано Првото заседание на АСНОМ и кога Македонија прераснува во рамноправна федерална единка на Југославија, до Илинден во 1991 година, кога народот се изјасни за независноста, новосоздадената држава беше соочена со прометејски пречки и предизвици. Когнитивниот капацитет на граѓанинот и политичарот безброј пати се соочуваше со дилемата: „Дали ќе се успее да се сочува државниот интерес? Дали „оазата на мирот" ќе преживее? Се покажа дека илузиите на предците, на татковците на независноста, не биле шупливи. *Метафората за Илинден* продолжи со членството во НАТО, и стремежите за членството во ЕУ. Илинден прерасна во персонификација за иконографски и идентитетски настани на коишто се горди сите граѓаните на Северна Македонија, независно од нивната: национална, политичка, полова, социјална и друг вид вокација.

Во колективната свест на граѓаните, за време на изминатите триесет години на: независност, посткомунистичка адолесценција, детски болести на демократијата, останува меморијата и за добрите настани на кои се горди, но и за оние коишто создаваат: непријатни емоции, брутални и безобѕирни страсти. По „Третиот Илинден" народот беше горд на успешниот Референдум од 8 септември за независноста и на донесувањето на првиот демократски Устав. Бласфемите на несреќната Лисабонска декларација на ЕУ за негирање на Македонија од 1991 година, како и грчкото политичко ембарго, генерираа непријатна реа кон моќната Европска Унија. Народот се радуваше на приемот на РМ за членство во ООН (1993 година), а пратениците на македонското Собрание ја изгласаа Одлуката за стапување на РМ во членство на Северноатлантската договорна организација НАТО (23.12.1993 година). Меѓутоа, опако беше несреќен со привремената референца (ФИРОМ) која прераснуваше во меѓународна идентификација на државата. Од 1992 година,

надворешната политика на Грција се фокализираше врз прашањето на уставното име на Република Македонија.

Дали навистина името претставуваше една геополитичка закана? Според Атена Скуларики (Athena Skoulariki, 2003) зад симболичната конфронтација околу историјата и културното наследство на Античка Македонија се криел влогот за легитимноста на современите државни граници. Повикувајќи се на Жан Франсоа Госио (J. F. Gossiaux, 2002)[1] авторката смета дека „првиот степен којшто го одбележува идентитетот... се наоѓа во името".

Во 1995 година се отворија перспективите за членството во НАТО со пристапување на Македонија кон Програмата партнерство за мир, но тоа беше и година на неуспешниот атентат врз првиот претседател Глигоров. Во 1999 година, за време на јубилејниот Самит на Алијансата во Вашингтон, Македонија се здоби со статусот на држава-аспирант во НАТО, преку Акциониот план за членство, со надежи дека преку автоматизмот во исполнувањето на реформите, времето ќе работи во полза на атлантската интеграција на државата. Светот влезе во новиот милениум, со нови перспективи за помирен и попродуктивен живот, кога се очекуваше дипломатијата да ја истисне воената сила и конфликтите. Меѓутоа, во 2001 година Македонија се најде на работ на меѓуетничка војна заради потценувањето на мултиетничките вредности во општеството. Со помош на странските олеснувачи: НАТО, ОБСЕ, ЕУ, ООН, беше потпишан Охридскиот договор во 2001 година, којшто од страна на македонските „патриоти и националисти" на почетокот беше поиман како пораз, со голем скептицизам и недоверба кон иднината. Меѓутоа, времето, и сите натамошни предизвици, ја оправдаа историската улога на овој чин. Република Македонија и официјално стана мултиетничка држава и шампион на мултиетничката демократија на Балканот.

Истовремено, во периодот на нашата триесетгодишна транзиција, светот и Европа се соочуваа со завршувањето на Студената војна. Логиката на Студената војна се состоеше во обесхрабрување на конвенционалната агресија и нуклеарниот удар од страна на спротивниот блок. Варшавскиот договор се распадна, но постоењето на

1 La crise macédonienne (1991-1995) et la question des slavophones en Grèce *Balkanologie*, Vol. VII, n° 1 | 2003 (J. F. Gossiaux Pouvoir dans les Balkans (2002), Paris: PUF, стр. 23).

НАТО се оправда во праксата, особено со експлозијата на балканските меѓуетнички војни и појавата на: новите безбедносни предизвици, терористички атентати, непогоди, пандемии, климатски промени.

На почетокот на новиот милениум, меѓународната заедница беше изненадена од разорноста на глобалниот тероризам, најнапред со нападите во Њујорк, а потоа и ширум Европа. Алијансата го активира член 5 од Вашингтонскиот договор, со што започна војната против тероризмот и хајката по Осама Бин Ладен. Македонија се приклучи кон Антитерористичката коалиција (ИСАФ), а македонските мировни сили учествуваа во обезбедување на аеродромот во Кабул, истиот оној кој во 2021 година по победата на Талибанците во Авганистан, ќе стане симбол на хаотичното повлекување на стотици илјади Авганистанци, соработници на ИСАФ. Интервенцијата во Авганистан коинцидираше и со почетокот на длабоките реформи и трансформации на Алијансата и сојузниците. НАТО мораше да се приспособи кон формацијата на мали лесни единици способни да се употребат на поголема дистанца вон границите на НАТО, во мисиите за одржување на мирот, хуманитарна помош или поддршка на стабилноста и реконструкција, како одговор за адаптација кон глобалните предизвици. На Алијансата ѝ требаше две децении да пристапи кон „експедициската култура“ и да воспостави пофлексибилни алатки за дејствување. Постстудениот воен период се одликува со флексибилност и агилност на мултинационални и сили способни за повеќе задачи. Алијансата си наметна императиви да го достигне и материјализира слоганот на Олимписките игри на Анри Дидон (Henri Didon): „За единствен НАТО којшто се стреми кон *citius, altius, fortius*“, односно кон побрзи-повиски-посилни достигања.

**ВО 1995 ГОДИНА СЕ ОТВОРИЈА ПЕРСПЕКТИВИТЕ ЗА ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО СО ПРИСТАПУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА КОН ПРОГРАМАТА ПАРТНЕРСТВО ЗА МИР, НО ТОА БЕШЕ И ГОДИНА НА НЕУСПЕШНИОТ АТЕНТАТ ВРЗ ПРВИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ГЛИГОРОВ. ВО 1999 ГОДИНА, ЗА ВРЕМЕ НА ЈУБИЛЕЈНИОТ САМИТ НА АЛИЈАНСАТА ВО ВАШИНГТОН, МАКЕДОНИЈА СЕ ЗДОБИ СО СТАТУСОТ НА ДРЖАВА-АСПИРАНТ ВО НАТО, ПРЕКУ АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЧЛЕНСТВО, СО НАДЕЖИ ДЕКА ПРЕКУ АВТОМАТИЗМОТ ВО ИСПОЛНУВАЊЕТО НА РЕФОРМИТЕ, ВРЕМЕТО ЌЕ РАБОТИ ВО ПОЛЗА НА АТЛАНТСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ДРЖАВАТА**

Денес, НАТО се соочува со поинакво радикално опкружување.

Потенцијалните непријатели го одбираат моментот и местото на „стратешкото изненадување“. Затоа, НАТО ги зајакна трансформациите и реформите, ги умножи вежбовните програми, финансискиот капацитет, со цел да се гарантира безбедност на териториите, одбраната од сајбер-нападите на државите-членки.

Периодот меѓу јубилејниот 50-годишен Самит во Вашингтон (1999) и следниот јубилеен Самит во Стразбург – Келн (2009) не измени многу во позициите на Република Македонија кон Алијансата. На Самитот во Букурешт во 2008 година, и покрај оптимистичките најави на американскиот претседател Џорџ Буш, Грција го блокираше членството на Република Македонија. Прашањето на спорот со името се наметна со целата острина и стана јасно дека „времето не работело за Македонија“. За да биде парадоксот уште поголем, Грците се соочија со самите себе, бидејќи кон крајот на XIX век и почетокот на XX век во полза на нивниот национализам граѓаните на денешна Северна Македонија ги нарекувале Македонци, а територијата Македонија. „Грците, на почетокот на XX век го привилегирале етнонимот – Македонци за славофоните од Југозападен Балкан за да ги заштитат од бугарското влијание“, пишува грчкиот аналитичар Костопулос (T. Kostopuolos, 2000, 379)[2].

Во Букурешт во 2008 година, заради името „Македонија“, Атина ја блокира Македонија во аспирациите за членство во Алијансата исто како и за започнувањето на преговорите за членство во ЕУ.

На внатрешнополитички план, во постбукурешкиот период, политичката адолесценција на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, опиена од политичката моќ и манипулативниот хиперболоид во кој веруваше дека ќе се задржат на власт повеќе децении, инклинираше кон системот на илибералната демократија. Интелигенцијата и странските набљудувачи беа растреперени од: авторитарниот популизам, контролата и апсењето на новинарите, антиквизацијата на „Скопје 2014“, бруталното исфрлање на опозициските пратеници од 24 декември 2012 година, на таканаречениот „Црн понеделник“. Меѓутоа, по една деценија апсолутна власт, режимот постепено почна да слабее и да го иритира јавното мислење на сите генерации но, пред сè, на младите кои ја активираа „Шарената револуција“. Чашата се прели со „аферите на прислушувањето“, кои: ги открија

2 T. Kostopuolos, 2000, La langue proscrite. Repression etatique des dialectique slaves en Macedoine grecque, стр. 379 и 55-56).

махинациите околу фалсификувањето на изборите; големите коруптивни зафати; сраснувањето на државниот со партискиот апарат, итн. Меѓутоа, политичкото сидро на 11-годишното владеење, сѐ уште цврсто ја контролираше состојбата во државата. Услужниот претседател воопшто немаше намера да ѝ попушти на мнозинската коалиција на СДСМ, ДУИ и останатите партнери да ја изгласаат новата влада. Така, на 27 јуни 2017 година се случи и „крвавиот четврток", осмислен од страна на партијата која го губеше приматот, а чија крајна цел беше воспоставување вонредна состојба и апсење на политичките лидери на СДСМ. Меѓународната заедница беше фрапирана од упадот на толпата партијци и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ во Собранието, како и опасностите од дестабилизација на државата. Конечно, со конституирањето на новата Влада, новиот премиер и соработниците се фокализираа врз темата којашто триесет години ја оптоваруваше младата македонска демократија, тоа беше прашањето на спорот со Грција околу името. Со потпишување на Преспанскиот договор, благодарение на храброста и визионерството на Заев и Ципрас (2018), се отвори просторот за прием на Северна Македонија во НАТО, на 27 март 2020 година, како 30-та членка на Алијансата. Тоа беше уште еден значаен Илинден. Колку и да се прават анализи за комплексноста на македонската транзиција, сите патишта беа поврзани со решавањето на прашањето на името. Од 1993 година, откако започнаа подготовките за преговорите за името меѓу Скопје и Атина: беше потрошено многу енергија и надежи; беше изгубено скапоцено време за Македонија; нејзините позиции беа ослабени и беше закочена секоја идеја за одреден евроатлантски просперитет. Генеалогијата на преговорите околу името послужи како изговор, партиски блеф или аргумент за: многу изборни процеси, победи или порази, цинизам и луцидност, волтеровски реплики, националистички билдувања, политички осуди, дрски настапи. Во новата историја на Македонија како сѐ да поаѓаше и сѐ да се враќаше во врска спорот со Грција и проблемот со името, независно од признавањето на уставното име од страна на САД и Канада во 2004/2005 година, како и од страна на 133 држави на ООН, вклучувајќи ги Руската Федерација и Кина. Македонија изгуби две децении од својот европски и евроатлантски пат, атавистички зависна од решавање на спорот како *condition sine qua non* на евроатлантската патека. Конечно, со Спогодбата од Преспа (2018) најде логичен епилог на дводецениското чекање пред вратите на НАТО.

Цената беше преголема, а реконструкцијата на дваесетгодишниот танталов аспирантски дијаграм, како и миопијата на македонските политичари, може најдобро да се процени низ анализата на настаните што му претходеа на Самитот во Букурешт, како и во периодот по овој настан. Во Македонија, едноставно, немаше државник кој можеше да го пресече рубиконот којшто се викаше – компромис за уставното име на Република Македонија.

### Самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година

Самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година останува во колективната меморија на граѓаните на Северна Македонија како еден од најнепријатните настани од стекнувањето на независноста, дотолку повеќе што Букурешт асоцираше и на Конференцијата од 1913 година кога Македонија беше поделена меѓу балканските држави.

Самитот се одржа во атмосфера на уште едно големо очекување на отворање на Алијансата, односно имплементација на *Open door policy*, по големиот *big-bang*, од Самитот во Прага во 2002 година кога седум држави-членки на неформалната „Вилнус група" се здобија со покана за членство. Македонија во 2002 година сè уште не беше подготвена, со оглед на тоа што на територијата се спроведуваше мировната мисија на кризниот менаџмент на НАТО и на ЕУ (Берлин плус). Во периодот меѓу 2002 и 2006 година, Македонија прерасна во лидер на новоформираната неформална Јадранска група, заедно со Хрватска и Албанија. Во 2008 година, по изминатите девет акциони годишни планови за членство (АПЧ) исполнети со трансформации и реформи, државата веќе беше зрела за членство во НАТО.

Еден ден пред почетокот на Самитот на Алијансата во Букурешт, на 1 април 2008 година, генералниот секретар Јап де Хоп Шефер изрази задоволство дека „тоа ќе биде најголемиот состанок во дотогашната историја на Алијансата", но во однос на очекуваните резултати заклучи дека сè уште биле „непредвидливи".

Дневниот ред на големиот состанок на врвот, освен темите за јакнењето на ИСАФ (*International Security Assistance Force*) во Авганистан како „големиот тест за НАТО", предвидуваше потврда на одлуката на францускиот претседател Никола Саркози за враќање на Франција во воената команда и испраќањето на 1 000 војници во Авганистан.

Голем интерес предизвика и заложбата на САД за создавање на „Глобалното НАТО", односно концепцијата за реформата на Алијансата низ американската визија за „Глобалното НАТО во функција на глобалната безбедност" во две насоки: една географска, преку политиката на проширување и партнерство, и втората тематска, односно „грицкање" на политичкиот и цивилниот терен на кризите.

Меѓутоа, „Стара Европа", како што државниот секретар за одбрана на САД, Доналд Рамсфелд, ги нарекуваше искусните западни демократии на чело со Франција, не ја прифаќаше оваа идеја на американската администрација. Французите потсетија дека Алијансата беше создадена заради евроатлантизмот и воената димензија и дека НАТО не треба да се меша насекаде и во секоја криза како светски жандар.

Од американската концепција за „Глобалното НАТО" индиректно произлегуваше и прашањето на проширување што се фокализира околу стратешките соседи на Руската Федерација, кои ѝ се спротивставија на Москва, а тоа беа Украина и Грузија. Претседателот Буш инсистираше овие две држави да се здобијат со аспирантскиот статус преку имплементација на АПЧ-програмата, што ќе означеше по неколку години и автоматско здобивање со членство во Алијансата. Меѓутоа, лидерите на „Стара Европа" не го прифатија овој предлог имајќи го предвид противењето и на претседателот Путин. Впрочем, веќе беа сериозно заострени односите со Руската Федерација и со проектот на инсталирање на антиракетниот систем во Полска и на Балтикот.

Од друга страна, за трите аспиранти на Јадранската група: Албанија, Хрватска и Македонија, лично се изјасни и претседателот Буш, кој најави дека „на Самитот во Букурешт ќе станат нови членки на Алијансата". Меѓутоа, овој мит, сепак, беше далеку од реалноста, особено кога Грција јасно покажа дека е против членството на РМ сѐ додека не се реши прашањето за името. За Македонија, која и во Алијансата, и во ЕУ ја нарекуваа со привремената референца ФИРОМ, овој Самит беше онаа судбинска историска точка кога требаше да се прекрши и прашањето за името за меѓународна и внатрешна употреба. Преговарачите веќе ја лансираа идејата за „двојната формула" за името, но секој од актерите ја толкуваше на различен начин.

### Македонија и резултатите од Самитот

По Самитот во Букурешт, аналитичарите оценија дека бил постигнат „огромен успех“ во однос на солидарноста и единството на Самитот за кризниот менаџмент и војната против тероризмот на антитерористичката коалиција собрана во рамките на ИСАФ. Воедно, самиот чин на враќање на Франција во воената команда на Алијансата по четириесет и една година отсутност и испраќање на 1 000 војници во Авганистан, претставуваше извонреден меѓународен поен за НАТО. Меѓутоа, наспроти успесите, Алијансата не можеше да се пофали во однос на прашањето за проширувањето. Самитот не ги исполни очекувањата на американската администрација. Македонија беше блокирана од страна на Грција, а и надежите на Грузија и Украина беа зацементирани. Затоа, во поглед на проширувањето, овој Самит се смета за неуспешен. Од петте кандидати само Албанија и Хрватска добија покана, додека поканата за РМ и АПЧ статусот на Грузија и Украина беше одложен. Од партнерство, во статус на интензивен дијалог, беа поканети да преминат: БиХ, Црна Гора и Србија.

**НА САМИТОТ ВО БУКУРЕШТ ВО 2008 ГОДИНА, И ПОКРАЈ ОПТИМИСТИЧКИТЕ НАЈАВИ НА АМЕРИКАНСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ ЏОРЏ БУШ, ГРЦИЈА ГО БЛОКИРАШЕ ЧЛЕНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПРАШАЊЕТО НА СПОРОТ СО ИМЕТО СЕ НАМЕТНА СО ЦЕЛАТА ОСТРИНА И СТАНА ЈАСНО ДЕКА „ВРЕМЕТО НЕ РАБОТЕЛО ЗА МАКЕДОНИЈА“**

Самитот во Букурешт имаше посебно значење за Република Македонија од повеќе причини, а неповолниот епилог произведе извесен фаустовски feed back меѓу тогашните претставници на власта:

- За првпат по деветгодишното чекање по добивањето на аспирантскиот статус во Вашингтон 1999 година, Република Македонија беше на дневен ред на Алијансата чија покана за членство требаше да се потврди;
- За првпат прашањето на името како стратешки граничник се прекрши низ геополитичката димензија, околу чиј епилог се соочија САД кои инсистираа за приемот на Македонија и државите кои го поддржаа „ветото“ на Грција;
- Политичката елита на Македонија сфати дека „политиката на оддолжување во изнаоѓање решение“, односно „дека

времето работи за РМ", што ги форсираше претседателот Глигоров, изгуби од своето значење;

- Можеби до одреден историски момент таквата политика и даваше резултати, но тие не беа реализирани бидејќи меѓу политичката класа не се манифестира поголема решителност и државничка луцидност од страна на лидерите;
- Од денешна гледна точка, неуспехот на Самитот на НАТО во меморијата на граѓаните на Македонија остана вмрежен како настан кој е еден од најмрачните и најбруталните дипломатски киксови во историјата на државата. Јавното мислење негуваше огромна приврзаност кон НАТО, со над 90 % поддршка, а очекувањата беа реални и објективни, со оглед на отворената поддршка на претседателот Буш и на американската администрација;
- По неуспехот во Букурешт, во јавното мислење на нашата држава зајакна констатацијата дека Грција е многу моќна сила, дури помоќна од обидите на претседателот Буш, и дека таа не била осамена, и била силно поддржана од страна на: Франција, Холандија и останатите членки на Алијансата;
- Претседателот Буш беше при крајот на неговиот втор мандат, додека на политичката сцена во Европа се појави атлантистот Саркози кој отворено ја поддржуваше позицијата на Грција;
- Зад одлуката на Самитот претходно се водеше вистинска дипломатска активност и реторика: во кулисите на НАТО, во РМ, во Грција, како и на меѓународен план, со посебна иницијатива на американската дипломатија.

## Политички парадокс, успешна манипулација или ирационална граматика

Владата на ВМРО-ДПМНЕ во времето што му претходеше на Самитот во Букурешт и во постбукурешкиот период се однесуваше парадоксално, речиси, фаустовски. Раководството, на чело со премиерот Груевски, беше подготвено да го прослави евентуалното зачленување во НАТО, како признание за „правилната политика" на лидерот во изминатите две години. Во случај на успех, партијата и уметниците беа подготвени за колективна прослава на централниот плоштад во Скопје. Но, екипата на Груевски имаше и план „Б", што

би се активирал во случај на активирање на грчкото „вето“ и неуспехот на приемот на државата во НАТО. Таквото сценарио предвидуваше стигматизирање на Грција и нејзините поддржувачи и манифестирање на уште поголемо задоволство бидејќи „не била издадена каузата за името“. Оваа утешителна приказна предвидуваше антифаустовски третман на ветото на Алијансата: „Што ќе ни е членство во НАТО ако го смениме името и ја изгубиме државата?“ Што ќе ни е членство ако ја издадеме каузата на Гоце и на нашите предци?“ Настапувајќи со слоганот и познатата иконографија: „Не го дадовме името!“ „Храбро го одбранивме името“, раководството на ВМРО-ДПМНЕ, исполнето со победничкиот ентузијазам, се подготвуваше да распише предвремени парламентари избори за да ја зајакне владејачката позиција и да ги вовлече ДУИ наместо ДПА во коалиционата власт. Се претпоставува дека оваа концепција била подготвувана уште порано со оглед на нестабилната коалициона Влада од која отстапија албанските коалициони партнери.

Дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ навистина мечтаеше државата под нивно водство да добие покана за членство во НАТО. Надежите за таквите илузии произлегуваа од одлуката на САД и Канада да ја признаат РМ под уставното име, како и од силната поддршка на членството од страна на Вашингтон. Отворената поддршка на САД ги заслепи чувствата за реалната политика на екипата на ВМРО-ДПМНЕ. Уште во 2007 година идеите на антиквизацијата, кои постојано се промовираа преку: медиумите, политичките говори, уметничките творби, археолошките артефакти и „експертите“, почнаа да се материјализираат. Во таквиот контекст, без никакво чувство на рафинираност и реални проценки на политичко-дипломатските последици врз грчко-македонските односи, Владата донесе одлука за промена на името на скопскиот аеродром „Петровец“, во „Александар Велики“. Кога поранешниот

**КОНЕЧНО, СО КОНСТИТУИРАЊЕТО НА НОВАТА ВЛАДА, НОВИОТ ПРЕМИЕР И СОРАБОТНИЦИТЕ СЕ ФОКАЛИЗИРАА ВРЗ ТЕМАТА КОЈАШТО ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ЈА ОПТОВАРУВАШЕ МЛАДАТА МАКЕДОНСКА ДЕМОКРАТИЈА, ТОА БЕШЕ ПРАШАЊЕТО НА СПОРОТ СО ГРЦИЈА ОКОЛУ ИМЕТО. СО ПОТПИШУВАЊЕ НА ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, БЛАГОДАРЕНИЕ НА ХРАБРОСТА И ВИЗИОНЕРСТВОТО НА ЗАЕВ И ЦИПРАС (2018), СЕ ОТВОРИ ПРОСТОРОТ ЗА ПРИЕМ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО, НА 27 МАРТ 2020 ГОДИНА, КАКО 30-ТА ЧЛЕНКА НА АЛИЈАНСАТА. ТОА БЕШЕ УШТЕ ЕДЕН ЗНАЧАЕН ИЛИНДЕН**

американски амбасадор во НАТО, Николас Барнс, му порача на Груевски: „Кога си во дупка, престани да копаш", и кога тогашната американска амбасадорка во НАТО, Викторија Нуланд, му сугерираше на премиерот да ја смени одлуката за аеродромот, тој мирно продолжи да ја исполнува агендата на заострување на односите со Атина, како да не размислуваше околу епилогот на Самитот во Букурешт во 2008 година. Изгледа дека логиката на Груевски била во две насоки: а) доколку се добие членството во НАТО ќе се потврди правилната надворешна политика на Владата; б) доколку РМ биде блокирана, тогаш „името Македонија било храбро одбрането, наспроти оние што сакале да ни го променат". И во двете политички приказни, ВМРО-ДПМНЕ се сметаше за добитник. Веројатно кога на вага би се ставиле „членство во Алијансата" или „победа со апсолутно мнозинство и нови четири години на владеење", раководството на партијата ќе се изјаснеше за втората опција.

Пред одржувањето на Самитот во Букурешт, во Њујорк се одржаа последните преговори меѓу преговарачите на Грција и Македонија. Во овие преговори РМ инсистираше на двојната формула, и тоа: уставно име Република Македонија за надворешна употреба во меѓународната заедница, и било кое сложено име коешто би го прифатила Грција за Република Македонија.

Од своја страна, и Грција прифаќаше сложено име со зборот Македонија што би се користело единствено во надворешните односи, додека за внатрешната употреба Атина воопшто не се мешаше. Во предвечерјето на Самитот, кога се почувствува дека ќе се случи неуспех, многубројната македонска делегација, предводена од премиерот Груевски, и заради кохабитацијата, и помалата, предводена од претседателот Црвенковски, најдоа заеднички компромис за името Република Македонија (Скопје). Меѓутоа, овој потег повеќе беше израз на циничен тактички чин со кој се настојуваше да се покаже флексибилноста на делегацијата, отколку вистински луциден стратешки потег за решавање на долгогодишниот спор со Грција. Впрочем, долго време Груевски негираше дека прифатил компромис, со цел да не ја замати славата од „херојската одбрана на името". Во постбукурешкиот период, ВМРО-ДПМНЕ отвори конфронтација со Грција, на внатрешен план преку интензивната „антиквизација" во повеќе домени, и особено преку проектот „Скопје 2014", додека на надворешен план Македонија ја тужеше Грција пред Меѓународниот суд на правдата

во Хаг за прекршување на Привремената билатерална спогодба од 1995 година, со блокирањето на македонскиот прием во НАТО на Самитот во Букурешт во 2008 година. Македонија бараше од Судот да ѝ наложи на Грција да ги почитува своите обврски предвидени со Привремената спогодба и да не го блокира македонското членство во меѓународни организации. Атина, пак, ја базираше одбраната врз тоа дека на Самитот во Букурешт немало вето, туку консензус меѓу земјите-членки, приемот на Македонија во НАТО да се одложи до решавањето на спорот за името. Судот се изјасни во полза на Македонија дека Грција ја прекршила Спогодбата (2011), но тоа беше пирова победа којашто не помогна државата да добие покана за членство, туку само ги заостри билатералните односи меѓу двете држави.

### Викиликс – Дипломатски преговори за името зад сцената

Македонскиот новинар и аналитичар Љупчо Поповски е автор на осврtот: „Од Букурешт, до Преспа: кога Америка се откажа од Груевски",[3] во кој ги анализира заткулисните дипломатски игри и преговарања во очи на Самитот во Букурешт во 2008 година, повикувајќи се на извори на Викиликс. Во март 2011 година, на Викиликс се појавија документи за 2008 година за РМ и прашањето на името. Овие документи покажаа дека РМ во тоа време немала политичар-визионер, ниту концепција за компромис. Односно, единствено се прифаќала можноста за минимален компромис, кој во било која теорија или пракса на преговарање однапред би бил осуден на неуспех. Познато е дека успешните преговори на две страни претпоставуваат такви резултати во кои и девет страни би се сметале за победници (win-win), а не едната страна за победник, а другата за губитник (win-lose). Токму вторава опција ја форсираше македонската делегација во преговорите со Грција.

Според документацијата од Викиликс, на 5 јануари 2008 година во Атина се сретнале Даниел Спекхард (помошник на ГС на НАТО за политички работи и активен чинител во кризата во Македонија од 2001 година), а во летото 2007 година се сретнале американскиот амбасадор во Грција и премиерот Коста Караманлис околу темата за можната компромисна формула за нашата држава и нејзиното членство во НАТО.

3 Љупчо Поповски: „Од Букурешт, до Преспа – Сведоштво на едно време – Македонија 2008-2018", Скопје: Фонд Отворено општество, 2020, стр. 102-133).

**РЕЗИМИРАЈЌИ ГИ ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ НА ВИКИЛИКС, МОЖЕ ДА СЕ КОНСТАТИРА ДЕКА НА ЧЕТИРИ МЕСЕЦИ ПРЕД САМИТОТ ВО БУКУРЕШТ, ВЛАДАТА НА ГРЦИЈА БИЛА ПОДГОТВЕНА НА КОМПРОМИС ЗА ДВОЈНА ФОРМУЛА ВО ОДНОС НА ИМЕТО НА РМ: ЕДНО ИМЕ ЗА ВНАТРЕШНА И ЕДНО ИМЕ ЗА НАДВОРЕШНА УПОТРЕБА, ШТО Е ВИД WIN-WIN СОЛУЦИЈА. И ВЛАДАТА НА МАКЕДОНИЈА БИЛА ПОДГОТВЕНА ЗА ДВЕ ИМИЊА, НО СО СОСЕМА ПОИНАКОВ РЕДОСЛЕД: ЕДНО ИМЕ – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА УПОТРЕБА И СЛОЖЕНО ИМЕ ЗА ГРЦИЈА, ШТО Е WIN-LOSE СОЛУЦИЈА ВО ПОЛЗА НА МАКЕДОНСКАТА СТРАНА. ОД ПОСТПРЕСПАНСКА ГЛЕДНА ТОЧКА ОВАА ОПЦИЈА БИЛА МНОГУ ПОПОВОЛНА ОД ОНАА ШТО БЕШЕ ПОСТИГНАТА ВО ЈУНИ 2018 ГОДИНА. ЕВИДЕНТНО ДЕКА ВО 2007 ГОДИНА РМ ИМАЛА ОГРОМНА ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА САД, НО ТОГАШНИТЕ МАКЕДОНСКИТЕ ЛИДЕРИ НЕМАЛЕ НИТУ ВИЗИЈА, НИТУ ХРАБРОСТ ДА ГО РЕАЛИЗИРААТ ОВОЈ ПЕНАЛ**

Во каблограмот на Викиликс (Wikileaks)[4] пишува дека Даниел Спекхард во обраќањето кон грчкиот премиер истакнал дека една од неговите цели е „да се фокусира на јакнењето на стабилноста на Балканот", вклучувајќи го и прашањето за решавањето на спорот околу името. Караманлис констатирал дека „Скопје станува сѐ помалку расположено за компромисна формула" и дека Караманлис ја прифатил тврдата линија во однос на решавање на спорот околу името. Тој додал дека „Грција сака целиот Балкан да биде инкорпориран во евроатлантските институции" и за да се имплементираат западните вредности „неопходно е да се најде заедничко прифатливо решение со сложена композиција: Нова, Горна, Северна, за меѓународна употреба, а за внатрешна употреба државата може да го користи уставното име – Република Македонија". Информирал дека јавното мислење во Грција било против било каква употреба на името „Македонија", но сепак, Карманлис презел една храбра иницијатива (bold step) и ги прифатил предлозите на Нимитц, со кои, можеби, Нова демократија ќе изгуби во јавното мислење: „Грција е отворена за сложено име: Нова, Северна, Горна Македонија".

Кога ќе се анализираат предлозите коишто ги прифатил грчкиот премиер, тие се многу поповолни во однос на Преспанскиот договор. Меѓутоа, во 2007/2008 година тогаш не биле прифатливи за екипата на Груевски.

4 Public library of US D, Cable 08ATHENS21_a, https://wikileaks.org/plusd/cables

Спекхард прашал: „Дали може да се постигне прогрес пред Самитот, а договорот за името да биде финализиран подоцна, за време на преговорите при ратификацијата", но Караманлис не прифатил.

Во каблограмот пишува дека барајќи компромис и Нимитц предложил двојна формула (РМ за внатрешна и компромисна за надворешна употреба, но тоа било одбиено од страна на Груевски). Како што е претходно наведено, Караманлис би го прифатил овој предлог.

Резимирајќи ги овие информации на Викиликс, може да се констатира дека на четири месеци пред Самитот во Букурешт, Владата на Грција била подготвена на компромис за двојна формула во однос на името на РМ: едно име за внатрешна и едно име за надворешна употреба, што е вид win-win солуција. И Владата на Македонија била подготвена за две имиња, но со сосема поинаков редослед: едно име – Република Македонија за меѓународна употреба и сложено име за Грција, што е win-lose солуција во полза на македонската страна.

Од постпреспанска гледна точка оваа опција била многу поповолна од онаа што беше постигната во јуни 2018 година. Евидентно дека во 2007 година РМ имала огромна поддршка од страна на САД, но тогашните македонските лидери немале ниту визија, ниту храброст да го реализираат овој пенал.

Останатиот дел од букурешкиот наратив беше повеќе од логичен:

а) Беше јасно дека без решение на спорот Грција нема да го одбори приемот на РМ во НАТО;

б) Во НАТО, за време на состанокот на НАК, кога се разгледуваше АПЧ на РМ, Грција ја прекина „процедурата на молчење" и предложи амандман којшто беше прифатен, а гласеше: „Секоја идна членка на Алијансата мора да има добрососедски односи", инаку одредба од Повелбата на ООН за која никој не можеше да има забелешки. На тој начин Атина ја приготвуваше правната рамка за употреба на институцијата „ВЕТО";

в) Претседателот Буш амбициозно го најави големиот *big-bang* на Јадранската група, како и доделувањето на АПЧ (аспирантски статус) за Грузија и Украина. На средба со младите на АТА-здруженијата, пред почетокот на Самитот на 1 април,

претседателот Буш беше убеден дека неговиот предлог ќе биде прифатен. Меѓутоа, тоа беше неговата лебедова песна. Првпат се случи да биде одбиен предлог на еден американски претседател најавен пред состанокот на Самитот на лидерите. Таквиот епилог беше разбирлив, неговите позиции беа ослабени на неколку месеци пред почетокот на претседателската кампања и на неговото заминување по двата претседателски мандати;

г) Франција, која се наметна со зајакната позиција заради враќањето во воената команда на Алијансата и испраќањето на 1 000 војници во Авганистан, цврсто застана на страната на Грција. Всушност, заради традицијата на НАТО да се спречи изолирање на една членка на Алијансата, во случајот се работеше за старата членка Грција, и останатите држави ја поддржаа позицијата на Атина;

д) За Република Македонија остана утешната награда, односно потпишување на „стратешкото партнерство со САД", но државата ќе чека уште десет години за да го започне приближувањето кон членството во НАТО.

Тоа што во 2008 година беше пропуштено заради ригорозната националната утопија, стравувањето за зачувување на власта по секоја цена и недостатокот на храброста и на евроатлантската визија, се реализира во 2018 и тоа на лична иницијатива на премиерите Заев и Ципрас. По пат на заемен компромис тие го материјализираа *win-win* Договорот од Преспа, без посредништво на трети страни и без олеснувачи. Државните интереси ги надминаа тесните партиски интереси. За разлика од „двојните формули" во било кое издание, се наметна формулата erga omnes, односно името Северна Македонија како решение за сите меѓународни субјекти за надворешна и внатрешна употреба. Набргу, државата се здоби со членство во Алијансата, а Македонците и македонскиот јазик останаа непроменливи категории. Идентитетот беше сочуван.

*(Авторот е професор на политички науки, поранешен дипломат и амбасадор на РМ во НАТО)*



# КОН „САМИ НА СВОЕТО“ – КРАТКА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКАТА НЕЗАВИСНОСТ (1990-1993)

## ДАЛИ УЧИМЕ ОД СОПСТВЕНИТЕ ГРЕШКИ?

МИШО ДОКМАНОВИЌ

**ЗАОКРУЖУВАЊЕТО НА ПРОЦЕСОТ НА ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО НА РМ И СТЕКНУВАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИОТ СУБЈЕКТИВИТЕТ ГИ МЕНУВАШЕ ГРАНИЦИТЕ НА БАЛКАНОТ, А ПАРАЛЕЛНО СО ТОА И ГИ БУДЕШЕ ВЕЧНИТЕ АПЕТИТИ НА СОСЕДИТЕ. ТОКМУ ЗАРАДИ ТОА, „ЈАБОЛКОТО НА РАЗДОРОТ“ – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СЕ НАЈДЕ ИСПРАВЕНА ПРЕД БРОЈНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ИСКУШЕНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА СВОЕТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ, КАКО НА ВНАТРЕШЕН, ТАКА И НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН. КАКО ШТО ЌЕ СЕ ВИДИ, ВО ПОГОЛЕМИОТ ДЕЛ НА ПЕРИОДОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, МАКЕДОНИЈА БЕШЕ ОСТАВЕНА ДА БИДЕ „САМА НА СВОЕТО“ – БЕЗ МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ, БЕЗ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА, ВО ОПАСНО ОПКРУЖУВАЊЕ И, РЕЧИСИ, БЕЗ ВОЕНИ СИЛИ**

Идејата за „Сами на своето“ се роди пред неколку години и произлезе од потребата да се навратиме на процесите коишто ја детерминираа нашата независност од една историска дистанца од 30 години. Дополнително, идејата за книгата се засили пред десетина месеци кога, слично на деведесеттите години на минатиот век, се чини, повторно почнаа да извираат манифестации на национализам насочен кон различни категории на наши граѓани и отворени повици на исклучување и ограничување на правата, поддржани од различни изолирани елементи во политичкиот спектар, честопати проткаени со отворен говор на омраза. Она што дополнително изненадуваше беше фактот дека таквите ставови не наидоа на реакција од јавноста во земјата, што беше доволна причина да се навратиме на значајните историски настани и процеси коишто ги одбележуваме оваа година, во обид да се даде одговор на прашањето дали учиме од сопствените грешки. Дополнителна причина претставуваше и новонастанатата ситуација

во односите со Европската Унија и дел од соседите која, евидентно, ја наметнуваше потреба да се согледаат овие односи во еден историски контекст, а периодот којшто е предмет на анализа е извонредно податлив во таа смисла. Исто така, ми претставува и посебно задоволство што со поддршката на Фондацијата „Фридрих Еберт“ оваа монографија ќе биде бесплатно достапна за сите граѓани на нашата држава.

Монографијата е наменски подготвена во чест на 30-годишнина на македонската независност. Книгата досега ја прочитаа неколкумина мои колеги и сите ми го кажаа истото: книгата е многу возбудлива и се чита многу брзо, а содржината е често вознемирувачка. И тоа навистина е така – книгата е фокусирана на најтурбулентниот период во современата македонска историја и опфаќа мноштво настани и процеси во кои нашата земја успеа да се осамостои без ниту еден испукан куршум и по долг временски период да стекне меѓународно признавање. Временската рамка на истражувањето намерно беше ориентирана на периодот од 1990-1993 година и истата го опфаќа периодот од започнувањето на транзицијата на политичкиот и економскиот систем, до приемот на Република Македонија (РМ) во членство на Организацијата на Обединетите нации (ООН), во април 1993 година, како заокружување на процесот на меѓународното признавање на земјата.

Она што уште на самиот почеток треба да се нагласи е дека овој процес, како што ќе видиме во оваа книга, се одвиваше во исклучително комплексни услови. Речиси никој не можеше да претпостави дека државата, која по сите параметри беше една од водечките во Источна Европа, за период од само неколку месеци ќе се претвори во воена арена на која се случи најголемиот воен конфликт во Европа по крајот на Втората светска војна. Нашата Македонија од целиот тој процес, чии последици сѐ уште се чувствуваат, успеа да се извлече без ниту еден испукан куршум на територијата на Републиката, а истото во голем дел се должеше на искуството и мудроста на тогашното државно раководство.

Во овој процес, РМ стана нов субјект на меѓународните односи. Заокружувањето на процесот на осамостојувањето на РМ и стекнувањето на меѓународно-правниот субјективитет ги менуваше границите на Балканот, а паралелно со тоа и ги будеше вечните апетити

на соседите. Токму заради тоа, „јаболкото на раздорот" – Република Македонија – се најде исправена пред бројни предизвици и искушенија во процесот на остварувањето на своето осамостојување, како на внатрешен, така и на меѓународен план. Како што ќе се види, во поголемиот дел на периодот кој е предмет на истражувањето, Македонија беше оставена да биде „сама на своето" – без меѓународно признавање, без финансиска поддршка, во опасно опкружување и, речиси, без воени сили.

Имајќи го тоа предвид, книгата е фокусирана на три главни линии.

Во рамките на првата линија се разгледани прашањата за причините на југословенската криза преку анализа на историските корени на кризата, но и политичките и економските фактори на нејзиното генерирање, почнувајќи од создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, па сè до почетокот на деведесеттите години на минатиот век. Во прилог на тоа, оваа монографија се осврнува и на внатрешните обиди и концепции за разрешување на конфликтот во Југославија, како и улогата на меѓународната заедница во целиот процес. Со оглед на тоа што меѓународната заедница не понуди еден координиран и унисон настап во врска со конфликтот во поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во рамките на анализата се изложени и поединечните ставови на државите, коишто, на некој начин, повеќе или помалку, се обидоа да дадат придонес во разрешувањето на југословенскиот конфликт.

Втората линија на овој труд се фокусира на следење на внатрешнополитичките состојби во Македонија и нивното влијание врз процесот на осамостојување. Поконкретно, на „феноменот" на инаугурацијата на демократијата во Македонија, до којашто се дојде преку официјална смена на еднопартискиот систем со системот на парламентарна демократија. Нововоспоставените политички односи самите по себе доведоа до креирање на поголем број политички партии со различен кадровски и идеолошки потенцијал, коишто во своите политички и изборни програми понудија различни концепти за излез од југословенската криза и, соодветно на тоа, различни идеи за решавање на статусот на Македонија (независна држава, федеративна единица или членка на конфедерација, сојуз на суверени држави). Бидејќи токму новите политички субјекти

имаа најголемо влијание врз стратегијата на Македонија за стекнување независност, подетално е опфатена правната процедура на осамостојувањето на Македонија, како и на ставовите на главните парламентарни партии во врска со главните етапи во процедурата (донесувањето на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија, одржувањето на Референдумот за суверена и самостојна Македонија, како и донесувањето на Уставот на РМ). Посебно внимание во овој дел на книгата е ставен и на собраниските дискусии во врска со донесувањето на овие клучни одлуки.

Третата линија во овој труд е фокусирана на прашањето на меѓународната верификација на осамостојувањето на РМ, односно прашањето на меѓународното признавање. Во рамките на анализата е посветено посебно внимание на сите фази во овој комплексен процес, почнувајќи од барањето за меѓународно признавање, преку мислењето на Арбитражната комисија, но и политиката на Европската заедница во врска со ова прашање, па сè до процедурата за прием во Обединетите нации. Во посебен дел, монографијата е насочена на ставовите на соседните земји во врска со меѓународното признавање, како и на обидите за надминување на отворените прашања со нив, како наметнат предуслов за стекнување на признавањето од нивна страна. Неизбежно, анализиран е и невидениот притисок, на којшто беше изложена Републиката од страна на Република Грција која, користејќи го членството во Европската Унија, го блокираше меѓународното признавање на Македонија и нејзиното членство во мултилатералните организации. Конечно, разгледани се и ставовите на Соединетите Американски Држави и Руската Федерација во врска со осамостојувањето и меѓународното признавање на Македонија, како и влијанието на нивната политика врз останатите држави во светот.

**ОВАА КНИГА НЕ ТЕЖНЕЕ ДА НАОЃА: ВИНОВНИЦИ, ГУБИТНИЦИ И ПОБЕДНИЦИ. ДРЖАВИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА СЕ БОРАТ ЗА СОПСТВЕНИТЕ ИНТЕРЕСИ. „САМИ НА СВОЕТО“ Е ЕДЕН ОБИД ДА СЕ ПРИКАЖАТ КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИШТО СЕ СООЧИ ЗЕМЈАТА ВО ЕДЕН КРАТОК ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД КАКО НА ВНАТРЕШЕН, ТАКА И НА НАДВОРЕШЕН ПЛАН. РАЗБИРАЊЕТО НА ОВИЕ: НАСТАНИ, ПРОЦЕСИ И ТРЕНДОВИ ТРЕБА ДА НИ ОВОЗМОЖИ ПОЛЕСНО ДА ЈА СФАТИМЕ И КОМПЛЕКСНАТА СИТУАЦИЈА ВО КОЈАШТО ДЕНЕС СЕ НАОЃАМЕ И, ПО МОЖНОСТ, ДА СОЗДАДЕМЕ НОВА ИДНИНА, БЕЗ ДА ГИ ПОВТОРУВАМЕ СОПСТВЕНИТЕ ГРЕШКИ**

Имајќи предвид дека прашањето на осамостојувањето на Македонија претставува крупен настан со значајни политички импликации за меѓународната заедница, а особено за Европската Унија и балканските држави, на крајот на истражувањето е направен обид да се изведат заклучоци преку коишто ќе се детерминира значењето на осамостојувањето на Република Македонија во државно-правната историја на Македонија, особено во контекст на научените лекции од оваа временска дистанца.

Од клучните заклучоци во трудот, би ги издвоил следниве:

1. Од денешна гледна точка, повеќе од очигледно е дека распаѓањето на Југославија не претставуваше решение на југословенската криза. На оваа теза, во текот на кризата особено инсистираа САД, што се покажа како точно. Како резултат на насилниот крај на Федерацијата, беа создадени грст независни држави, а одржливоста на дел од нив често се доведува во прашање. Сѐ уште постојат отворени прашања меѓу поранешните членки на Федерацијата, а регионалната интеграција и перспективата за интеграција во ЕУ е повеќе декларативна, отколку суштинска. Војните коишто се водеа создадоа големо историско наследство што ги обременува интеграциските процеси и до денешен ден.

2. Што се однесува до процесите во, и околу Македонија, мора да се констатира дека клучната улога во македонската транзиција од социјализам, во демократско општество ја одиграа амандманите на Уставот на СРМ. Со нивното усвојување: се создаде конкретна и фер рамка за организација на првите повеќепартиски избори во земјата; се овозможи непречено формирање на новите државни органи; беа поставени главните постулати на правото на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување од заедницата на југословенските народи, како и за менување на границите на Републиката.

3. Концептот за кој се одлучи Македонија беше конструктивен и соодветен на комплексната ситуација којашто постоеше во Југославија. Републиката донесе Декларација за сувереност, организираше успешен Референдум за самостојност и усвои нов демократски Устав, во период од 10 месеци. Од

исклучително значење е да се нагласи и дека техниката на осамостојувањето беше високо оценета и од Арбитражната комисија на Европската заедница и претставуваше основа за позитивното мислење во врска со македонското барање за меѓународно признавање. Во тој контекст, Референдумот од 8 септември 1991 година беше, и остана да биде темелник на македонската државност не само заради тоа што неговата позитивна одлука јасно ѝ ја демонстрираше на меѓународната заедница детерминираноста на македонскиот народ и останатите заедници за напуштање на Југословенската федерација, туку и заради тоа што македонскиот народ и граѓаните на Македонија на непосреден и демократски начин суверено одлучуваа за сопствената иднина, непосредно за првпат во својата историја. Уставот на Република Македонија претставуваше една артикулација на слободно изразената волја на Референдумот, а со неговото донесување формално-правно заврши осамостојувањето на Македонија од Југословенската федерација.

4. Сепак, не треба да се заборави дека втората по големина заедница во земјата, од повеќе причини, за кои стана збор во книгата, не учествуваше на Референдумот и донесувањето на новиот Устав, што остави далекусежни последици врз демократскиот развиток на земјата. Отсуството на оваа заедница од овие клучни фази имаше горчлив вкус кој беше надополнет со обидите на дел од политичките партии за дестабилизација на земјата.

5. Тогашното раководство не успеа да најде одржлива рамка за разговор и координација со албанската заедница, особено во контекст на нивните барања за реафирмација на правата коишто на народностите и етничките групи им беа гарантирани во Уставот на СРМ од 1974 година. Како што покажа историјата, политичката одлука да се напушти овој концепт беше погрешна, а РМ се соочи со воен конфликт кој заврши со Договор во кој целосно беа реафирмирани одредбите од стариот Устав.

6. Во процесот на транзиција во РМ повторно се отвори прашањето на малцинствата коешто беше присутно во

односите на Југославија со соседните држави. Евидентно е дека во јавниот дискурс во однос на малцинствата беше присутна перцепцијата дека новата држава, со два милиони жители, ќе обезбеди поефикасна заштита на малцинствата, отколку Југославија, која имаше 22 милиони жители и беше еден од клучните играчи на меѓународната политичка сцена. Очекувано, оваа перцепција се покажа како погрешна.

7. Уставот на РМ доби позитивни оценки за неговите решенија од релевантни меѓународни инстанци, но неговата операционализација се соочи со предизвици во повеќе сегменти, вклучувајќи ги: организацијата на судската власт, правата на заедниците, изборот на претседателот на Републиката, итн. Од тие причини, беа донесени дури 36 амандмани на текстот, за период од 30 години.

8. Процесот на транзиција овозможи и слободно формирање на првите политички партии кои учествуваа на изборите со свои автентични програми во кои, голем дел беше посветен на прашањето на иднината на Југославија и статусот на Македонија. Недвосмислено, ВМРО-ДПМНЕ беше главниот предводник на блокот што се залагаше за независност веднаш, со сите државни атрибути. За разлика од овој блок, останатите политички партии коишто произлегоа од дотогашната политичка елита (СКМ – ПДП, СРСМ, СПМ, но и ПДП) се залагаа за умерен пристап – задржување на некаков вид на поврзување на суверените републики, а доколку тоа не биде можно – независност. Притоа, во неколку наврати беше нагласено дека Македонија нема да остане во скратена федерација.

9. Национализмот на ВМРО-ДПМНЕ, исто така, е еден од главните белези на процесот на осамостојување на земјата. Истиот се манифестираше како на внатрешен, така и на надворешен план. Националистичките ставови во целиот процес на осамостојување на Македонија константно провејуваа и се манифестираа на различни полиња: од односот кон помалите заедници (Албанци, Срби, итн.), но и ЈНА, како и во однос на понудените формулации на клучните институти во Уставот, општата реторика на нејзините претставници, итн.

Очигледно, овој пристап не придонесуваше позитивно во исклучително комплексната ситуација во Југославија и Македонија. Дополнително, дел од ставовите на оваа партија имаа влијание на соседните земји, особено Грција, а користењето на картите на обединета Македонија и повиците за одржување конгрес во Солун, со право беа перципирани како провокации и територијални претензии. Како резултат на овој пристап, оваа политичка партија беше единствената партија од поранешна Југославија која се најде на листата на Годишниот извештај за глобален тероризам на американскиот Стејт Департман.

10. Енигма останува и користењето на формулацијата дека партијата е „за строго почитување на македонскиот јазик во согласност со Уставот на Македонија" наведена во Прогласот за формирање на ВМРО-ДПМНЕ, во јуни 1990 година. Не е јасно зошто на македонскиот јазик е додадена формулацијата „во согласност со Уставот на Македонија", а подоцна оваа формулација беше прифатена во контекст на односите со Бугарија, во периодот кога оваа партија беше носител на извршната власт.

11. Се наметна и потребата за преоцена на улогата на првата „експертска" Влада на Република Македонија, која функционираше во период од само 15 месеци и за која во дискурсот во земјата постои генерален став дека претставува една од најдобрите влади по осамостојувањето. Во книгата се презентирани валидни аргументи кои укажуваат на самата структура на Владата која е повеќе партиска, отколку експертска, особено ако се земе предвид дека голем дел од министрите беа дел од политичките влади формирани од двете најголеми партии. Покрај тоа, оваа Влада потфрли во повеќе аспекти: меѓународното признавање на Републиката; беше донесен само еден системски закон (одбрана) од долгата листа на закони чиешто донесување беше предвидено во рок од шест месеци по донесувањето на Уставот; постоеја реакции за бавноста со која се подготвуваше Законот за одбрана; незапочнувањето на процесот на трансформација на општествениот капитал; членови на Владата редовно меѓусебно се конфронтираа за различни прашања

од витално значење за Републиката. Од друга страна, Владата постигна успех со одземањето на евиденцијата на воените обврзници на ЈНА, но и со монетарното осамостојување на Македонија. Не случајно, прашањето за доверба на првата Влада беше поставено од голем број пратеници од сите политички партии. Се чини дека товарот на сите нерешени прашања од претходната Влада падна на Владата на Бранко Црвенковски, избрана во септември 1992 година.

12. Во книгата се разгледани и прашањата за учеството на жените во процесот на стекнување независност. За жал, македонската независност е независност без жени. Имено, во првиот состав на македонското Собрание имаше само 5 пратенички, а во првата „експертска" Влада на Никола Кљусев немаше ниту една жена – член на Владата. Во втората Влада на Република Македонија само две жени беа избрани за министерки.

13. Посебно внимание во книгата е посветено и на причините зошто единствено Македонија успеа да се осамостои без насилство и без воени судири. Токму оваа клучна улога на претседателот Глигоров за соработка и постигнување Договор со ЈНА има пресудно значење за развојот на Македонија во првата декада на нејзината независност. И покрај фактот дека Републиката се осамостои без испукан куршум на нејзината територија, никогаш нема да се заборават изгубените млади животи на четириесетина војници и регрути од Македонија: Македонци, Албанци, Роми, Турци и Срби, на боиштата во останатите југословенски републики.

14. Во однос на меѓународното признавање, земјата се соочи со невиден притисок

**МОРА ДА СЕ УЧИМЕ ОД ТУЃИТЕ, А НЕ ОД СОПСТВЕНИТЕ ГРЕШКИ. МОРА ДА ЗАБОРАВИМЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И ЛЕСНОТИЈАТА НА ИСКЛУЧУВАЊЕТО НА „ДРУГИТЕ". НАМ НИ Е ПОТРЕБНА СИНЕРГИЈА НА СИТЕ РАСПОЛОЖЛИВИ ПОТЕНЦИЈАЛИ, А НЕ КВАЗИПАТРИОТИЗАМ И КВАЗИЛИДЕРСТВО ЗАТСКРИЕНО ЗАД НАЦИОНАЛНИОТ ИНТЕРЕС. САМО НА ТОЈ НАЧИН ЌЕ СЕ ИЗБОРИМЕ НАШАТА МАКЕДОНИЈА ДА НЕ БИДЕ САМА, ТУКУ ИНТЕГРИРАНА СО ЦЕЛИОТ ЦИВИЛИЗИРАНИ СВЕТ**

и опструкции, а процесот се пролонгираше со години. За земјата беа создадени серија преседани во врска со ова прашање кои се нотирани во меѓународната теорија: концептот на задоцнето признавање на државата; признавање под привремена референца; забрана на користење на официјалното знаме во ОН на земја-членка; барање за промена на устав како услов за признавање, итн.

15. Се чини дека политичкото раководство не успеа да ја процени позицијата на Грција во однос на признавањето, но уште поважно, статусот којшто го уживаше како членка на НАТО и ЕЗ. Со други зборови, тогашниот, условно кажано, противник беше потценет, а истото водеше кон натамошно комплицирање на ситуацијата поврзана со признавањето, што директно го загрозуваше опстанокот на земјата.

16. За разлика од Словенија и Хрватска, и делумно Босна и Херцеговина, РМ ја немаше благонаклонетоста на дел од државите-членки на Заедницата. За потсетување, неколку европски земји, вклучително и членка на ЕЗ, ги признаа Словенија и Хрватска пред објавувањето на мислењата на Арбитражната комисија во врска со исполнувањето на условите за признавање, а една од нив (Хрватска) дури и не доби позитивно мислење од Комисијата.

17. Европската заедница доследно и принципиелно ги штитеше интересите на својот сојуз и својата држава-членка. ЕЗ не дозволи признавање на земјата под услови кои не ѝ одговараа на Грција. Иако Заедницата воспостави свој автентичен механизам за признавање на државите (Арбитражната комисија), таа не го почитуваше мислењето на Комисијата. Европската заедница на сите самити, од декември 1991 година, до април 1993 година, континуирано водеше сметка за интересите на Грција и дури усвои и заклучок во рамките на Лисабонската декларација во која изрази подготвеност за признавање на Републиката под име кое нема да го содржи терминот „Македонија“. Слично како и денес, тоа уште еднаш ја покажува бескорисноста на процедурите креирани од централните органи на Заедницата/Унијата. Како и во деведесеттите, и денес Република Северна Македонија

е доведена во слична ситуација и принудена на политички договор за процедура која се претпоставува дека е правна и втемелена за постигнувања.

18. Од друга страна, САД во целиот процес на распаѓање на Југословенската федерација имаат конструктивен и балансиран пристап. САД правилно проценија дека распаѓањето на Југославија не е решение за кризата. Третирајќи ја кризата како првенствено европски проблем, САД излегоа и со јасни ставови околу признавањето на нашата Република. Ставија јасно до знаење дека ќе водат сметка за интересите на нивниот сојузник Грција, но притоа, не ги прифатија грчките максималистички позиции, како што беше случај со Лисабонската декларација на ЕЗ. Исто така, навремено го предвидоа потенцијалот на состојбата во Македонија и можност за создавање ново воено жариште во срцето на Балканот и одлучија да поддржат мисија на ОН и дополнително распоредија американски војници на македонските граници.

19. Во сите фази на постапката, македонските власти инсистираа на земјата да не ѝ се наметнува име. Сепак, тоа не се случи. Европската заедница, уште во мај 1992 година, започна да ја користи референцата „поранешна југословенска Република Македонија", без никаква согласност од македонска страна. Апсурдот да биде уште поголем, како што можеше да се види во презентираниот документ од септември 1992 година, ЕЗ започна да ја користи референцата за службена употреба повторно без согласност од македонска страна, и тоа седум месеци пред формалниот прием во ОН. На тој начин, се чини дека ова решение е суптилно наметнато од страна на ЕЗ, а истовремено, води сметка за интересот на државата – членка. Со привремената референца, Грција го оствари својот надворешнополитички приоритет – земјата да не се признае под името Македонија, а интензивната употреба на кратеницата од привремената референца (FYROM) ѝ овозможуваше воопшто да не го користи името.

Конечно, оваа книга не тежнее да наоѓа: виновници, губитници и победници. Државите во меѓународната политика се борат за сопствените интереси. „Сами на своето" е еден обид да се прикажат

клучните предизвици со коишто се соочи земјата во еден краток временски период како на внатрешен, така и на надворешен план. Разбирањето на овие: настани, процеси и трендови треба да ни овозможи полесно да ја сфатиме и комплексната ситуација во којашто денес се наоѓаме и, по можност, да создадеме нова иднина, без да ги повторуваме сопствените грешки.

Анализата на овие четири клучни години, особено во однос на најзначајните прашања на признавањето и интеграцијата во западната цивилизација, покажува дека, за жал, времето работи на наша штета. Ова го покажува и: процесот на признавањето, дефинирањето на правата на заедниците, но и приемот во меѓународните организации. Главната лекција којашто треба да се научи е со предизвиците да се справува: храбро, навремено и аргументирано. Секое пролонгирање на решавањето на прашањата било на внатрешен, било на надворешен план, оди на наша штета.

Никогаш не е вистинско време за решавање на отворените прашања на Балканот. Вистинското време секогаш сами го создаваме. Се чини дека токму овој пристап е повеќе од актуелен и во однос на сегашните предизвици со кои Републиката се соочува триесет години по прогласувањето на независноста. Сè уште нашите односи со ЕУ не се дефинирани, а европската иднина – неизвесна. Дали големиот Горан Стефановски беше во право кога сугерираше дека Европа нас нѐ доживува како ориентален приврзок, како темно огледало во кое таа ги проектира своите стравови?

Мора да се учиме од туѓите, а не од сопствените грешки. Мора да заборавиме на национализмот и леснотијата на исклучувањето на „другите“. Нам ни е потребна синергија на сите расположливи потенцијали, а не квазипатриотизам и квазилидерство затскриено зад националниот интерес. Само на тој начин ќе се избориме нашата Македонија да не биде сама, туку интегрирана со целиот цивилизирани свет.

*(Авторот е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и најмладиот добитник на наградата „Научник на годината“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2013 година)*




# КОМЕМОРИРАЊЕ И МЕМОРИЈАЛИЗАЦИЈА НА КОНФЛИКТОТ ОД 2021 ГОДИНА: КРАТОК ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ

ЛИДИЈА ГЕОРГИЕВА
НАУМ ТРАЈАНОВСКИ

> **НАШАТА ПРЕМИСА, ОВДЕ, Е ДЕКА КОМЕМОРАЦИИТЕ И МЕМОРИСКИТЕ ПРОЦЕСИ ОТКРИВААТ ЗНАЧАЈНИ АСПЕКТИ ЗА ПОЗИЦИОНИРАЊЕТО НА РАЗЛИЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО ДРЖАВАТА КОН РАЗЛИЧНИ АСПЕКТИ ОД КОНФЛИКТОТ. ПРОСЛЕДУВАЊЕТО НА ОВИЕ ПРОЦЕСИ ВО ОПРЕДЕЛЕНАТА ДИЈАХРОНИЈА ОД ДВЕ ДЕЦЕНИИ, ПАК, ПРЕТСТАВУВА АЛАТКА ЗА СИСТЕМАТСКО АНАЛИЗИРАЊЕ НА ДОМИНАНТНИТЕ ТЕКОВИ, МЕМОРИСКИ ДИКСУРСИ И НАРАТИВИ, НО И ЕВЕНТУАЛНИТЕ ПРОМЕНИ, ОТСТАПУВАЊА И РАЗЛИКИ ВО ПРИСТАПОТ ВРЗ НЕКОЈ КОМЕМОРАТИВЕН НАСТАН ИЛИ МЕСТО НА ПАМЕТЕЊЕ**

## Вовед

Тековната 2021 е година во којашто се одбележуваат 20 години од вооружениот конфликт во Македонија, како и 20 години од Охридскиот рамковен договор (ОРД) – договорот со којшто се прекинаа воените дејствија и се трасираше патот за постконфликтното македонско општество и држава. Повеќемесечните престрелки во 2001 година резултираа со повеќе од 200 жртви и преку 100.000 раселени лица (повеќе во: Brunnbauer 2002). Во овој контекст, ОРД придонесе за прекин на вооружените дејствија и отворање на „ново поглавје во развојот на македонската демократија“ (Aleksovska 2015: 55). ОРД ја најави и промената на Уставот (ноември 2001), којашто, пак, беше инструментална за развивањето на т.н. „македонски модел за мека поделба на власта“ (повеќе во: Bieber 2008; Ilievski & Wolff 2011; Georgieva, Mehmeti & Musliu 2011; Horowitz 2014). Но, конфликтот и, особено, Договорот придонесоа и за зголемување на јазот и затворање на границите меѓу етничките заедници во државата: процес што Љубица Спасковска го нарекува специфичен режим на државјанство и лојалност кон државата во која „граѓаните ги реализираат своите права, обврски и учествуваат во јавната и политичка

сфера исклучително како припадници на етнонационални и верски заедници“ (2012: 385; сличен аргумент нуди и Janev 2011).

Нашиот истражувачки проект, којшто го работевме во соработка со ФЕС – Скопје во текот на 2021 година, се базира токму врз оваа двојна интерпретација на конфликтот во Македонија од 2001 година и ОРД, а стреми кон: обезбедување, мапирање и интерактивно претставување на сет од досега неистражени материјали поврзани со комеморациите и меморијализацијата на македонската 2001 и нивно толкување од позиција на студиите на колективно сеќавање, како и студиите за мир и конфликти.[1] Нашата премиса, овде, е дека комеморациите и мемориските процеси откриваат значајни аспекти за позиционирањето на различните заедници во државата кон различни аспекти од конфликтот. Проследувањето на овие процеси во определената дијахронија од две децении, пак, претставува алатка за систематско анализирање на доминантните текови, мемориски диксурси и наративи, но и евентуалните промени, отстапувања и разлики во пристапот врз некој комеморативен настан или место на паметење. Тука, важно е да се нагласи дека истражувачкиот потфат нема за цел нормативно определување на модели за комеморација и меморијализација, туку, напротив, стреми кон мапирање и анализа на веќе завршени процеси на територијата на денешна Република Северна Македонија.

## Колективно сеќавање и социологија на меморија: теоретска рамка

Студиите на колективното сеќавање и социологијата на меморија овозможуваат идеална подлога за ваков тип истражување: уште од класичниот аргумент и дефинирањето на „општествените рамки на сеќавање“ од страна на Морис Олбакс (1992), колективното сеќавање се поима како значаен дел од градењето идентитет и симболичкото конструирање на заедниците (за преглед, види во: Trajanovski 2020). Важно е да се наведе дека во македонскиот постконфликтен контекст токму овие симболички и идентитетски аспекти и беа препознаени од домашните и странски автори, а овој дискурс е и доминантен во однос на мемориските активности околу

1 Истражувачкиот тим го сочинуваа: проф. Лидија Георгиева, Нита Старова и Наум Трајановски (координатори), како и: Арбнора Мемети, Теодора Милеска и Ристо Савески (истражувачи).

македонската 2001 година: поголем дел од авторите ја врзуваат меморијата за 2001 со проектот „Скопје 2014“ – збирен поим за 137 мемориски објекти градени од доцните 2000-ти – што, иако претставен како обид за задржување на „карактерот на мултиетничката држава“ (Јанкуловска во Klekovski 2011: 16), придонесе за натамошно општествено фрагментирање по етничка и верска линија (види, на пример, кај: Frčkoski 2011; Bliznakovski 2013; Dimova 2013; Čupeska 2013); помал број автори го дискутираат сеќавањето на конфликтот низ призмата на транзициската правда, справување со минатото и општествените трауми (види во: *inter alia*, Vankovska 2006; Kulasic 2013; Popovska & Ristoska 2015); а уште помал број, главно автори од странство, пристапуваат кон различните активности во државата преку теоретските концепти на култури, политики и места на паметење (Ragaru 2008; Neofotistos 2012; Reef 2018).

Нашето истражување, пак, иако се надоврзува на овие теориски пристапи, стреми кон мапирање и анализа на: мемориските практики, агенси и заедници – аспекти што ги утврдивме како непостоечки, но исклучително илустративни за македонскиот контекст и современото македонско општество. Овој аналитички пристап се потпира врз една од поновите дебати во студиите на колективното сеќавање и социологијата на меморија, каде што т.н. „мнемонички актери“ (Kubik & Berhnhard 2014) се поимени како клуч за разбирањето на мемориските процеси на теренот. Мнемоничките актери, или „претприемачите на сеќавања“ (Kaiser 2012) и „мемориските агенти“ (Zelizer 2014), се оние: поединци, групи, организации или институции коишто ја придвижуваат мемориската агенда кон определена идеолошка или политичка насока, а со тоа придонесуваат и за различно позиционирање на т.н. „мемориски групи“ во однос на македонската 2001. Според Харолд Маркузе, преку перформирањето на определен мемориски дискурс, овие групи извршуваат не само идентитетска, туку и микросоциолошка функција на конструирање општествени групи преку различни модуси на заедничко поимање на блиското или далечно минато (2001). Па, така, истражувањето има за цел да понуди одговори на прашањата: кои се доминантните модели на сеќавање на конфликтот од 2001 и ОРД во постконфликтното македонско општество? Кои се главните актери и агенси коишто ги придвижуваат комеморативните настани и меморијализацијата на конфликтот и ОРД? Кои се доминантните

дискурси и тонови на настаните и како истите придонесуваат за формирање на мемориските заедници?

### Методологија и истражувачки процес

Почетниот истражувачки дел од проектот се состоеше од мапирање на комеморативните настани и меморијализацијата на конфликтот од 2001 година во Македонија и ОРД во веќе постоечките и објавени материјали на: македонски, албански и англиски јазик. Во оваа фаза, идентификувавме три типа на извори: i) медиумски текстови, ii) општински гласила и iii) усни истории. а истражувањето на овие извори траеше три месеци. Истражувајќи ги овие извори, одвоивме 295 клипинзи – или табеларни записи на комеморативните и меморијализирачки активности – коишто, пак, ја содржеа и соодветната категоризацијата на настаните којашто беше првично етаблирана преку пилот-истражување на 50 настани и дискутирана на две експертски работилници со домашни и странски експерти.[2] Врз база на овие 295 клипинзи, селектиравме 135 маркери коишто се поместени на интерактивната онлајн платформа. Ваквото маркирање беше спроведено имајќи ја предвид целната група и евентуалните посетители на оваа платформа: од една страна, очекуваме дека интерактивниот пристап и селекцијата на главните настани ќе помогнат за подобро разбирање на мемориските активности поврзани со конфликтот од 2001 година и ОРД од страна на неакадемската публика; а од друга страна, пак, сметавме дека идентификуваните клипинзи, како и нивната категоризација и анализа, ќе придонесат за поопсежна и експертска дебата во однос на дадените истражувачките теми.

За разлика од клипинзите, коишто ќе се користат како метод и основа за интерпретативниот дел од истажувањето и нема да се објават во табеларната форма, маркерите – коишто претставуваат селектиран дел од клипинзите и ги сублимираат информациите од клипинзите во нови категории – ќе бидат целосно објавени во рамки на интерактивната онлајн платформа. Па така, освен краткиот опис на настанот, маркерите ги претставуваат и: кластерите, локацијата, изворот и типот на изворот. Кластерите, во овој случај, се

---

2 Учесници на работилниците беа домашни и странски експерти, меѓу кои: Василики Неофотистос, Пол Риф, Фабио Матиоли, Перица Јовчевски, Јана Коцевска, Ана Ацеска, Вјолца Красниќи, Боро Китаноски и Марина Тунева.

последниот обид за категоризација на комеморативните настани и мемориските активности во однос на конфликтот и ОРД: сработени по конечното дефинирање на клипинзите и маркерите, кластерите ќе бидат подетално претставени во следниот дел. Времетраењето на проектот – од првичните експертски работилници на почетокот на март 2021 година, до финализирањето на клипинзите, маркерите и анализите во јули 2021 година – остави и неколку – иницијално истакнати како важни, но, сепак, непокриени – аспекти: меѓу другите, родовите аспекти на комеморациите и меморијализацијата на 2001 година, како и социјалните медиуми како извор на информации. Сепак, сметаме, и се надеваме, дека ова истражување и оваа платформа ќе претставуваат вовед во поопсежна дебата околу засегнатите прашања.

### Истражувачки резултати, интерпретации и насоки

Со оглед на форматот и очекуваната должина за овој текст, се одлучивме за кратко претставување на три од горенаведените кластери. Првата се однесува на објектот на комеморација и меморијализација, и во овој контекст определивме четири категории: i) комеморирање на членови на безбедносните сили; ii) комеморирање на членови на ОНА; iii) комеморирање на ОРД; iv) комеморирање на цивилни жртви. Во рамки на нашето истражување, забележавме три доминантни начини на меморијализација на загинатите припадници на безбедносните сили – речиси без исклучок нарекувани бранители во македонската јавност: креирање на места на паметење во рамки на касарните и полициските станици низ државата – кратко по завршувањето на конфликтот – меморијализација на јавните простори во родните места на бранителите, како и комеморации на местата на убиствата на бранителите. Во првите два случаја не забележавме никакви инциденти при комеморациите, што не беше случај со третиот начин на комеморација. Комеморациите на паднатите борци на ОНА, пак, ќе бидат користени, главно, за нивно претставување како „маченици на албанскиот народ“ – дискурзивна операција што, според Василики Неофотистос, се базира врз комбинација од муслимански симболи и албански фолклор, а служи за легитимирање на националистички историски наративи (2012). Преку истражувањето утврдивме дека водечки меморески агенс при овие комеморации е Здружението на ветерани на ОНА, како и

**ОД ЕДНА СТРАНА, ОЧЕКУВАМЕ ДЕКА ИНТЕРАКТИВНИОТ ПРИСТАП И СЕЛЕКЦИЈАТА НА ГЛАВНИТЕ НАСТАНИ ЌЕ ПОМОГНАТ ЗА ПОДОБРО РАЗБИРАЊЕ НА МЕМОРИСКИТЕ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО КОНФЛИКТОТ ОД 2001 ГОДИНА И ОРД ОД СТРАНА НА НЕАКАДЕМСКАТА ПУБЛИКА; А ОД ДРУГА СТРАНА, ПАК, СМЕТАВМЕ ДЕКА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ КЛИПИНЗИ, КАКО И НИВНАТА КАТЕГОРИЗАЦИЈА И АНАЛИЗА, ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА ПООПСЕЖНА И ЕКСПЕРТСКА ДЕБАТА ВО ОДНОС НА ДАДЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ТЕМИ**

политичката партија ДУИ, кои, заедно со: локалните заедници, општински организации и организации од албанската дијаспора, ќе организираат различни комеморативни настани посветени на паднатите борци на ОНА.

Во однос на комеморирањето на ОРД, забележавме дека во првите неколку постконфликтни годишнини од потпишувањето на Договорот, ДУИ се наметна како главен носач на сеќавањето за овој датум и чинот на потпишувањето на ОРД во 2001 година. Па, така, од 2002 до 2005 година ДУИ ќе биде единствен чинител што ќе организира свечен настан на овој ден на различни локации низ државата. Веќе од 2009 година, годишнините на ОРД ќе бидат организирани од друга државна институција: Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор – владино тело формирано во 2004 година со цел спроведување на Договорот и обезбедување административна и стручна поддршка на заменик-претседателот на македонската Влада задолжен/а за спроведување на ОРД. Секретаријатот ќе се укине во 2019 година по изгласаните измени на Законот за организација и работа на државните органи и Законот за Владата. Во 2010-тите, пак, забележавме различни одбележувања на годишнините од потпишувањето на ОРД, за разлика од свечените приеми и коктели, мапиравме и неколку дебати и конференции. Во однос на цивилните жртви од 2001 година, забележавме комеморативни настани веќе од 2002 година. Од една страна, треба да се спомене дека албанските мемориски агенси честопати ќе ја заматуваат разликата меѓу воените и цивилни жртви од албанската страна. Овде, како пример, може да послужи фактот што посетата на гробовите на цивилните жртви во: Мојане, Липково и Слупчане во 2002 година се случи на годишнината од првата воена жртва на ОНА во 2001 година. Годишните комеморации на македонските цивилни жртви ќе бидат проследени и со подигнување на спомен-обележја, но ќе бидат предмет и на јавни препирки. Конечно, по повеќе од

деценија и половина, некои од комеморациите на цивилните жртви ќе станат платформи за испорачување помирувачки пораки во македонската јавност. За илустрација, на 16 декември 2018 година, Стојанче Ангелов, поранешен член на македонските безбедносни сили, и Абедин Зимбери, поранешен член на ОНА, во Слупчане положија цвеќе на гробовите на цивилните жртви од конфликтот во 2001 година.

Вториот кластер се однесува на регионот каде што се лоцирани комеморативните настани. Па, така, забележавме пет категории: i) Скопје и скопско; ii) Прилеп и прилепско; iii) Битола и битолско; iv) Тетово и тетовско; v) Куманово и кумановско. Освен во овие региони, мапиравме комеморативни и мемориски процеси и на други македонски места. Овие маркери се претставени на платформата и се претставени во рамки на последниот кластер. Категоризирањето по региони, пак, помага при идентификацијата на доминантните текови на дадените локации.

Накратко, во однос на регионот на Скопје и скопско, што иако помина без големи вооружени инциденти во текот на 2001 година, забележавме значајни превирања и конфликтни мемориски наративи, поделени по етнички линии, во текот на 2000-тите и 2010-тите. Па, така, освен неколкуте комеморации на ОРД од средината на 2000-тите, што ќе се одржат во Скопје, и одбележувањето на 40-годишнината од специјалната единица „Тигри" во 2021 година, сите останати мапирани настани можат да се толкуваат како прилози за различни и исклучиви толкувања за конфликтот од 2001 година. Од клучно значење е да се забележи дека овие исклучиви нарации честопати ќе бидат поткрепувани и со историски референци за различни периоди, или вградувани во различни историски и мемориски наративи – со урбаниот контекст на Скопје како најистакнат простор за овие процеси на меѓуреференцирање. Во однос на регионот на Прилеп и прилепско, забележавме дека тамошните комеморативни и мемориски активности, главно, се поврзани со заседата кај Карпалак од 8 август 2001 година и убиството на десетте припадници на македонските безбедносни сили – сите со прилепско потекло. Комеморациите посветени на загинатите прилепски бранители ќе бидат дел од комеморативна ритуалогија со истакнат верски карактер: панихиди во прилепските цркви, но и посета на гробните места на бранителите. Во рамки на касарната Мирче Ацев во Прилеп

ќе биде подигнат и споменик посветен на загинатите бранители во 2002 година, а спомен-обележја ќе се откријат и во: 2006, 2007, 2010 и 2013 година. Комеморативните активности во Битола и битолско, пак, се поврзани со заседата од Вејце на 28 април 2001 година и убиството на осумте припадници на македонските безбедносни сили, од кои четворица со потекло од Битола и битолско. Слично како и во прилепскиот случај, и во овој регион комеморациите имаат верски карактер, а во: 2002, 2003, 2011 и 2021 година беа откриени и спомен-обележја.

Тетово и тетовско, слично како и Скопје и Куманово, се подлошка за две исклучиви мемориски толкувања поврзани со 2001 година, промовирани, следствено, од две мемориски групи. Од една страна, сеќавањето за бранителите во постконфликтниот период беше моделирано, главно, од страна на: верски – во случајов тетовското архиерејско намесништво коешто одржуваше комеморации посветени на загинатите бранители кај: Вејце, Карпалак и битките во Тетово и тетовско – владини – Министерството за одбрана – и армиски агенси. Сеќавањата за другата страна од конфликтот, пак, беа моделирани од Здружението на ветерани на: ОНА, ДУИ и локалните албански заедници. Во регионот ќе се случат и најжестоките тензии поврзани со комеморации и мемориски активности: за илустрација, во 2005 година, во Челопек, локалното албанско население ќе ја блокира комеморацијата на двајцата загинати цивили при минирањето на мотелот „Бриони" во 2001 година; а спомен-плочите во: Ратае, Гајре и на Тетовското кале, посветени на македонските бранители загинати во 2001 година, ќе бидат демолирани веднаш по поставувањето – од доцните 2000-ти до тековната 2021 година. Во Куманово и кумановско, слично како и Скопје и Тетово, постојат поделени сеќавања за 2001 година по етнички линии коишто се пресликуваат во урбаниот простор. Овие сеќавања, главно, се поврзани за борбите во, и околу градот, а истите беа честопати инструментализирани по конфликтот. По неуспешниот обид за изградба на спомен-обележје посветено на бранителите, коешто, пак, беше блокирано во општинскиот совет, на 20 мај 2016 година беше одржана трибина по повод 15-годишнината од почетокот на вооружениот конфликт. Од друга страна, беа забележани повеќе мемориски активности поврзани со сеќавањето за борците на ОНА. Тука, Слупчане ќе се наметне како главна локација за годишната

прослава за „ослободувањето на карадачкиот регион“ од страна на ОНА веќе од 2 мај 2002 година. Во 2012 година, во рамки на гробиштата во Слупчане, ќе биде отворен и Музеј на војната во 2001 година и ОНА по повод 100-годишнината од независноста на Албанија. На 13 август 2013 година, на денот на потпишувањето на ОРД, делегација предводена од: вицепремиерот за спроведување на ОРД, Муса Џафери, министерот за одбрана Талат Џафери, вицепремиерот за евроинтеграции, Фатмир Бесими, министерот за правда, Блерим Беџети, портпаролот на ДУИ, Бујар Османи, градоначалникот на Липково, Садула Доманику, и заменик-министерот за внатрешни работи, Бајрам Џалал, им оддадоа почит на паднатите жртви на ОНА пред споменикот во Слупчане. Овој настан беше прва официјална посета на државници на спомен-обележје посветено на ОНА.

**ВО РАМКИ НА НАШЕТО ИСТРАЖУВАЊЕ, ЗАБЕЛЕЖАВМЕ ТРИ ДОМИНАНТНИ НАЧИНИ НА МЕМОРИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗАГИНАТИТЕ ПРИПАДНИЦИ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ – РЕЧИСИ БЕЗ ИСКЛУЧОК НАРЕКУВАНИ БРАНИТЕЛИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЈАВНОСТ: КРЕИРАЊЕ НА МЕСТА НА ПАМЕТЕЊЕ ВО РАМКИ НА КАСАРНИТЕ И ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ НИЗ ДРЖАВАТА – КРАТКО ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА КОНФЛИКТОТ – МЕМОРИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПРОСТОРИ ВО РОДНИТЕ МЕСТА НА БРАНИТЕЛИТЕ, КАКО И КОМЕМОРАЦИИ НА МЕСТАТА НА УБИСТВАТА НА БРАНИТЕЛИТЕ. ВО ПРВИТЕ ДВА СЛУЧАЈА НЕ ЗАБЕЛЕЖАВМЕ НИКАКВИ ИНЦИДЕНТИ ПРИ КОМЕМОРАЦИИТЕ, ШТО НЕ БЕШЕ СЛУЧАЈ СО ТРЕТИОТ НАЧИН НА КОМЕМОРАЦИЈА**

Последниот кластер се однесува на „мнемоисториите“ на неколкуте настани од конфликтот од 2001 година. Мнемоисториите, овде, се сфатени како дијахронија на јавни интерпретации на мемориски настани. Во овој контекст, мапиравме пет мнемоистории: i) Вооружени судири во Тетово и тетовско; ii) Вооружени судири во Куманово и кумановско; iii) Заседа кај Вејце; iv) Заседа кај Карпалак; v) Заседа кај Љуботенски бачила. Слично како и кај претходниот кластер, и овој не ги опфаќа во целост сите мемориски настани посветени на конфликтот од 2001 година, но помага за подобро сфаќање на мемориските динамики во пост-конфликтното македонско општество.

Веднаш по завршувањето на вооружениот конфликт, Тетово и тетовско ќе бидат препознаени како места на паметење од клучна важност за ОНА, нејзините ветерани и нивната кауза. На 12 март

2002 година, на пример, во тетовско Шемшово се одржа манифестација: „Епопејата на Тетовското кале“ по повод првата годишнина од почетокот на вооружениот конфликт, во организација на ветераните на ОНА и месното население. Тетово и тетовско се покажаа и како исклучително значајни за етничката македонска страна од конфликтот. Од 2002 година, тетовското архиерејско намесништво одржа неколку комеморации посветени на загинатите бранители кај Вејце и Карпалак. Сепак, останатите комеморации на македонските бранители во текот на наредните две децении нема да поминуваат без тензии и конфликти. Причина за ваквите разврски ќе бидат политички, но и случувања од долу, на локално ниво. Еден од медиумски најпокриените настани, во овој контекст, е блокадата кон гробиштата во Челопек, поставена од месното албанско население на 25 август 2005 година. Слични тенденции откривме и при истражувањето на мнемоисторијата на вооружените судири во Куманово и кумановско. Но, мемориските активности поврзани со конфликтот од 2001 година во кумановскиот регион се пример не само за поделеноста на постконфликтното македонско општество по етнички линии, туку и за инструментализацијата на настаните и мемориските објекти поврзани со конфликтот од 2001 година. Кратко по конфликтот, неколку македонски медиуми ќе пренесат дека раселените лица од македонско етничко потекло биле приморани да се поклонат пред спомен-обележјата на паднатите борци на ОНА во Слупчане.

Првиот забележан настан посветен на загинатите бранители кај Вејце е панихидата во дворот на лешочкиот манастирски комплекс на 19 април 2002 година. По овој настан, ќе следуваат: годишни комеморации, поставување спомен-плочи и организирање меморијални фудбалски турнири во родните места на бранителите. Сепак, комеморациите на загинатите бранители кај Вејце надвор од нивните родни места ќе поминат потензично. Илустративен е инцидентот од 28 април 2003 година, кога локалните жители на Вејце ја блокираа колоната со семејствата на загинатите и тогашниот министер за внатрешни работи, Хари Костов, упатена кон Вејце. Дводецениските комеморации на заседата кај Карпалак, пак, се уште една илустрација на поделбите во македонското постконфликтно општество. Од една страна, комеморациите беа честопати повод за истакнување на недоволното внимание што државата го даваше кон

бранителите од 2001 година, со непоставувањето на спомен-обележје кај Карпалак како еден од главните аргументи во оваа насока. Од друга страна, годишните комеморации кај Карпалак и, особено, спомен-плочите посветени на загинатите бранители, ќе бидат таргетирани и уништувани кратко по настаните. Конечно, заседата кај Љуботенските бачила е еден од најчесто комеморираните настани поврзани со конфликтот од 2001 година, а динамиката на комеморирање во текот на двете постконфликтни децении откри неколку значајни аспекти за постконфликтната меморијализација на македонските безбедносни сили: од менувањето на мемориските агенси, до менувањето на мемориските наративи.

Ова се само мал дел од истражувачките: резултати, интерпретации и поенти. Ве покануваме да ја погледнете платформата (www.ofa-2001-2021.mk) , а се надеваме дека истата ќе придонесе за јавна дебата за конфликтот од 2001 година и ОРД во македонската јавност.

*(Лидија Георгиева е редовен професор при Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет во Скопје*

*Наум Трајановски е докторант при Институтот за филозофија и социологија на Полската академија на науки)*



# ИДНИНАТА НА ДЕМОКРАТИЈАТА И СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА ИДЕЈА ЗА СЛОБОДАТА ПО 2020

КАТЕРИНА КОЛОЗОВА

**ПОСТИДЕОЛОШКОТО ОПШТЕСТВО Е ПОСТПОЛИТИЧКО А, КАКО ШТО ВЕЌЕ НАВЕДОВМЕ, ПОСТПОЛИТИЧКОТО НУЖНО ВОДИ ДО АВТОРИТАРНОСТ И ДРЖАВА ОТУЃЕНА ОД ГРАЃАНИТЕ. ЗАТОА, СЕГА, ПОВЕЌЕ ОД КОГА И ДА Е, ЧОВЕШТВОТО И, СЕКАКО, НАШЕТО ОПШТЕСТВО ПОТЕСНО, ОЧЕКУВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА ДА ГО РАЗБУДИ ПОЛИТИЧКИОТ СУБЈЕКТ И ДА ЈА ВОСКРЕСНЕ И ЗАШТИТИ ИДЕЈАТА ЗА ЧОВЕКОВАТА СЛОБОДА КАКО ПРЕДУСЛОВ НА ДОСТОЕН ЖИВОТ И ОПШТЕСТВЕН ПРОГРЕС**

Ковид-пандемијата, можеби, е првата општествена и историска појава којашто успеа да се воспостави како универзален општествен феномен, доживеан во ист период на планетарно ниво со нијанси и незначајни отклони на степен и форма во нешто што е глобална истоветност. За првпат, независно од економскиот степен на развој и идеолошката себе-дефиниција на општеството (демократско, монархистичко или комунистичко уредување), глобалната реакција беше униформна: 1) суспензија на неприкосновените човекови права во име на јавното здравје; 2) контрола на државниот апарат врз мултинационалниот капитал (цела година, индустриски и економски гиганти беа сведени на, речиси, целосен прекин или драматична пауза во нивното стопанисување); 3) идеолошка заматеност на разграничувањето меѓу разни општествени уредувања (на пример, во контекст на ковид-пандемијата, колкава е разликата во степенот на државна контрола и погазување на индивидуалните права и слободи меѓу Франција и Кина и постои ли, воопшто, суштинска разлика?).

Германската социјалдемократија е основана потпирајќи се врз, и произлегувајќи од доктрината на марксизмот, иако потоа, во почетокот на 20 век, зема поинаков правец разидувајќи се со

Комунистичката партија а, денес, и со радикално левите партии (кои во 21 век се оние кои најблиску се идентификуваат со марксизмот). Денес, социјалдемократијата е разбрана како политички центар, што, можеби, е и точно, но таа има своја историја, генеалогија на поими и неизбришливи траги на оригиналната социјалистичка идеја од која произлегла. Наспроти авторитарните искуства на 20 век, во своите премиси, основачки идеи, социјализмот е слободарско учење. Француската авторка од областа на политичката филозофија, Полин Клошек, во својот труд посветен на Марксовиот либерализам објавен во 2014 година, објаснува дека судирот на Маркс со либералите на својата ера се должи на неговото незадоволство од нивниот недоволно радикален либерализам – или од недоволно радикалната идеја за слободата на поединецот и општеството.[1] Навистина, деталната мапа на релевантни пасуси во Марксовите текстови којашто ја обезбедува Клошек во својот труд, но и други автори, како Игор Шекедброд,[2] покажува дека социјализмот е идеја на радикалната слобода а изборот меѓу колективна и индивидуална е лажен – нема колективна слобода на грбот на таа на поединецот, и обратно.[3] Слободата значи сообразност со природата, а помирувањето со неа е услов на вистински еманципираното општество.

Непосредно, човекот е природно суштество. Како природно суштество и како живо природно суштество тој, од една страна, е надарен со природни, животни сили – тој е активно живо битие. Овие сили постојат во него како склоности, способности – како инстинкти. Од друга страна, како природно, телесно, чувствено стварно битие, тој е: страдалничко, условено и ограничено суштество, како животните и растенијата. Со други зборови, предметот на неговите инстинкти му е надворешен, како предмети надвор од него. Сепак, овие предмети се она што му е потребно – суштински нешта, неопходни за појава и потврда на неговите суштински моќи. Всушност, човекот е: телесно, живо, реално, чувствено, стварно битие полно природна животна сила што го прави стварен. (Маркс, Филозофско-економски ракописи 1844).

1 Paulin Clochec (2014) „Le libéralisme de Marx", *Actuel Marx* (2014) 2/56. Paris: Presses Universitaires de France, 109-123.

2 Igor Shoikhedbrod, Revisiting Marx's Critique of Liberalism: Rethinking Justice, Legality and Rights (Palgrave Macmillan, 2019).

3 Karl Marx and Frederick Engels, *German Ideology* in *Collected Works*, trans. Richard Dixon et al., 50 vols. (New York: International Publishers, 1979–2004), 5: 24.

Just as the savage must wrestle with Nature to satisfy his wants, to maintain and reproduce life, so must civilised man, and he must do so in all social formations and under all possible modes of production. With his development this realm of physical necessity expands as a result of his wants; but, at the same time, the forces of production which satisfy these wants also increase. Freedom in this field can only consist in socialised man, the associated producers, rationally regulating their interchange with Nature, bringing it under their common control, instead of being ruled by it as by the blind forces of Nature; and achieving this with the least expenditure of energy and under conditions most favourable to, and worthy of, their human nature. But it nonetheless still remains a realm of necessity. Beyond it begins that development of human energy which is an end in itself, the true realm of freedom, which, however, can blossom forth only with this realm of necessity as its basis. The shortening of the working-day is its basic prerequisite.

Фактот дека на глобалната пандемија се одговори глобално (речиси) унисоно говори за кризата на сите идеологии и за опасноста дека живееме во постполитичка ера или ера на технократија. Шантал Муф, кон крајот на 90-тите, предупреди дека постполитичкото претставува најголема опасност за демократијата и заедно со Ернесто Лаклау ја развија филозофијата на радикалната демократија. Постполитичкото претпоставува дека општеството е третирано како претпријатие коешто треба да се менаџира – сочинувајќи го, со тоа, најотуѓениот (алиениран), најотуѓувачкиот (алиенирачки) однос на оние коишто владеат во општеството погледнато како колективитет, но и како збир на поединци. Ваквиот циничен однос кон општеството, изразен низ институциите на државата (односно, на оние кои владеат), оперира со слогани на псевдополитичка вредност како што една компанија оперира со цитати на големите умови – за брендирање на нешто што треба да биде „купено“ (сеедно дали како предмет или идеја), солидарност, општествена одговорност, и сл. Она што може да се забележи во „новиот свет“ на постпандемијата е: невидливоста, неупотребливоста и, веројатно, непожелноста на еден поим кој, како што објаснивме пред малку, е традиционална социјалистичка вредност – слободата и слободарството.

Веќе во пролетта 2020 година, шведскиот институт V-Dem предупреди на можноста од авторитарна злоупотреба на пандемијата, за што води и редовни рангирања. Социјалдемократијата,

како и другите леви идеологии или форми на социјалистичката концепција за уредување на општеството се повикани да си ја зададат улогата на бранители на слободата и слободарските вредности. Глобалното идеолошко сивило во ерата на пандемијата не смее да трае во недоглед – конечно, вонредната состојба којашто парадоксално станува редовна, по пат на постојани продолжувања, е еден од сигурните начини да се влезе во авторитарност. На почетокот на веков, администрацијата на Џорџ Буш беше предмет на критика на бројни интелектуалци ширум светот токму од, штотуку, наведената причина, на која ѝ беше додадена и квалификацијата surveillance society. Левичарите, социјалистите и секој човек кој копнее за достоен живот чија претпоставка е слободата очекува токму социјалдемократијата да биде на браникот на отпорот кон авторитарните злоупотреби на пандемијата. Постидеолошкото општество е постполитичко а, како што веќе наведовме, постполитичкото нужно води до авторитарност и држава отуѓена од граѓаните. Затоа, сега, повеќе од кога и да е, човештвото и, секако, нашето општество потесно, очекува социјалдемократијата да го разбуди политичкиот субјект и да ја воскресне и заштити идејата за човековата слобода како предуслов на достоен живот и општествен прогрес.

*(Авторката е професор по политичка филозофија и филозофија на правото на неколку универзитети)*

# МИСЛЕЊА

Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје и уредувачкиот одбор во овој број на списанието „Предизвици“ им дадоа можност на учесниците на Школата за политики при Претседателскиот центар за политичко образование да објават авторски текстови и да ги искажат своите размислувања и ставови по одредени теми.

На овој начин ја стимулираме компонентата за која сите се залагаат - младите преку образованиот процес не само да осознаваат теории, факти и практики, туку самостојно и креативно да размислуваат и да донесуваат заклучоци за она што ги опкружува.

Текстовите од учесниците што ги објавуваме во овој број се пуштени интегрално, секако со неопходните редакторски интервенции, како и во сите други текстови во списанието, кои не ги менуваат суштината и поентите.

# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ И ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ

ИРЕНА ШУМЕНКОВСКА

**НА ТРИЕСЕТТИОТ ЈУБИЛЕЈ ОД НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА И ДВАЕСЕТТИОТ ЈУБИЛЕЈ ОД ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР, МАКЕДОНИЈА СÈ УШТЕ СТОИ ВО ЕВРОПСКАТА ЧЕКАЛНИЦА И ЧЕСТО СЕ СООЧУВА СО ПРЕЧКИ НА ВНАТРЕШЕН И НАДВОРЕШЕН ПЛАН. НАЦИОНАЛИСТИЧКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ И АСПИРАЦИИ СÈ УШТЕ СЕ ДЕЛ ОД ПОЛИТИЧКОТО МИЛЈЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ КОИ ВО ОДРЕДЕНИ ПЕРИОДИ СЕ АКТУАЛИЗИРААТ**

„Послушајте Македонци! Јазикот е единствената наша татковина. Сè додека го чуваме, го негуваме, го вардиме, го гледаме јазикот наш македонски – ќе може да сметаме дека ја имаме и татковината. Како куќа, како дом, како огниште." (Блаже Коневски*)*

Оваа година Република Северна Македонија одбележува два важни јубилеи од формирањето на државата, 30 години од независноста и 20 години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор. Овие два датума го симболизираат стремежот на народот за подобар живот и изградба на држава којашто ќе ги негува демократските вредности. Независноста е највисокиот дострел во историјата на Македонија преку кој јасно се изразува изборот за самостојно чекорење и желбата за изградба на нова, модерна и перспективна држава со европска иднина. Доколку се направи корелација на овие два настана, ќе се види дека она што ги спојува е евроатлантската иднина на државата.

На 11 ноември 1990 година, во тогашната Социјалистичка Република Македонија се одржале првите парламентарни повеќепартиски избори и се конституирало првото повеќепартиско Собрание. Два месеца по изборите, Собранието донело одлука за подготву-

вање два есенцијални документи за самостојноста (којашто се случила нешто подоцна, на 8 септември 1991 година). Тоа се Декларацијата и Платформата за сувереност на Македонија, усвоени на четвртата седница на Собранието на СРМ, одржана на 25 и 26 јануари 1991 година. Образложение за носењето на овие документи дал Стојан Андов, првиот собраниски спикер во повеќепартискиот систем. Иако целосната самостојност никаде не била децидно спомената, нејзиното присуство било „во воздухот". Со тоа бил фрлен и формален никулец на идната Република Македонија.[1]

На 8 септември 1991 година, првиот македонски претседател, Киро Глигоров, со т.н. „говор за самостојноста", се обратил пред насобраната толпа луѓе на Плоштадот во Скопје, во атмосфера на еуфорија исполнета со емоции: „Граѓани и граѓанки на Македонија дозволете вечерва да ви ја честитам слободна, суверена и самостојна Македонија". На 8 април 1993 година Република Македонија станала полноправна членка на ОН. Како „компензација" за пропуштеното лидерство на Денот на независноста, Глигоров во Њујорк одржал свечен и достоинствен говор по повод приемот, истакнувајќи го непорекливото значење на тој настан за секоја држава. Приемот на Република Македонија во ОН претставувал и нејзино формално прифаќање во „друштвото на народите" како меѓународно признаta и независна членка.[2]

Мултиетничката разновидност во државата, наместо точка на спојување и приоритет, прерасна во точка на разделување и ривалство. Вооружените дејствија на Балканот имаа карактер на локални конфликти. Македонија не изостана на овој пат. Исходот беше неизвесен и тешко можеше да се предвиди. Вооружениот конфликт од 2001 година Македонија ја донесе на работ на бездната.

Десет години по осамостојувањето, Македонија се соочи со најголемата криза од нејзината самостојност. Вооружениот конфликт беше голем пресврт во македонското општество, во кој главни

1 Кујунџиски Ж.; Талевска В.; Василева А.; Вршкова К. Јас имам сон – прва антропологија на најславните говори на сите времиња од светот и Македонија. Скопје: „Антолог", 2010 (225)

2 Кујунџиски Ж.; Талевска В.; Василева А.; Вршкова К. Јас имам сон – прва антропологија на најславните говори на сите времиња од светот и Македонија. Скопје: „Антолог, 2010 (237)

актери беа македонските безбедносни сили и парамилитантната албанска национално-ослободителна армија (ОНА). Охридскиот рамковен договор беше производ и одговор на овој конфликт, кој беше потпишан на 13 август 2001 година. Договорот беше преговаран и потпишан од: лидерите на четирите  најголеми политички партии во Републиката Македонија, претседателот на РМ, како и од специјалните претставници на САД и ЕУ. Заради претходново, овој Договор може да се третира и како мировен договор гарантиран од претставници на меѓународната заедница.

Во 2001 година – годината на „опасно живеење", Македонија била исправена пред уште една техничка влада составена од министри од сите пратенички групи. Оваа најширока владина коалиција ја предводел премиерот Љубчо Георгиевски. За време на претседателствувањето на Борис Трајковски, Република Македонија минувала низ најтурбулентниот период од својата историја како самостојна држава и била ставена на исклучително тежок тест. Во такво време на премреже, кога политичката моќ на државните органи и на партиите покажале голем број аномалии и дезориентација, Трајковски го презел кормилото да се фати потребниот курс, но и дискурс. Рамковниот договор ставил крај на воениот конфликт и ги отворил вратите на едно ново пограѓанско уредување, коешто требало да биде прифатено не само од институциите, туку и од мноштвото граѓани во македонското мултиетничко општество.[3]

„Сè уште не знаеме што ни се случи во 2001", е рефрен кој, во Македонија, со неподнослива леснотија го повторуваат политичари и интелектуалци, од кои, сепак, се очекува да знаат. Во меѓувреме, навистина не знаејќи што ни се случи во 2001 година, една сосема нова генерација ученици и студенти, со чувство на загубено достоинство, протестираат по улиците на македонските градови. Тоа чувство нема да исчезне додека тие не ја осознаат вистината.[4] Летото 2001 беше едно од критичките точки во историјата на Македонија

---

3 Кујунџиски Ж.; Талевска В.; Василева А.; Вршкова К. Јас имам сон – прва антропологија на најславните говори на сите времиња од светот и Македонија. Скопје: „Антолог", 2010 (253)

4 Годишнина од Охридскиот рамковен договор: причините за една војна. Окно.мк. accessed on August 17, 2021, https://okno.mk/node/65971

кога состојбата можеше да премине во поинаква насока и да влијае врз иднината на стотици, илјадници или можеби и на милиони луѓе. Македонија тоа лето се соочи со предизвикот да избира меѓу војна и мир и нејзините лидери го избраа мирот.[5]

Охридскиот договор денес е класичен пример на превенција на конфликт, компромисно решение кое успеа да го врати мирот во државата. Договорот предвиде целосно и безусловно да се отфрла употребата на насилство за остварување политички цели и само мирни политички решенија можат да ја гарантираат стабилната и демократска иднина на Македонија. „Ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи", се потпиша во Договорот како основа за прекин на вооружените насилства.[6]

Приказната за 20 години од Охридскиот рамковен договор наликува на нецелосно наполнета чаша. За некои чашата е половина полна, за други само половина празна. На триесеттиот јубилеј од независноста на Македонија и дваесеттиот јубилеј од Охридскиот рамковен договор, Македонија сѐ уште стои во европската чекалница и често се соочува со пречки на внатрешен и надворешен план. Националистичките тенденции и аспирации сѐ уште се дел од политичкото милје на политичките партии и политичките претставници кои во одредени периоди се актуализираат.

Потпишувањето на Преспанскиот договор за момент ја подгреа надежта за конечно зачекорување на Македонија кон европскиот пат. И покрај болните и големи компромиси што ги направи Македонија, сепак, европската перспектива е далечна и тешко достижна. Во овој момент, Договорот за пријателство, добрососедство и соработка само придонесоа за актуализација на замрзнатиот македонско-бугарски спор...

---

5 Река Б. Десет години од Охридскиот рамковен договор. Дали Македонија функционира како мултиетничка држава? Тетово: Универзитет на Југоисточна Европа, 2011 (21)

6 Охридски рамковен договор: „Ќе има целосен прекин на непријателствата и доброволно разоружување на етничките албански групи". „Академик". accessed on August 17, 2021, https://akademik.mk/ohridski-ramkoven-dogovor-kje-ima-tselosen-prekin-na-neprijatelstvata-i-dobrovolno-razoruzhuvane-na-etnichkite-albanski-grupi/

За да излеземе од овој лавиринт на темнина и безидејност, мора да се залагаме  за слободно, демократско и мултиетничко општество, во кое конфликтите од минатото ќе бидат поука за во иднина. На тој начин сите заедно ќе можеме да обезбедиме подобра иднина за сите граѓани на оваа држава.

*(Авторката е докторанд на политички науки на Правен факултет  "Јустинијан Први" во Скопје и учесник на Школа за политики на Претседателскиот Центар за политичко образование. Ирена е активист  во невладини организации  и член на Македонскиот политиколошки форум)*

# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ, ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ОХРИДСКИ РАМКОВЕН ДОГОВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЕВРОИНТЕГРАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ КАКО НАЈБИТНА ОДРЕДНИЦА НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ЗЕМЈАТА

ПЕТАР ЗДРАВКОВСКИ

**КАКО МЛАД ЧОВЕК, СВРТЕН КОН ИДНИНАТА, УБЕДЕН СУМ ДЕКА ДРЖАВАТА ИМА ИДНИНА САМО СО КОНЦЕПТОТ – ЕДНАКВО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ БЕЗ РАЗЛИКА НА: ВЕРА, НАЦИЈА И ПАРТИЈА**

Триесет години од независноста, триесет години полни со предизвици кои успешно ги надминуваме, горд сум што сум поддржувач на сите политики кои мојата земја, Република Северна Македонија, ја водат напред. Силно верувам дека само со: пријателство, мултиетничност, меѓусебно разбирање, толеранција и поддршка за сите етнички заедници можеме да одине, и одиме напред.

Охридскиот рамковен договор е потпишан на 13 август 2001 година и е столбот на државата. Доказ дека е така е и извршната наредба на претседателот на САД, Џозеф Бајден, со која сите противниците на Договорот ќе се стават на црна листа на нашиот стратешки партнер САД. Овој Договор стави крај на воен конфликт, ја испрати пораката на помирување, извинување и простување меѓу Македонците, Албанците и сите други етнички заедници кои живеат во Република Северна Македонија, ни покажа дека треба, и мора, да водиме грижа едни за други. Владата на премиерот Зоран Заев го затвори нормативниот дел од Рамковниот договор со донесување на Законот за употреба на јазиците, закон кој претходните влади непотребно го одложуваа неговото донесување, а со кои помалите етнички заедници ги добиваат своите права. Јас, како Македонец, сум среќен ако граѓаните од другите етнички заедници го добијат

правото да говорат на својот мајчин јазик, никој не губи ништо, напротив, со тоа што сите граѓани нашата држава ќе ја чувствуваат за своја, сите добиваме.

Охридскиот рамковен договор ја забрза и евроинтеграцијата, само четири години по неговото потпишување во мандатот на Владата предводена од премиерот д-р Владо Бучковски и СДСМ, добивме кандидатски статус за членство во ЕУ.

Кога пишувам на оваа тема не можам а да не го спомнам архитектот на Охридскиот рамковен договор, вториот претседател на државата, Борис Трајковски, кој имав чест да го запознам токму кога се водеа преговорите за потпишување на Договорот, разменувавме: мислења, ставови, идеи. Тоа за мене беше вистинска привилегија, засекогаш ќе ми остане во сеќавање неговата реченица: „Подобро илјада денови да се преговара отколку еден да се војува, бевме различни политички опции но имавме иста цел: интегрирана и безбедна држава“.

Владата на премиерот Зоран Заев ја внесе Република Северна Македонија во НАТО и ја оствари првата од двете стратешки цели. Како млад човек, свртен кон иднината, убеден сум дека државата има иднина само со концептот – еднакво општество за сите без разлика на: вера, нација и партија. Охридскиот рамковен договор е колосален и по тоа што ги запре солзите на мајките, солзите на мајката христијанка и мајката муслиманка, кои исто болат.

Сакам да се заблагодарам на нашите пријатели од САД и ЕУ бидејќи сметам дека сè добро што ѝ се случило на нашата земја го има нивниот печат.

Кога се зборува на тема триесет години од независноста, не може да не се спомене Преспанскиот договор, договор кој стави крај на 25-годишниот спор со Република Грција  за разликата околу името на Република Македонија. Овој државнички потег на премиерите Зоран Заев и Алексис Ципрас го поздрави демократскиот свет. Како резултат на тој Договор, Република Северна Македонија денес е горда 30-та членка на најмоќниот воено-политички сојуз – НАТО Алијансата, рамо до рамо со најголемите. Нема поголема гордост кога гледаш како гласот на нашиот премиер Зоран Заев вреди еднакво како и гласот на претседателот на САД, големиот пријател на

граѓаните на Република Северна Македонија, Џо Бајден, и затоа сесрдно го поддржувам овој Договор.

Извршната наредба на претседателот на САД, Џо Бајден, испрати јасна порака дека враќање назад нема. Останува уште многу работа, но патот е трасиран. Република Северна Македонија 11 години тонеше во режимот на Груевски и ДПМНЕ, бевме доведени во ситуација да мораме државата повторно да ја дигнеме од пепел во секоја смисла. Последните 4 години со Владата на премиерот Зоран Заев успешно го правиме тоа, одиме заедно напред. Проектот чиста Македонија нема иднина, само сите заедно можеме да одиме напред, без разлика на: верска, етничка, партиска, полова, сексуална ориентација, во различностите е убавината.

*(Авторот е правен асистент, учесник на Првата школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование и член на Надзорниот одбор на СДСМ)*

# КАДЕ ЌЕ БИДЕМЕ ВО 2041 ГОДИНА?

СТЕФАН ИВАНОВСКИ

**ЗА ДА СЕ ИЗМЕНИ ЖИВОТОТ ВО МАКЕДОНИЈА НА ПОДОБРО, ПРВО НЕШТО ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАПРАВИ Е ДА ГЛЕДАМЕ НА ДОЛГ РОК, ОДНОСНО ДА ИМАМЕ ВИЗИЈА ЗА ТОА КАКО ЌЕ ИЗГЛЕДА НАШЕТО ОПШТЕСТВО ЗА 20 И 50 ГОДИНИ ОД ДЕНЕС**

Оваа година (2021) Македонија слави 30 години независност. Зошто 2041 година? Тоа е 20 години од денес, 2041 година ќе биде 50-годишнината од независноста на Македонија, или популарно наречено: „златен јубилеј". Дали знаеме во какво општество сакаме да живееме во 2041 година? Со што сакаме да се „пофалиме" на тој голем јубилеј?

Во изминативе 30 години, онолку колку што поминаа од осамостојувањето на државата во далечната 1991 година, Македонија нема некои посебни достигнувања со кои може да се пофали. Дали изградбата на неколку десетици километри автопат, реновирање на веќе изградени објекти и менување фасади или имиња на институции е она што суштински му беше потребно на овој народ? Доколку би ја оценувал целокупната работа на политичките партии и политичарите во периодот од осамостојувањето, на скала од 1 (најниска) до 5 (највисока) оценка, таа би била оценета со 1, или „паднал." Оценка од 2 би се сметало за „доволно" за да не се „падне" на испитот на водење на државата во корист на граѓаните.

Во изминативе години, многу мал дел од политичарите и бизнис-заедницата постигнале одлични резултати во делокругот на

своите активности и општото добро, но многу голем дел од нив, несомнено „оствариле“ одлични резултатите на материјално ниво без, притоа, да покажат некои исклучително добри резултати во својата работа и за општото добро.

Со оглед на тоа што целта на овој текст е да нè освести за важноста за гледањето кон иднината, нема истиот да го оптоварувам со статистики за потпросечните достигнувања во изминативе 30 години, туку само ќе земам еден индикатор за вербата на младите во нивната иднина во Македонија како клучен за состојбата во нашето општество. Повеќе од половина, или 58 % од младите, сакаат да се иселат од државата. Ова се податоци според последната телефонска анкета спроведена во 2020 година од страна на ТИМ институтот, а изработена од Младински образовен форум и Фондацијата за демократија на Вестминистер.[1]

Ова е важно бидејќи младите не се иселуваат само за поголеми плати, туку заради подобар живот, што вклучува: примања, можности за кариерен развој, услови за создавање на семејство, квалитет на воздух, услови за рекреација, ефективност на институциите, ниво на корупција, квалитет на здравство, и слично. За да се измени животот во Македонија на подобро, прво нешто што треба да се направи е да гледаме на долг рок, односно да имаме визија за тоа како ќе изгледа нашето општество за 20 и 50 години од денес.

Некој ќе рече, ние не знаеме што ќе се случи по две или три години, а не за 20 или 50 години од сега. Тоа е многу долг период. Но, дали 50 години е долг период за една држава? Ајде да го побиеме овој мит. Кај нас, „визиите“ на политичките партии се сведуваат на четири годишни планови. Четири години е пократок временски од временскиот период потребен за подготовка на бизнис-план за мали бизниси. Администрацијата за поддршка на мали бизниси на САД препорачува 5-годишен бизнис-план за развој на мали бизниси. Ако гоземеме овој пример, нашите државни акциски планови и стратегии се на ниво на мал бизнис, а не на држава. Дури и една

1 Истражувањето беше спроведено преку телефонска анкета од страна на ТИМ институт во 2020 година, а е изработено од Младински образовен форум и Фондацијата за демократија на Вестминстер. Извор: https://republika.mk/vesti/makedonija/pomalku-od-edna-chetvrtina-od-mladite-smetaat-deka-drzavata-se-dvizi-vo-pravilna-nasoka-58-sakaat-da-se-iselat-od-makedonija/

индивидуа има потреби од подолги планови и визии за сопствениот живот од 5-годишни планови.

Еден млад брачен пар на почетокот на формирањето на своето семејство се гледа во следните неколку децении. Првите години младите брачни сопатници планираат каде ќе ги запишат децата во градинка, потоа каде во основно, па средно, па дури и факултет. Ако се одлучат да купат дом или, пак, да се пензионираат во Македонија, тогаш, несомнено, треба да размислуваат на подолг рок.

- Банките даваат хипотекарни кредити до 30 години за кредитобарателите да можат „да си го решат станбеното прашање." Еден млад брачен пар кога купува стан треба да има верба дека во наредните 30 години, или временскиот период за кој земаат хипотекарен кредит, ќе бидат способни да создадат приходи кои ќе им овозможат да ги покријат каматните трошоци. Доколку не можат тоа да го остварат во Македонија, ќе гледаат можности во странство.
- За еден просечен работник да се стекне со право на полна пензија се потребни 40 години работен стаж.
- На ниво на држава треба уште подолгорочно да се планира:
- До 30 години е временскиот период на доспевање на државни обврзници издадени од Република Македонија.
- Најдолгиот период на закуп на градежно земјиште во Македонија е 99 години. Најкраткиот период е 5 години. Ова е според сегашниот Закон за градежно земјиште.

Доколку има процеси во нашето општество кои траат повеќе од 20 или 50 години, на индивидуално, па и на државно ниво, зошто тогаш немаме визија за нашето општество за наредните 20 или 50 години? Тоа не значи дека треба уште однапред да имаме јасно дефинирани чекори како да стигнеме до таму, но важно е да се знае, каде се движиме и сите политички чинители треба да имаат консензус за работа кон заедничката визија. Останува партиите да ги дефинираат чекорите за остварување на заедничката визија, а гласачите да избираат кој подобро и побрзо нѐ приближува кон визијата за подобар живот врз основа на мерливи квалитативни и квантитативни индикатори.

Ни преостануваат уште 20 години до јубилејните 50 години. Со што ќе го прославиме 8 септември 2041 година? Со што ќе се „пофалиме“? Со членство во НАТО и ЕУ?

Во НАТО веќе влеговме, но тоа нема да го дискутираме бидејќи таа „стратешка цел“ се води како остварена. Ако сакаме да влеземе во ЕУ, треба да се прашаме во која ЕУ сакаме да влеземе?

Тенденцијата на нашите сегашни и претходни влади да влеземе во ЕУ (без наша сопствена општествена визија за Македонија) е погрешна. Членството во ЕУ не е општествена визија, тоа е стратешка определба. ЕУ-членството треба да биде индикатор којшто треба да го мериме до кој степен ни помага да ја оствариме нашата визија. Има разлика од нивото на развој и квалитетот на живот од Шведска до Бугарија. Бугарија влезе како најсиромашна земја-членка во 2007 година и 14 години подоцна сè уште е на дното во Унијата по социо-економските параметри. Ако се прашувам, јас сум за поамбициозни резултати (не само во економијата). Верувам дека и Бугарите очекуваат од нивната држава подобри резултати, како и Македонците во својата. На соседите им посакувам висок квалитет и достоинствен живот, но тоа нивното не е она кон кое јас би целел од членството во ЕУ.

Наместо да жалиме, да одредиме каде ние како општество сакаме да бидеме и како да изгледаме за наредните: 5, 10, 25, 50 и 100 години.

Конкретно со пример. За 50 години од сега сакаме да бидеме меѓу првите 5 % од земјите во Европа по благосостојба и стандард на живеење во Европа. Под благосостојба би спаѓале еден куп индикатори, меѓу кои и соодносот меѓу просечните примања и просечната потрошувачка кошница на едно домаќинство.

Доколку сакате да видите пример за визии и идеи за индикатори, можете да ги консултирате визиите за Македонија во 2070 година изработени од Глобал Шејперс Скопје Хаб на следната врска:

https://issuu.com/globalshapersskopje/docs/vodic_za_vizii_za_makedonija_2070

За тие што нема да прочитаат:

- Ова не анти-ЕУ став;

- Ова не е повик за изолација;
- Ова е повик да создадеме наша визија за развој којашто не е водена од туѓи и егоцентрични интереси (како што беше генерално случајот, речиси, 30 години од осамостојувањето).

Која е нашата визија за развој на нашето општество? Каде ќе бидеме во 2041 година? Каде ќе бидеме 50 години од денес?

*(Авторот е член на здружението на граѓани „Глобал Шејперс Скопје“ и основач на „Lifestyle Democracy“, организација која гради глобална заедница каде ќе се учи демократијата да се практикува секојдневно, како животен стил)*

# ЕТНОЦЕНТРИСТИЧКА МЕНТАЛНА НАВИКА – ПЛОДНО ТЛО ЗА ПРОПАГАНДИЗИРАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР

ТАМАРА ЈОВАНОВИЌ

**ФАКТОТ ДЕКА НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД ЕДНО МУЛТИЕТНИЧКО И МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО ТРЕБА ДА ГО ИСКОРИСТИМЕ КАКО ПРЕДНОСТ И КАКО ПРЕДИЗВИК, А ОРД Е КЛУЧНА АЛАТКА КОЈАШТО НИ ГО ТРАСИРА ПАТОТ КОН ОТВОРАЊЕТО НА ЕВРОПСКИТЕ ПОРТИ И ТРЕБА ДА БИДЕМЕ СВЕСНИ ДЕКА ЧЛЕНСТВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА Е ЕДИНСТВЕНАТА ТРАЕКТОРИЈА ПО КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДВИЖИМЕ. НЕ ТРЕБА ДА ДОЗВОЛИМЕ НАТАМОШНА ПОЛАРИЗАЦИЈА НА НАШЕТО ГРАЃАНСТВО ЗАТОА ШТО НА КРАЈОТ ОД ДЕНОТ СЕ ИМАМЕ МЕЃУСЕБНО, БЕЗ РАЗЛИКА НА НАШАТА: ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, НАЦИОНАЛНОСТ И РЕЛИГИЈА. И САМО СО ЗАЕДНИШТВО ЌЕ УСПЕЕМЕ ДА ГО ОСТВАРИМЕ СОНОТ ЗА ВЛЕЗ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

Постојат огромен број на различни мислења и ставови кога станува збор за човековата емпатија и нејзината природа. Всушност, постојат и несогласувања за тоа дали емпатијата воопшто е дел од спектрумот на егзистенцијалните варијабли која е вкоренета во човековата природа, или, пак, е дел од спектрумот на нештата коишто се карактеризираат само како една обична фарса.

Не случајно одлучив мојата мисла да започне на овој начин. Моментално сме сведоци на страшните случувања во Авганистан, најпрво на: борбата за опстанок, борбата за исполнување на основното човеково право на живот, на слобода, на достоинство. Како и за сите нешта, повторно сме поделени со своите мислења и чувства во однос на ова прашање, но клучно е што најголем дел од луѓето се емпатични, сочувствуваат со болката на Авганистанците, пробаат да се позиционираат на нивното место и барем да разберат што се случува. Реалноста е дека секоја девијација од нормалното функционирање на општеството поттикнува чувства кои секогаш се најинтензивни кај оние луѓе коишто се во епицентарот на случувањата. Дали имавме емпатија во 2001 година за другиот, прашање кое се однесува и за „двете страни“?

Иако она што се случува сега во Авганистан и она што се случи во Северна Македонија во 2001 година се разликуваат по многу нешта, сепак, чувствата кај најсилно погодените се исти по природа и по интензитет. Зошто го кажувам ова? Затоа што луѓето: паметат емоции, паметат миризби, паметат неизвесност и страв. Иако имав само шест години, до денес го паметам тој 9 јуни, само два дена по мојот роденден, и битката што се водеше на само 4 километри оддалеченост од местото каде што живеам. Зошто? Кои беа тие, а кои бевме ние, како што кажуваа револтираните луѓе насекаде? Јас знаев само за моите пријатели: Чендреса, Немања, Ајше, Аднан. За моето семејство, за нивните семејства, и за нашата населба во којашто заедно ги прославувавме и Велигден и Рамазан Бајрам. Паметам како тоа лето сите заедно седевме навечер на терасите и ги броевме пукотниците надевајќи се дека токму тој пукот ќе биде последен. Ги броевме оклопните возила што поминуваа покрај нашите улици и се надевавме дека ист број ќе се вратат назад. Го чувствуваме мирисот на барутот и се надевавме дека такво нешто уште еднаш нема да ни се случи.

Се потпиша Рамковниот мировен договор. Договор за пацификација и прекин на воениот конфликт, Договор со кој се уредуваат правата на малцинствата, Договор кој треба да претставува извор на стабилност во едно вакво меѓуетничко општество. Но, зошто тогаш и по 21 година од потпишувањето сѐ уште постојат поделени мислења во однос на неговата природа, во однос на неговото значење, и како дозволивме да се случи еден ваков Договор да биде искористен како алатка на пропагандата на десничарските позиции и тло за разгорување на меѓуетничките тензии? Според мене одговорот е едноставен и може да се објасни со еден збор – етноцентризам.

Етноцентризмот е ментална навика преку која секоја една личност прави ментални групации за да се поедностави сфаќањето за општеството и опкружувањето во целина. Постојат четири теории за оваа појава, од кои за тематиката на Рамковниот договор е најзначаен етноцентризмот, како експресија на социјалниот идентитет, и етноцентризмот како последица на реален групен конфликт.[1] Во

1 Kinder D., Kam C., *Us Against Them*, The University of Chicago Press, Chicago, 2010, стр. 7

рамките на првата спомената парадигма, од особено значење е теоријата на социјален идентитет (Henri Tajfel, John Turner, 1970) која вели дека постои мотивација за поедноставување на нештата и потреба од идентификација со одредена група, притоа прифаќајќи ги и негативните и позитивните работи кои произлегуваат од таа групација. Групациското идентификување во нашиот случај беше направено по однос на етничката припадност и националистичките чувства, па оттука се дојде до зајакнување на етноцентризмот како последица на реалниот групен конфликт. Тоа значи дека групите беа во борба за придобивање на повеќе ресурси, зачувување на својот дигнитет, и сето тоа проследено со чувство на емпатија насочена кон припадниците на матичната група, а со омраза и непријателство насочени кон припадниците на онаа друга група.

Рамковниот договор има за цел да ги минимизира ваквите појави предизвикани од малцински групи од двете страни и да обезбеди мир и сигурност во рамките на оваа територија. Но, одредени политички актери ја препознаа поларизацијата на општеството и преку внимателно испланирана пропаганда успеаја да го негативизираат значењето на овој Договор. Ваквата поделеност беше особено разгорена по „Хашките случаи" и политичкото пазарење на тогашните власти. Со селективното толкување на Законот за амнестија се отелотвори она што се нарекува Критичка теорија, а која наједноставно може да се дефинира како: „Рефлективна теорија која на нејзините агенти им дава знаење кое инхерентно е продукт на еманципација".[2] Тоа, всушност, значи дека Критичката теорија на Франкфуртската школа, претпоставува дека општествените проблеми произлегуваат од општествените структури и културните асумпции, и она што треба да го направиме сега е да ја искористиме оваа теорија како начин за критика на досегашното функционирање и изнаоѓање на нови начини за подобрување на меѓуетничките односи, а не да користиме исклучиво наративни теории кои само ќе ги објаснат феномените коишто ни се случуваат.

Критичкиот пристап кон научното истражување и создавањето на одбранбени механизми против проетничките пропаганди ќе

2 Geuss Raymond, *The Idea of a Critical Theory*, Cambridge University Press, London, 1981, стр. 2

ни овозможат да ја согледаме и искористиме природата на Рамковниот договор токму онака како што било наведено со истиот. Овој документ е од круцијално значење за европските интеграции на нашата држава затоа што токму еден од основните постулати на Европската Унија позиционирани во Повелбата на основните права на Европската Унија, вели: „Се забранува секаква дискриминација врз било каква основа, како што е: пол, раса, боја на кожа, етничко или социјално потекло, генетски обележја, јазик, религија или верување, политичко или било какво друго мислење, припадност во национално малцинство, сопственост, раѓање, хендикеп, возраст или сексуална ориентација".[3] Тоа значи дека секоја држава која има аспирација да се приклучи кон Европската Унија, треба да го гарантира и почитувањето на правата на малцинствата, а во нашиот случај, значи целосно почитување на принципот на недискриминација и рамноправен правичен третман на сите лица пред законот. За возврат, со Охридскиот рамковен договор целосно и безусловно се отфрла употребата на насилството за остварување на политичките цели и се обезбедува територијалниот и унитарниот карактер на Северна Македонија. Оттука, од исклучително значење е еднозначното толкување на ОРД кој е дел од поплочувањето кон патот на Европската Унија и предвидува демократизација, а: „Демократизирањето на длабоко поделените општества се поврзува со т.н. акомодирање на разликите во нив, бидејќи тие се основната тема на политичкото мобилизирање. Имено, станува збор за доминантна дихотомија во научната литература – интеграција-акомодација која се однесува на институционалните стратегии за справување со диверзитетот".[4]

Фактот дека ние сме дел од едно мултиетничко и мултикултурно општество треба да го искористиме како предност и како предизвик, а ОРД е клучна алатка којашто ни го трасира патот кон отворањето на европските порти и треба да бидеме свесни дека членството во Европската Унија е единствената траекторија по која треба да се движиме. Не треба да дозволиме натамошна поларизација на нашето граѓанство затоа што на крајот од денот се имаме

3 Член 21 од *Повелба на основни права на Европската Унија*

4 Чупеска Ана, *Мултикултурна акомодација*, Скопје, 2017, стр. 14

меѓусебно, без разлика на нашата: етничка припадност, националност и религија. И само со заедништво ќе успееме да го оствариме сонот за влез во Европската Унија.

*(Авторката е магистер по односи со јавноста при Правниот факултет „Јустинијан Први", учесник на Првата школа за политики при Претседателскиот центар за политичко образование)*

ISSN 2671-3209